СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Дел. Бр 156

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Третото продолжение на Дваесеттата седница на
Собранието на Република Македонија,одржано
на 31 јули 1991 година

Скопје, 31 јули 1991 година

**СОДРЖИНА НА ДИСКУТАНТИ ОД 20-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 31 ЈУЛИ 1991 Г.**


1, АБДИ ФАИК СТР 116

2. АНДОВ СТОЈАН " 151, 152, 163

3. АНАСТАСОВСКИ МИТКО : 47, 87

4. АТАНАСОВСКИ БРАНКО : 104

5. БОШКОВ ЈОРДАН : 102

6. ГЕОРГИЕВСКИ ЉУПЧО : 106

7. ДИМИТРОВА РАТКА : 139, 152

8. ЗМЕЈКОВСКИ БОРИС : 102

9. ЈОВЧЕВСКИ ЦВЕТАН : 55

10.КОВАЧЕВСКИ КИРИЛ : 54

11.КОВАЧЕВСКИ СТОЈАН : 92

12.КЕЛЕШОВ РИСТО : 121

13.КОТЕВСКИ ЃОРЃИ : 137

14.КРСТЕВСКИ ЗОРАН : 146

15.ЛАЗАРЕВСКА БИЉАНА : 51, 150

16.ЛИЧОВСКИ ВЕЦКО : 94, 136, 165

17. МАНЕВ ЕФТИМ : 46

18.ПАНОВСКИ МИХАИЛ : 42, 157, 159

19.ПОПОВСКИ ЉУБОМИР : 85

20.ПОПОВСКИ КИРО : 70, 142

21. ПЕТРОВ ТОДОР : 140

22.ПЕТКОВСКИ ТИТО : 152, 160

23.РИСТВОСКИ БЛАЖЕ : 13

24.СИМЈАНОВСКИ НАУМ : 124

25.СТОЈКОВ СТОИЛЕ : 66, 84, 87, 141, 159

26.СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ: 138

27. СПИРОВСКИ АЦО : 138

28. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ : 140, 142, 158

29. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР : 99

30. ТУПИРКОВСКИ ВАСИЛ : 20, 58

31. ФЛОРОВСКИ АЛЕКСАНДАР : 122

32. ХАНЏИСКИ БЛАГОЈ : 80, 85, 164

33. ЦВЕТКОВСКИ СТОЈМИР : 88

34. ЦРВЕНКОВСКИ БРАНКО : 126, 130, 144

СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Третото продолжение на Дваесеттата седница на Собранието

на Република Македонија,одржано на 31 јули 1991 година

Седницата се одржа во салата за седници во Собранието на Република Македонија, со почеток во 10,20 часот.

Продолжението на седницата го отвори и со него раководеше господин Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали можеме да продолжиме со работа?

Молам, Службите да информираат дали имаме доволен број пратеници за да продолжиме со работа?

Известен сум дека 72 пратеници се во салата.

Пратениците Александар Гештаковски, Петар Гошев, Љубосав Ивановски, Душко Арсовски, Симон Наумовски, не известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Предлагам да почнеме така што ќе отвориме расправа по точката 1 бидејќи е тука претседателот на Владата, тука е и членот на Претседателството на СФРЈ од РМ, господинот Тупурковски.

Инаку, сакам да ви објаснам дека треба да почнеме сега доколку сакаме да им овозможиме да учествуваат во расправата бидејќи сум известен од госпидинот Тупурковски дека може да остане, поради обврските до 13,00 часот до кога е во состојба да присуствува на седницата.

Збор побара господин Бранко Црвенковски.

БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:

Пред да отпочне расправата по точката 1 би сакал да изразам протест во име на Парламентарната група Социјалдемократски сојуз во врска со однесувањето на министерот за внатрешни работи Мијалков кој во текот на вчерашниот ден, за време на траењето на седницата му се заканил на нашиот пратеник Туше Гошев заради неговиот настап завчера кога се расправаше за Законот за внатрешни работи и предложениот амандман што беше усвоен од страна на Парламентот и тоа во присуство на други пратеници.

Сметам дека тоа не му доликува на министерот за внатрешни работи особено не му доликува да се заканува било кому, а најмалку на пратеник на Македонскиот парламент.

Оттука, како Парламентарна група очекуваме претседателот на Владата по овој инцидент во текот на седницава да даде информација кој е ставот на претседателот на Владата и кој е ставот на Владата по таа работа, уште повеќе што имам информации дека тоа не се случува прв пат министерот да се заканува дека ќе преземе мерки против оние што не се негови истомисленици, а за што може да стане подоцна збор кога ќе го слушнеме образложението на претседателот на Владата.

СТОЈАН АНДОВ:

Ве информирам дека министерот не е тука, тој е службено отсатен, затоа не е присутен во салата.

Дали барате мислење на претседателот на Владата сега.

БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:

Тогаш кога претседателот на Владата ќе биде подготвен да го даде.

СТОЈАН АНДОВ:

Инаку, што се однесува до точката 1 - Актуелно политичко-безбедносна состојба во земјата и Републиката, беше договорено претседателот на Владата да земе прв збор.

Збор побара господин Јакимовски.

ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ:

Почитувани пратеници, почитуван претседателе,

Ми се чини дека завчера, во рамките на истава седница утврдивме точките 1, 2 и 3 да одат врзано. Да се определиме дали остануваме на тоа или не.

СТОЈАН АНДОВ:

Не врзани, една, па друга, па трета.

За збор се јави пратеникот Димовска.

ДОСТА ДИМОВСКА:

Почитувани пратеници, точките 2 и 3, Одлуката за референдумот што ја предложија двете пратенички групи и Декларацијата за самостојност ги одложивме затоа што немавме мислење на Уставната комисија и на ЗПК. Дали претседателот на Собранието овозможил да се достави мислење на овие две комисии, дали е завршена нивната работа за да можеме да преминеме на расправа по овие две точки. Ако не, тогаш не можеме за сите три точки заедно да расправаме.

Пратеничката група на ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство нема да прифати расправа само за првата точка без овие две точки, како што се договоривме пред два дена.

СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам, да се разбереме што се договоривме. Се дого-воривме овие три точки да бидат први три точки. Прва да биде поли-: тичко безбедносната ситуација, втора да биде Одлуката за референдум и трета да биде Предлогот за декларација. Тоа се договоривме. Апсолу-тно не се договоривме да водиме заедно расправа. Тоа не е точно. А, инаку, навистина, комисиите не ја завршиле работата. Меѓутоа, во текот на расправата по оваа точка најверојатно ќе се задржиме доста и ќе имаме пауза, а дадовме на Комисијата за уставни прашања налог како да го подготват документот и Комисијата ќе има седница во паузата, се надеваме дека на Комисијата ќе се постигне договор. Барем завршетокот на работата сега, кога прекинавме со работа, навести можност за договор на сите пратенички групи и затоа е овој оптимизам кај мене дека можеме да почнеме сега, а да ја искористиме можноста додека е господин Тупурковски овде, бидејќи и тоа беше еден од условите на вашата пратеничка група.

Тоа е појаснувањето. Инаку точно е дека комисиите уште не ја завршиле работата по двата документи.

За збор се јави господин Петров.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Пред да се почне со разгледувањето на овие три точки од дневниот ред би ги предложил следниве заклучоци...

СТОЈАН АНДОВ:

Немојте, ве молам тоа немојте. Во расправата предложете ги.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Тоа е во интерес на исходот на расправата.

СТОЈАН АНДОВ:

Но, откако ќе минеме на точката.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Е, па, да кажам, па после коментирајте. Може е во интерес на расправата.

СТОЈАН АНДОВ:

Добро, ама неможе така. Сега можат и другите да отворат расправа по вашите предлози и ние да не можиме да одиме на дневен ред.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Да ги изнесам предлозите па после реагирајте.

СТОЈАН АНДОВ:

Господинте Петров требаше да ми ги дадете, јас ќе ги запознаев пратениците по писмен пат, па ќе се договоревме дали да биде тоа посебна точка или пред точката и тн. Сега, како ќе ги задржам другите да не даваат предлози на заклучоци.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Па никој не вели да ги задржите. Можеби паметно...

СТОЈАН АНДОВ:

Неможе да расправаме по нешто десето што не е на дневен ред.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Ама, е во интерес и на дневниот ред и на расправата.

СТОЈАН АНДОВ:

Вие мислите така, ама другите можат инаку да мислат.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Па добро, јас ќе ги кажам па вие после....

СТОЈАН АНДОВ:

Бидејќи сте така упорен, еве ако пратениците се согласуваат да му дадеме збор.

(Пратениците реагираат потврдно и негаторски во исто време).

Ајде ве молам, да го слушнеме. Бидејќи нема друга спогодба, не бива.

Повелете.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Предлагам:

1. Расправата по трите точки да се води единствено, заради тоа што резултатот од расправата може да реперкуира донесување на Одлуката или Декларацијата од втората и третата точка.

2. Расправата да се води и прашањата да се разгледуваат без присуство на средствата за јавно информирање, согласно на член 475, став 4 од Деловникот, заради постигнување политички консенсус и овозможување на јавноста да не се подели уште во старт при распра-вата заради евентуално меѓусебно конфронтирање и различен приод кон решавањето на овие две прашања.

3. Расправата, после исслушувањето на воведното излагање на членот на Претседателството на СФРЈ од Република Македонија и претседателот на Владата на Република Македонија да отпочне дури после постигнувањето консензус помеѓу претставниците на сите политички субјекти застапени во Парламентот по однос на точките што се понудени.

Ова го кажувам од интерес на исходот по точките што се поставени за да не предизвикаме поделба во избирачкото тело односно граѓаните уште при стартот на расправата.

СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам, по првиот заклучок Собранието веќе се произнесе. Утврди точки и по секоја ќе расправа одвоено. Инаку тоа беше

предложено за двете точки па не беше прифатено да биде заедно.

Вториот заклучок да биде без присуствно на јавноста е противречено со третиот. Ако ние,'по вториот заклучок ги пуштиме само воведните излагања, нема зошто да не бидат за јавноста тие, тие можат да бидат за јавноста, а расправата да не биде, ако распра-вата се води откако ќе се постигне комплетен консензус на пратеничките групи, треба да биде отворена за јавноста, а не затворена. А, велите таа расправа да се води откако ќе биде постигнат консензус од прате-ничките групи. Зар и консензусот ќе го криеме?!

Така што, убав е напорот. Јас грижите ги делам. Исто така сум загрижен да немаме некои последици што не ги сакаме, меѓутоа Собранието за првата точка се произнесе.

Ве молам, да се произнесеме по мислењето и предлогот јас го сватив како предлог на госпоѓица Димовска, да не почне расправа пред да ги имаме актите со мислење на комисиите, извештај од комисиите?

Дали е така.

Збор побара господин Ивановски.

СИМЕОН ИВАНОВСКИ:

Сметам дека не треба да го губиме времето. Да ги слуш-неме уводните излагања, после тоа можеме да дадеме пауза и предлогот на господин Петров заслужува внимание, за парламентарните групи, да постигнат одреден консензус и потоа да се води расправа. Воведните излагања треба да ги сослушаме и да бидат отворени за јавноста. После тоа, нашите различни размислувања евентуално да ги усогласиме, Сега имаме утврден дневен ред, да почниме да работиме и да не губиме време.

СТОЈАН АНДОВ:

Предлогот на Петров во оној дел да се постигне консензус. Сигурно е добар. Меѓутоа, дали "ќе ја одлагаме и расправата по првата точка до тогаш? Тоа е неговиот предлог.

Ве молам, господине Петров, тоа беше вашиот предлог? Нели? (Да).

Тоа е. Одлагање.

Тогаш да ги слушнеме уводните излагања па ќе дадеме пауза.

Се согласувате со тоа или ниту со тоа не се согласувате?

Да се договориме, ова е многу чуствителна работа и треба да имаме договор за таа работа.

За збор се јави госпоѓица Димовска.

ДОСТА ДИМОВСКА:

Почитувани пратеници,

Имам впечаток дека текот на Дваесеттата седница што се одолговлекува веќе неколку дена е предусловен од недоволната подготвеност на седницата. За повеќето точки немаме мислење од комисиите, а се ставаат на дневен ред. Или, немаме мислење од Владата, а исто така, се ставаат на дневен ред. Сметам дека Претседателството создава една збрка и кај пратениците и кај јавноста бидејќи недоволно ги подготвува седниците, не прави претходни консултации а предлага дневен ред.

Сметам дека за точките 2 и 3 е неопходно мислењето на комисиите, бидејќи се од општонародна важност тие два предлози. Во овој случај може да се прифати оваа неподготвеност, овој недостиг да го разбереме, да се прифати расправата за првата точка. После расправата да се направи пауза, за време на таа пауза комисиите да

се состанат, да подготват мислења за втората и третата точка и да продолжиме со втората и третата точка.

СТОЈАН АНДОВ:

Госпоѓица Димовска наместо да предложи и објасни што навистина предлага, ја употреби говорница за напад на претседателот.

Јас морам да објаснам што е точно во нејзиното излагање, а што не е точно.

Точно е само тоа дека за предлозите што пратеничките групи ги дадоа комисиите сеуште немаат дадено извештај од расправата. Но точно е тоа дека ние токму тие точки не ги ставивме на дневен ред се додека немавме мислење од Владата. Затоа беше одолговлечува-Р њето затоа што тие точки беа и менувани, прво, Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ предложи уставен закон, но со писмо а не со текст, па потоа го измени тоа, предложи декларација. Ние моравме да добиеме мислење на Владата. Мислењето на Владата дојде на време, да се разбереме, дојде на време условено од тоа кога дошол предлогот од предлагачот.

На дневен ред можеме да утврдиме штом имаме мислење на Владата, а за расправа е потребен извештај на комисиите. Не за ставање на дневен ред. Според тоа, седницата е сосема добро подготвена во согласност со Деловникот. А, ако политички не одговара редоследот некому, тоа е друга работа.

Инаку, го прифаќам предлогот на госпоѓица Димовска и предлагам да го прифатиме. Тоа значи дека таа се согласува со предлогот на господин Петров и на господин Ивановски.

Да му дадеме збор на претставникот на Владата кој во име на Владата ќе зборува за политичко-безбедносната ситуација.

За збор се јави госпоѓа Димитрова.

РАТКА ДИМИТРОВА:

Почитувани пратеници,

Првата точка е од извонредно значење. Ја чекаме пет недели и сметаме дека не е во ред ако оди само во форма на информација, туку треба да има по неа и расправа...

(Од пратениците во салата се слушна гласно реагирање -Расправа ќе има).

СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам не префрлувајте, дозволете пратеникот да каже што има од говорница.

РАТКА ДИМИТРОВА:

Значи барањето на колешката Доста Димовска е да биде првата точка заедно со расправата и сето тоа да биде, се разбира пренесувано во јавноста.

СТОЈАН АНДОВ:

Сега имаме нова интерпретација на барањето.

Јас се согласувам со она што ќе прифати Собранието.

(Претставниците на Владата реагираат дека предлогот се однесува на тоа после излагањата веднаш да се води расправа).

Значи, веднаш да има расправа. Во ред. Значи, сите прифаќаат. Инаку, овде имаше друг предлог, расправата да се води откако ќе се постигне консензус. Се отстапува од предлогот расправата да се води од кога партиите ќе постигнат консензус. Значи, сега е во ред.

Значи, се согласувате со мојот прв предлог што овде го дадов да минеме на точка 1.

РАТКА ДИМИТРОВА:

(Зборува од место) Дефинирајте го јасно вашиот предлог.

СТОЈАН АНДОВ:

Предлагам да поминеме на точката 1, да расправаме за политички безбедносната ситуација. При тоа да го слушнеме излагањето на претставникот на Владата и членот на Претседателството на СФРЈ од Република Македонија. Потоа да водиме расправа. Да ја исцрпиме првата точка, па ќе дадеме пауза. Комисиите ќе работата на документите и ќе поднесат извештај па ќе продолжиме потоа. Тоа е мојот прв предлог и мислам дека тоа произлегува од дневниот ред што е овде усвоен.

Дали се согласувате? (Се согласуваме)

За збор се јави господин Младенов.

ВАНЧО МЛАДЕНОВ:

Почитувани пратеници,

Имам една сугестија пред да настапат со своите излагања претседателот на Владата и претставникот во Претседателството на СФРЈ од Република Македонија. Со оглед на ситуацијата во која се наоѓаме и со оглед на прашањата што се поставени пред нас и тоа што имаме барања и нашите граѓани да се произнесат во една историска улога односно по едно историско прашање за нашата Република и нашата држава, би сакал да сугерирам до претседателот на Владата и членот на Претседателството на СФРЈ од Република Македонија во своите излагања навистина овој пат да го дадат она што не е дадено преку средствата за јавно информирање до сега односно да не повторуваат она што веќе го имаме слушнато. Затоа што нема потреба да се повторуваме туку напротив мислам дека е време најотворено да го кажат онаштo навистина до сега не е кажано а што било во договорите и расправите и на

нивоата на кои учествувале претседателот  на Владата а уште повеќе членот на Претседателството на СФРЈ, бидејќи овие пратеници имаат право да бидат исцело, правилно и детално информирани, а исто така и граѓаните на нашата Република за да можеме сите заедно да донесеме вистинска одлука во овој вистински момент. Тоа беше мојата сугестија.

СТОЈАН АНДОВ:

Значи, тоа е молба, а немате нов предлог за текот на одвивањето на седницата.

Минуваме на точката 1- Политичко безбедносна ситуација во земјата и Републиката.

Воведно излагање ќе поднесе потпретседателот на Владата на Република Македонија, господин Блаже Ристовски.

БЛАЖЕ РИСТЕВСКИ:

Почитуван претседателе на Републиката, уважени пратеници, бидејќи претседателот на Владата ќе треба да поднесе експозе во врска со Програмата на Владата, ја презедов оваа должност да изнесам некои работи во врска со првата точка за политичко-безбедносната ситуација во нашата Република.

Тука се набележани основните проблеми што се искрснати во овој период, додека оваа Влада е во својата функција, со готовност во дискусијата да се дадат и подетални објасненија и аргументации за одделни ставови и констатации. Ние сме готови по изнесувањето на двете излагања во дискусијата ако биде потребно и ако се побара да изнесеме и такви податоци.

Кога се зборува за актуелната безбедносна состојба во Република Македонија несомнено мора да се има предвид фактот што таа е интегрален дел на општата безбедносна состојба која владее во југословенската заедница и како таква е подложна на сериозно влијание на настаните и процесите што се случуваат во, другите републики и региони, како и на состојбите што се присутни пошироко на Валканот и во Европа.

Во сегашниов миг со право можеме да констатираме дека токму тие таканаречени надворешни фактори имаат доминантна улога и се од битно значење за одредувањето на актуелната политичко-без-бедносна состојба во нашава Република. Вооруежните судири во одделни републики, посебно во Словенија и особено сега во Хрватска и присутните тенденции на поодделни милетантни кругови во земјата тие да се пренесат и во други републики, па следствено и во Македонија се легитимираат како сериозен фактор за загрозување на безбедносната состојба и дестабилизирање на Република Македонија

Ваквите тенденции поттикнати од хегемонистичките амбиции на поодделни национални лидери веќе подолго време се обидуваат целата земја да ја вовлечат во состојба на сеопшта граѓанска војна. Република Македонија во никој случај не може да се доведе во врска со овие негативни процеси што се одвиваат во југословенското општество, меѓутоа во последно време се почести се обидите за нејзино инволвирање во овие дестабилизирачки процеси и искористување на нашата територија за спроведување на сопствените милетантни цели и интереси. Така на пример неодамна некои припадници на Мартиќевата полиција упорно се обидуваа од фабриката од Скопје да набават поголеми количини против градобијни ракети што со мали адаптации можат да се користат за воени цели. На овој план, посебно се активни некои српски националистички партии кои покрај отворе-ните негирања на македонскиот народ и на македонската држава подолго време заговараат формирање паравоени вооружени формации четнички доброволни одреди и сл. и на нашата територија посебно во некои региони каде што за жал, имаат извесна поддршка.

Некои лица од српска националност се почесто шовинистички настапуваат према македонскиот народ заговарајќи формирање некаква нова краина со цртање и на соодветни карти, која што би се отцепила од Република Македонија и би се припоила кон СР Србија. Во овој контекст е и прогласот на таканареченото СК движење за Југославија за формирање свои паравоени формации и паралелни органи на власта. Провидно звучат нивните образложенија дека тоа се прави заради заштита на југословенството или на српството. Во суштина се работи за најдиректна негација на суверенитетот и територијалниот интегритет на Република Македонија и обид за нарушување на општата безбедносна состојба во нашата Република и за предизвикување на меѓунационални конфликти во средините со мешовит состав на населението

каде што од поодамна се присутни извесни нарушени меѓунационални односи.

Како посебен проблем што во последно време се наметна со својата актуелност и сериозност претставуваат и се помасовните реагирања и отворениот револт на граѓаните во Македонија по повод извршената мобилизација на резервистите до страна на ЈНА и некои случаи на некоректен однос спрема нив од страна на некои старешини што создава огромни тешкотии и за Владата и на Министерството за внатрешни работи особено на планот на обезбедувањето на јавниот ред и мир при нивните напуштања на единиците или реагирање пѓред надлежните органи.

Исто така преземањето на поодделни мерки од страна на воените органи со кои се предизвикува незадоволство кај граѓаните на Република Македонија, особено при спроведувањето на мобилизацијата не може да не се одрази и врз безбедносната состојба во Република Македонија. Ова посебно, по зачестените загинувања на македонски војници, појавите на однесување на оружјето од Република Македонија во други делови на Југославија со што навистина се слабее нејзината одбранбена моќ.

Вам ви е познато дека Советот за прашањата на народната одбрана на Македонија има донесено јасни ставови што и се презен-тирани веќе и ан јавноста, а особено во целост на овој Парламент со кој е сосема јасно дефиниран ставот на Македонија во однос на регрутирањето на македонските граѓани, а исто така и во однос на мобилизациите што се вршат во Македонија. Вам ви е познато дека македонската Влада, спроведувајќи го токму тој став на Советот не дозволува заминување на регрутите надвор од Македонија, како и на резервистите надвор од овие граници.

Оние случаи на едно недоговорено претходно нарушување на овој договор со ЈНА претставуваат така да се изразам инцидентни случаи за кои претседателот на Републиката си зеде своја грижа да ги регулира и во иднина да не се повторува. Македонската влада и нејзиното Министерство, се разбира, настојуваат по секоја цена да се држи според одлуките на Советот за прашањата на Народната одбрана на Македонија кои се сосема јасни и децидни. Ние имаме позитивен однос во основната спрема ЈНА, ние сакаме да соработуваме со неа, меѓутоа очекуваме а досега и наоѓаме на израз на добра волја за соработка со раководствата на ЈНА во Третата воена рбласт за да не доага во иднина до немилите случаи што еве како што гледате, ни се отплатуваат со мртовечки сандаци и со погреби. Владата на Македонија и понатаму повторувам ќе ги вложи сите напори да се држи стриктно според заклучоците на Советот.

Подолго време присутните нарушени меѓунационални односи посебно во Западниот дел на Македонија предизвикани од дејствувањето на лица од позиции на албанскиот национал-шовинизам и сепара-тизам иако во овој период не е регистрирана тенденција за нивно натамошно влошување, остануваат потенцијален и сериозен фактор за дестабилизација на оваа Република. Во прилог на ова зборуваат и најавите за прогласување на некаква автономија во Западниот дел на Македонија , а пред се неодамнешната декларација на албанските партии на Македонија ПДП и НДП во која се најавува барање албанската народност во Република Македонија самата да одлучи со кого ќе живее, доколку не успеа договорите за идното југословенско уредување како и едно самоволно спроведување, некакви анкети по илегален пат за присоединување на оваа народност кон Косово и Република Албанија. Исто така, регистрирани се бројни обиди и најави од припадниците на оваа народност за одредени мерки за

наводна самозаштита таканречени селски стражи со кои само се подгреба една воена психоза и се создава напната атмосфера во меѓунационалните односи што се јавува како жариште за евентуални судири врз меѓунационална основа.

Слични активности пројавува и албанската непријателска емиграција како и одредени националистички кругови од Република Албанија која покрај будното следење и исчекување на натамошниот развој на состојбите на Југославија и Македонија преземаат одредени активности за поддршка на сепаратистичките активности во Македонија. Исто таков однос и интерес на разузнавачки план пројавија и Грција и Бугарија кои поаѓајќи од нивните стратешки интереси познати уште од поодамна со полна мобилност и внимание ги следат настаните во СФРЈ, со соодветни воени подготовки, со концентрација на единици на границата спрема Македонија. Притоа, врховистичките кругови во Бугарија продолжуваат со негирање на самобитноста на македонскиот народ, додека Грција упорно се обидува да го спречи афирмирањето на една македонска држава. Овде должен сум да додадам дека особено со посетата на нашата делегација на чело со претседателот на Владата во Република Албанија беа постигнати одредени договори и во однос на овие прашања што беа предмет на нашето излагање. Ние сакаме да веруваме дека Република Албанија согледувајќи ги реалните состојби и почитувајќи ги принципите на КЕБС и на сите други меѓународни акти и договори ќе води сметка и нејзините можеби и помили санкции организации и групи да поведат поголема сметка за територијалниот интегритет на Македонија и за немешањето во внатрешните работи на оваа држава. Уверувањата што стигнаа од највисокото место од Албанија неи ги прифаќаме со големо задоволство и сме уверени дека и во идните претстојни договори што треба да уследат за регулирање за меѓусебните не само економски односи ќе бидат предмет

и овие прашања на разгледување и ние како Влада ќе направиме се за да можеме да и ги изложиме ние од наш аспект некои гледања и акции на ПДП и НДП кои во овој момент го рушат стабилитетот на нашата Република. Веруваме дека раководството на Република Албанија ќе ги оцени овие акти и акции и ќе ни се придружи во заедничките напори за стабилизирање и натаму на овој мирен кат од Југославија.

Општите состојби на Планот на заштитата на јавниот ред и мир, сообраќајот, заштитата од криминалитетот и друго засега се поволни, а одделни тешкотии на овој план се присутни токму во туристичките места поради големиот број домашни и странски гости што резултира со зголемена фреквенција на граѓани и возила и предизвикува отежнато одвивање на сообраќајот.

Еден од проблемите со кои Македонија се соочува во псоледно време е големиот број илегални влегувања посебно на албански граѓ-ани во нашата Република и вршење разни кривични дела што како појава достигнуваат веќе загрижувачки размери и тешко може да се контролираат. Македонската Влада и во овој поглед ги презема нужните мерки за санирање и спречување на овие појави. Владата на Република Македонија преку надлежното министерство за внатрешни работи со будно внимание ги следи сите појави и процеси што имаат негативни реперкусии врз безбедносната состојба во Република Македонија и ги презема сите законски мерки за да обезбеди мир и спокојство на граѓаните во Републиката.

Владата тргнува од сознанието дека една суверена и само-стојна по своите дејствија Македонија претставува важна алка и услов за онаа цел што овој Парламент веќе си ја постави за созда-вање на еден сојуз на суверени, суверени подвлекувам, држави на Словенија, Хрватска, Србија, Босна и Херцеговина, Црна Гора и Македонија. Во еден таков сојуз оваа суверена и независна

во своите дејствија Македонија е готова и натаму да го обезбедува мирот на ова подрачје со средствата што и стојат нејзе на располагање ангажирајќи секакви други инструменти што се во нејзината моќ.

Владата ќе презема најенергични мерки за спречување на какви и да се создавања на паравоени формации без оглед партиска, национална, идеолошка или друга припадност со цел да се спречат сите можни извори за предизвикување меѓунационални судири, за што ние не сакаме да дозволиме во каков и да е степен дестабилизација на овој простор што можат да бидат погубни и предизвикуваат тешки последици за правата, слободите и сигурноста на сите граѓани во Република Македонија.

Благодарам.

ВАСИЛ ТУПУРКОВСКИ:

Почитуван претседател, почитувани пратеници.

Јас, се рзбира, ја. респектирам сугестијата на уважениот пратеник, подготвен сум да одговарам и на прашања до колку се наметнат и по расправата, сакам да предочам една анализа што е релевантна за политичко-безбедносната состојба во земјата.

Анализата е базирана на тоа што се случува како секојдневна империја, но не се зафаќа со конкретните показатели. Од нив излегува ова мое гледање на развојот на политичко-без-бедносната состојба во земјата.

Поаѓај од проценката дека опасноста од општа војна е се поголема во Југославија. Не се работи за судирања што можат веќе да  останат само на лимитиран простор, некаде далеку и од Македонија, туку дека заради разни индикатори што ќе ги споменам се приближуваме и јас лично до проценката за опасност од општа војна. Има се поголем број на жртви и кога ќе тргне таа неразумна логика да ни се прифатливи 10 на ден или 15 на ден и тоа да биде едноставно епилогот на секој ден што одминал, а наредниот сосема јасно ќе ги донесе повторно оди во прилог на една ваква констатација. Тоа зборува за остри-ната, за масовноста на судирите сега во Хрватска, зборува за квалитетот на оружјето што се користи, вооруженоста се шири на сите слоеви на граѓаните и се плашам дека е поминат моментот кога може со сигурност оние што претставуваат власт и во Хрватска и пошироко каде може да се претпоставува дека или се инспирираат или се раководат овие судирања можат да ги контролираат.

Има се поголеми докази за спомнатите- вооружени судирања, а во услови кога е веќе непречен увозот, трансакциите, контрабандата со секој вид на оружје до најтешките видови вклучувајќи ги и средствата за воздушна борба и војна, оваа претпоставка навистина се претвора во реална проценка.

Понатаму, е релевантна блокадата на институциите. Таа не е случајна и не произлегува само од полизицијата на интересите на републиките како суверени кои сакаат своите суверени права да ги обезбедат 100% во некоја апсолутна смисла, а во тоа одредена пречка им претставува ингеренциите на сојузните органи и на договорите за функционирање на тие органи од уставен карактер, од политички карактер, од законски карактер. Мислам дека блокадата е во голема мерка инспирирана во овој момент со неможноста да се донесуваат ефикасни мерки за да се спречи натамошниот хаотичен тек на оваа ситуација.

Тргнете од пропагандата. Таа е воена пропаганда по класичен терк по припрачен и класитечена затоа како се изведува пропаганда за да се држи цело едно население хомогени-зирано за да се спротивставува на други групации што се разли-куваат по националната припадност и да се подготвува атмосвера за сеопшто судрување.

Крајно е деструктивна пропагандата во Југославија, а згора на тоа ограниченоста и со лимитираноста на информативните простори на териториите на републиките, нивната неповредливост во смисла на пенетрација на објективни информации или барем на друг вид информации за да може некој сам да донесува некои заклучоци, се манипулира со комплетни народи и со целиот број на граѓани и граѓанки во републиките. Тоа нема никаква врска

со демократизацијата на општеството и со толку значајната компонента, информацискиот, целокупниот информациски спектар за да можат тие процеси понатаму да напредуваат. Се помала е волјата да се спречуваат судирите и тоа се гледа по невозможноста и кога ќе се договарат одредени мерки кои евентуално можат да продуцираат мирољубиви и демократски разрешувања или мирни раз-решувања или прекин на оганот и т.н. Дури и поширока партиципација - меѓународна се произведуваат ситуации кои ги оневозможуваат овие напори и евентуално реалноста на мерките кои би го спречиле ширеењето на воените операции.

Во таква смисла ја гледам и вчерашната седница на Претседателството каде што под различни изговори се одвлекува вниманието од она што мораме да го направиме, а тоа е конкретизација на инструментализација на прекинот на оганот во Хрватска за да можат да се отворат перспективи на евентуално политичка солуција.

Последиците од сета оваа опасност од општа војна се огромни, тие се катастрофални за секој поединечно во оваа земја што значи можат да бидат со такви консеквенци и за нашата Републиката и не треба воопшто да не смирува фактот што во овој момент ние сме физички оддалечени од тие конфраглации или пак сме со огромна политичка волја и со огромна граганска војна да останеме Република на мирна состојба и на мирољубиви и демократски опции. Треба да се води сметка дека потенцијалот на оваа општа војна во Југославија е таков што нема да остане дури лимитиран на југословенските граници и мислам дека во европска смисла се отвораат бројни дилеми за поставувањето на европските фактори спрема тој развој на ситуацијата во земјата.

Посебно значење во оваа смисла за опасноста од една вакква општа и масовна војна што би ги зафатила сите прос-тори во Југославија, сите граѓани, сите народи е комплексот класична војна - социјална војна и неизвежноста на нивното соединување во еден драматичен момент кој стои пред нас. Мислам дека од таму определеноста на републичките врвови, пред се мислам на Хрватска и Србија, за неизбежноста на оваа класична војна како нешто што евентуално може да се добие. Има неразумно размислување во милитантните кругови, во политичките кругови инволвирани се комплетните политички структури и јас повеќе не би зборувал за екстремни кругови во тие републики, се работи за функционирање на политичкиот систем, на интегралниот политички систем, за ставовите што се заземаат во собранијата, саборите, на владите и т.н. дека треба да се одложи решавањето на социјалните проблеми, тоа е предуслов да се стабилизира власта на оние што ги добиле изборите, а тоа одлагање во случај кога имаме катастрофален пад на индустриското производство, кога се заканува пад кој ги отвора сите опции за социјален бунт и за социјална катастрофа повеќе од 50-60% заради финансиската агонија на земјата, заради економската и финансиската изолација на Југославија и неможеме повеќе и не сметаме повеќе на ни еден свеж долар во комуникацијата што е финансиска со било кој европски или светски или комерцијален субјект со што навистина се отвора прашањето и опасноста од поведување на општа класична војна за да се избегне неможноста да се добие социјалната војна во овие околности. Сами овде сме констатирале и мораме уште еднаш тоа да го сториме, а подоцна ќе кажам само 2 збора за таа наша одговорност која секако ја сметам за лична одговорност, неможноста

што можеби е објективна, но треба и голема субјективна воља таа да се деградира како објективна се пресели малку и на потребата за наш активизам да решаваме социјални проблеми. Се знае колку е тоа сложено и тешко во услови на вака длабока економска и финансиска агонија, меѓутоа, неизбежноста од таа социјална деградација нас не тера сега во општа класична војна, бидејќи ладнокрвно се размислува за тоа дека класичната војна може да се добие некој во конфликтот ,меѓу Србија и Хрватска на крај смета дека може да излезе како победник со тоа да се одложи релативизирањето на политичката власт, на политичката моќ која секако е на дневен ред преку социјалниот бунт и преку социјалната деградација на условите на животот на граѓаните.

Сакам да видам која Влада во Југославија во овој момент може да каже дека, не навлегувам во активностите и не мора да се однесува тоа од случај во случај на секоја конкретна ситу-ација, може да каже дека е успешна во надминувањето на социјалните проблеми на граѓаните. Повторно велам дури и на најобјективен начин.

Застојот на преговорите за моделот на идните односи оди во прилог на едно вакво општо влошување на состојбите во земјата затоа што тој е директно врзан за застојот на демократските процеси. Штом нема натамошен напредок на планот на демократизирањето на сопствените односи, овој застој станува состојба на работите. Тој стимулира едностраност и ние можеме да го видиме преку нашето приближување кон се поголема опција за еднострани мерки иако најверојатно во голем број случаи немаме никаква друга алтернатива затоа што едностраните акти, едностраните

однесувања на други субјекти во Југославија би направиле од нас неодговорни, несериозни до колку не ги заштитиме сопствените интереси. Меѓутоа, како појава таа не стимулира јакнење на сувереноста, не стимулира респект за човечките и националните права, туку како еднострано однесување секогаш е на сметка и на тие човечки и национални права и на интересите на граѓаните и во крајна линија сакам да подвлечам е на штета на сваќањето дека на тој начин ќе може да се стимулира поголема сувереност, подостоинствена позиција на републиките и на власта во тие републики.

Сетоа ова е еден претек за хаотична дезинтеграција на земјата и веќе е раширена проценката кај најсериозните наши партнери, јас мислам дека ние неможеме да размислуваме за некои други проценки, сите работи се движат на таков хаотичен начин дека дезинтеграција што би се постигнала по пат на договор, по пат на почитување на вољата на граѓаните и на нивните републики и обратно, како сакате, е во Југославија како мирна дезинтеграција односно демократска дезинтеграција практично невозможно. Одтаму е целиот хаос во процесите на дезинтеграцијата затоа што се водат врз основа на екстремни политики, на радикализирање на сите односи во земјата и на секаков вид на дестабилизациони аспирации кои ги отвораат сите прашања во земјата. Не постои повеќе проблем или прашање или историска тема или актуелна тема што на некој начин во контекстот на радикализирањето на односите помеѓу различните субјекти, помеѓу републиките, помеѓу народите на меѓуетнички и на социјален план не е на дневен ред во поли-тичките платформи на разни снаги. Тоа ние го гледаме и дури

денеска потпретседателот изнесе некои од тие моменти во контекстот на аспирациите спрема Македонија и дестабилизациските активности на разни субјекти спрема Македонија, но тоа е еден општ генерален процес. Внатрешните граници се на тапет иако се објаснува тоа на различни начини како воља на народите, како неотуѓиво, неприкосновено право народите да одлучат за тоа каде ќе живеат, со кого ќе се здружуваат и т.н., а се игнорира цел систем на односи што до некаде е стабилизациски фактор не само во Европа, туку би требало тоа да го обезбеди и за секој субјект внатре во Европа па и пошироко, што значи за нашата земја. Се негираат суверените права на другите субјекти, се загрозува територијалниот интегритет со физички методи, значи со кон-кретни дејанија и сите историски прашања се отовраат при што се суспендираат само животните прашања тие што навистина го определуваат квалитетот на живеењето во оваа земја за секој граѓанин, за секој народ, за секоја република.

Ние вистински теми за расправа немаме со месеци и претпоставувам дека во процес на хаотична дезинтеграција ќе ги имаме се помалку.

Во овој контекст е положбата на ЈНА. Ставањето на ЈНА во полициска функција е неодрживо, затоа што Армијата не е полициска снага, од друга страна констелациите и односите на снагите одлучи за таква употреба на ЈНА како неизбежна употреба и тука е основната контраверза и противречност на положбата и на однесувањето и на ЈНА во актуелнава кризна си-туација во земјата и на однесувањето на републиките односно на политичките субјекти спрема ЈНА. Таа е предмет на анти

расположение, тоа не треба да се докажува, од друга страна исто така мислам дека може да се докаже дека е релативна не-адаптибилност на Армијата на реалните процеси во Југославија. Ние меѓутоа не можеме на вистински начин да расправаме за адаптирање на таа положба внатре во системот и во склад со интересите на републиките, граѓаните и на политичките субјекти, туку се создава ситуација на опасна автохтоност во однесувањето на армиската структура од една страна, а од друга страна на таков притисок што не овозможува објективизирање и на таа положба и на интересите на одбраната на она што е клучен интерес за што постои ЈНА, а од тој аспект понатаму ако ги разви-вате работите се разбира и од аспект на интересите на репуб-ликите што го гледаме во отежнатата комуникација со армискиот врв, па и на начин како што беше објаснето иако со доза на една конструктивност во односите помеѓу нашата република и тој армиски врв.

Односот на републиките спрема ЈНА е актуелизиран на најразлични начини и инспириран на најразлични начини и се разликува од република до република. Крајна деликатност предизвикува положбата на ЈНА во кризните жаришта. Замислете сега како тоа ќе се реперкуира во услови да е точна проценката за опасноста од општата војна на сите простори каде што очигледно реално е ситуирана и стационирана ЈНА. Ние не сме надвор од проблемот на тоа да ги регулираме конукациите со ЈНА и како кризно жариште.

Положбата на ЈНА во врска со состојбите во Словенија, јас за тоа го известував барем на 2 наврати нашето

Собрание, објективно беше извонредно тешка и присуството на Армијата во Словенија во услови кога не се респректираше Брионската спогодба и од страна на Република Словенија еве да го проширам тоа и на другите фактори кои беа одговорни таа да се почитува и да создаде околности за надминување на крајно влошените состојби во Словенија беше и можеше да биде фактор на нови непријателства.

Одлуката на Претседателството на Југославија за повлекувањето на ЈНА беше драматичен и радикален чин, јас во овој момент не сакам да одам надвор од тоа што го кажав на седницата на Претседателството на Југославија кога се донесуваше одлуката, ја имам тука стенограмата, неавторизирано, дури 2-3 места, ќе бидете добри да ми овозможите да ги прочитам.

Затоа мислам дека единствен излез како што мислев и во масрт, тоа се оние седници кога одлучувавме за тоа кога треба да се донесат одлуки за вонредна состојба во земјата или не и сега во драматичниот пресврт спрема преговорите и мирниот расплет се гаранцијата дека сите ќе се свртат кон нивната опција. Кој би ја дал таа гаранција? Претседателството мора вечерва да излезе со таа гаранција овде врз основа на политичките опре-делби на секој член на Претседателството. Дали републиките ќе застанат зад тоа или републичките врвови не треба да биде првокласно прашање за Претседателството. Ние треба да се убедиме овде дека тоа мораме да го искажеме денеска и дека носиме одговорност за таа гаранција. Тогаш можеби ќе биде сватена одлуката која ја предлага ССНО можеби ќе имаме и повеќе поддршка инаку ќе биде сешто околу реакцијата и околу практичното

чинење во републиките, меѓу народите, меѓу регрутите, меѓу националностите и т.н. Навистина би сакал и нема ни еден друг начин јас да ја прифатам оваа одлука такви гаранции сега да дадат членовите на Претседателството ние да го постигнеме тој политички став и да го соопштиме на јавноста вечерва.

Во овој момент се гледа воена еуфорија во земјата и евидентни се подготовките за војна. Најмал доказ за тоа е пропагандната машинерија, гласилата и медиумската војна. Затоа барам југословенски самит тој веднаш да се одржи врз консенсуална основа да го разреши прашашето на војната и мирот, да го тргне од дневен ред тоа прашање за да може да се занимаваме со сите други прашања. Доколку го нема, ова е најважно, тој итен самит и доколку нема успех и договор на тој самит односно на првиот дел за принципите на мирниот расплет, неупотребување на сила, договорни и политички солуции за идните односи затоа што ке влеземе во виорот на војната, практично веднаш, морам да кажам следното: дека Република Македонија ќе го побара враќањето на војниците од Македонија во Република Македонија, ќе престане да упатува регрути во ЈНА надвор од територијата на Република Македонија и ќе смета дека оваа одлука се однесува и на Република Македонија доколку самитот пропушти да гарантира и да обезбеди мир.

На сите нас би ни користело да се растеретиме од опасноста и заканите од војната и воените опции. Тоа би можело да ја отвори вратата на финансиското консолидирање или барем санирање на нашата моментална состојба врз основа на спремноста на европската заедница и на групата 7. Нивните

ставови се познати и мислам дека сеуште имаме потенцијален кредибилитет и да ја стимулираме таа нивна спремност во наша корист. Мислам дека сеуште имаме таков кредибилитет.

Претседателството би требало да се обрати на јавноста денеска и својата нова определба, затоа што многу се сомневаат во таа наша определеност и оправдано на крајот на краиштата и неефикасноста е доволен доказ на определеноста за кои солуции се залагаме и колку се ирационални меѓу нив. војната на прво место да изнесе и побара поддршка на најшироката јавност во овој драматичен пресврт кон мирен расплет. Без тоа обраќање денеска и без целосен консензус, Претседателството на Југославија денеска сите сме овде и нема исклучоци јас не можам да се изјаснам за понудените одлуки, а за тоа да не се дефинира императивен мандат во Собранието на Македонија како што го имаше Јанез Дрновшек за својот предлог и за своите ставови.

Личниот став го изнесов и воопшто не е според како и да биде прикажан тоа е мој личен став, но тој не е доволен, Реков на кој начин ќе гласам за одлуката, ако навистина сме определени за мир, за секого во оваа земја одиме да се договориме врз тие основи.

Тоа е моето автентично залагање и определување на седницата на Претседателството, а го издвојувам од овој аналитичен пристап на ваков конкретен начин затоа што е составен дел на проценките за положбата на ЈНА и за нејзината улога во надминувањето на опасностите од оваа општа војна.

ВАСИЛ ТУПУРКОВСКИ: (продолжение)

Меѓународната димензија секако е составен дел на политичко безбедносната ситуација и на оваа актуелна ситуација денеска. Ние сме во постојан тренд на релативизирање на нашата меѓународна положба, не само затоа што е извршена интернациона-лизација на Југословенските состојби и на кризата, што на крајот на краиштата може да се покаже како еден од клучните елементи на надминувањето на таа ситуација, туку затоа што е по пат на ваквиот опаѓачки тренд на нашата меѓународна положба извршена ревитализација на разни геостратешки опции спрема Југославија, што значи и спрема Македонија, при што е голема загрозеноста на нашите надворешно политички приоритети.

Деградираната положба на Југославија ги дестимулира партнерите да комуницираат и со републиките. Не би бил за тоа да изведеме погрешен заклучок или да западнеме во опасноста на еден непродлабочен начин да изведеме оценки од одредена зачестеност , фрекфентност на контактите што можеме да ги остваруваме и како Република и како републиките, не зборувам сега за Македонија, подоцна ќе кажам неколку збора за Македонија, воопшто за републиките дека е тоа всушност скоро автоматски јакнење и на меѓународната положба на републиките.

Мислам дека деградираната положба на вкупната меѓу-народна положба на Југославија, на вкупниот квалитет на меѓународната положба на Југославија се реперкуира негативно врз положбата на секоја република и на сите републики. Какви одго-вори и која политика може да биде продуктивна визави проблемите што сега ги изнесов и кои се обидов да ги анализирам.

Првиот за опасноста од општа војна. Секако е централно прашање на моментот прекинот на непријателствата. Но прекинот на непријателствата ако не е пресуден со една интензивна активност да се создадат услови за да се надминат проблемите во мир, ќе трае колку што ќе трае, па дури и да биде обезбеден на крајот ќе заврши со уште помасовни судирања. И затоа е неопходно да го следи процесот на демилитаризација на општеството, во републиките, дезангажман на оружаните снаги, демобилизација и на ЈНА па и на вооружените снаги во републиките, враќање на единиците на ЈНА во касарните и гарнизоните и одлука помеѓу републиките по пат на политички договор за положбата и вкупниот третман на комплексот на одбраната во идните односи. Незадоволството што се преточува преку антирасположение спрема ЈНА, јас би се залагал за тоа да го пресвртиме во една активност, да ја регулираме положбата на одбраната во идните односи. Можеби, заради актуелноста на тој ангажман што едни го сметаат за оку-пација, други го сметаат за одбрана на националните интереси, трети за спречување на меѓунационални судири итн., тоа е прашањето од кое што ќе мора и да се тргне и тоа итно, затоа што без ангажманот на сите овие огромни оружени сили во земјата се смета во овој момент да има надвор од составите на ЈНА повеќе од 200 илјади организирани припадници на разни воени снаги во земјата. А дека тој број може да се зголеми затоа што практично се неограничени можностите да се набави и да се дистрибуира оружје од секаков вид, од секакво потекло со огромна разурнувачка моќ , бара на ова прашање, на положбата на одбраната со што би се имплицирала и положбата на ЈНА да биде разрешено како контекст на идните односи во земјата, а пак актуелните проблеми на војната

и на мирот односно на употребата на оружје преку прекинот на непријателствата дезангажирањето на оружените снаги и демобилизацијата што би ги опфатила сите вклучувајќи ја и ЈНА, да даде конкретен контекст за да се регулира овој на еден начин, на еден начелен и догорочен план.

Кај социјалната димензија што ја споменав јасно е дека е неопходно итен ангажман за функционирање на државата во времето на мораториоумот за да можат економските , финансиските функции на таа држава, колку толку работите да ги држат под контрола, да не се појави повторно хиперинфлацијата, недостатокот на стоки, потполен пад на вредноста динарот , изолацијата што веќе постои да може да се трансформира во една финансиска кому-никација, економска комуникација со заинтересираните партнери итн.

Финансиската поддршка што во овој момент е толку пресудна, а која што, како во вид на ветување, во вид на проекција ние ја обезбедуваме од ден во ден , преку тие комуникации, без да биде физички присутна и упатена спрема нашата земја, е усло-вена од санирање на овие акутни состојби во земјата. Па молам, нека кажат и самите граѓани дали можат да толерираат вакво однесување на нивните политички структури и на нивните власти кои што дури и да се влезе во некоја еуфорија на голема воена победа итн., некое време после тоа, и тоа не долго време, ќе ги однесе и перспективите и животот и квалитетот на тој живот и ќе не доведе назад во една катастрофална социјална ситуација.

Застојот на преговорите. Ние се залагаме, се разбира, за обнова на преговорите. Можеби се значајни многу тука прашањата на Брионската спогодба, заедничката Декларација од Бриони која

што постави одредени принципи на тие преговори, која што ги инволвира надвор од нашите внатрешни преокупации меѓународните документи, меѓународните принципи, меѓународните категории, тоа е од огромен интерес и за нас. Тоа мислам дека треба да се интензивираат, да се започнат пред се, па потоа да се интензи-вираат тие преговори. А унилатералноста во однесувањето на субјектите, навистина да престане, за да може да се инагурира еден договор кој што би обзебедил општи интереси и кој што би ги обезбедил посебните интереси на секој субјект и на сите републики.

Идните односи мора да дојдат на дневен ред. Актуелноста на Сојузот на суверените држави е поголема од кога и да е и во нашите консидерации не може да биде релативизирана. Самостојна Македонија и независна Македонија е предуслов за да се оствари една таква непречена позиција, непопречувана и неза-грозена позиција на Македонија и во тој Сојуз. Работите не се неспоиви и не треба да ги апсолутизираме и овде во Македонија, како да Сојузот на суверените држави е против суверена Македонија, а пак самостојна Македонија ја анулира опцијата за Сојузот на суверените држави, како интерес на Македонија, туку е неопходно, откако и задолжително ќе провериме, и не треба никој да негува никакви илузии дека можат да се изоставаат граѓаните од оваа историска одлука. Не ми е обичај да потсетувам на тоа кој што зборувал и како зборувал, но во тие седум-осум пати јас што сум имал привилегија да се обратам на Парламентот, секогаш точка една, колку и да била ирелевантна во тој момент, била дека граѓаните мора да одлучуваат за есенцијалните прашања на оваа Република.

Нема кој друг да одлучува. Ние го имаме само мандатот на тие граѓани и не некој сопствен и од таму мислам дека ако размислиме подобро и посебно ако, врз основа на објективни показатели ја изанализирама нашата моментална положба, нашата положба што ќе не карактеризира во наредните година или во наредните пет години дека ќе дојдеме до многу поголем степен на единство и дека во процесите ќе учествуваме со најдобра намера, а ќе бидеме спремни не само за сите импликации, туку и за сите опции што евентуално, можеме сами да ги одбереме како свои или па, дури и да ни бидат наметнати за да го спречуваме нивното дејство во онаа мерка во која што мислиме дека тоа негативно се покажува за нашава Република.

Кај дезинтеграцијата, Мислам дека ние мораме да даваме свој придонес тој да се претвори во еден сериозне процес за регулирање на меѓусебните односи е хаосот и екстремизмот да се заменат со умереност и реализам. И тука нашата улога се покажува на Република Македонија како значајна и незаменлива.

Стабилизирањето на ЈНА врз релативни основи, по мое длабоко уверување е потребно. И еве ќе Ви речам зошто? Дезинтеграцијата на ЈНА е трасформирање нејзино во републички армии и рапидно влегување во општа војна. Тргнете од таа претпоставка и да разговараме, ако сакате, за сите аспекти на таа дезинтеграција на ЈНА, кој користи ги носи и кој опасности во овој момент. А регулирањето на положбата на одбраната и во тој контекст и на ЈНА во контекстот на идните односи е нешто сосема друго и тука мислам дека можеме да дојдеме до голем и до најголем возможен степен на единство во Републиката. Одбегнувањето да се

стабилизира во релативна смисла ЈНА во овој момент, под услови кои што би значеле и нејзино враќање во гарнизоните и нејзина демобилизација до степенот кој што ќе одговара од опасностите на општата војна е нешто што ќе задира во некој многу значајни интереси, јас ќе ги споменам сега.

Димензијата на одбраната на екстерните граници во состојби на можни територијални аспирации, за кои се согласу-ваме дека постојат, дека се оживеани, дека се ревалитизирани итн. Немаме право без крајна сериозност да го третираме прашањето и на екстерните граници. И мислам дека тоа би бил составен дел на една катастрофална проценка за нашата одговорност, дотолку сметаме дека тоа во овој момент воопшто нема никакво значење и дека опасностите за вкупниот Југословенски простор, и да го заборавиме, да се преселиме на Македонскиот простор се толку стабилни и толку сталожени, и со во такво окружување каде што историјата е историја, запечатена еднаш засекогаш, а перспективите се отворање на тие граници и бог знае какво благососедско регулирање на односите. Таа интенција е наша, во секој случај, меѓутоа, немаме право, несериозно да ги релативизираме проблемите и со стабилноста на екстерните граници, што значи и со границите на нашава држава, на Република Македонија.

Во контекст на мирен расплет на кризата, положбата на ЈНА е едно и мислам дека таа може да се држи под контрола и по пат на политичка контрола да се практицираат оние решенија што нема да ги загрозуваат интересите на републиките, на родителите, на семејствата итн.

Нашите опции во случај на понтамошно заострување треба да бидат во склад со условот што е дефиниран тука во Републиката за безбедноста на нашите граѓани и вкупниот однос кон ЈНА во такви консталации и тоа што го читав од стенограмот за мене е нешто што е со непроменливо значење, а верувам дека може да се генерализира како односи тука на Републиката према тој проблем.

Конечно околу меѓународната димензија, бидејќи ја споменав зборувам за некои излезни решенија, гледам во учеството на Европската заедница низ разните аспекти на нејзината мировна мисија во земјата, преговарачка мисија. Мислам дека ние сме сосема блиску до моментот кога треба да се определиме и да затражиме и посредување во нашите односи, во нашава криза, дека би било блиску до нова нерационална определба, нова нерационална политика, да мавтаме со знамето на некоја апсолутна форма на независност, која што ги отфрла мешањето во внатрешните работи, неприфаќајќи ги новите реалности во Европа каде што мешањето во внатрешните работи кога е предмет на официјалните односи е скоро и возможно да се стави под контрола, а по пат на технолошкиот, културната пенетрација, научнта, финансиската, економската итн., отвора секакви други можности за такво влијание, па дури и за мешање.

Консолидираше на меѓународната положба е отварање на прашањето за меѓународниот субјективитет на републиките и на Република Македонија. И тоа е она сега што сакав да го издвојам, каде што мислам дека нашата положба во оваа положба во оваа смисла има голем потенцијал и наоѓа и наидува своевиден позитивен третман

кај тие релеванти меѓународни фактори. Тоа, се разбира, треба да се валоризира и нема никакво значење ако остане на нивото на политичка комуникација, ако не може да се претвори понатаму во економска, финансиска, па и безбедносна, ако сакате, како гаранција за несметаното живеење во овој иницијален период на самостојноста на Македонската држава.

Сосема кратко во неколку збора, со шест-седум тези за тоа, како гледам од аспект на развојот на политичко безбедносната ситуација во Македонија:

Прво, мислам дека Македонија, секако е соочена со историска ситуација. Оваа ситуација е создадена во врска со поширокиte европски процеси, со пропаста на реалсоцијализмот, кризата односно дезинтеграцијата на Југославија како и светско историската демократска тенденција. Во сите овие сегменти може да се бара, да се истражува и да се ситуира историската ситуација на Македонија. Тоа, се разбира, бара историски одлуки, историски одговорности и историско валоризирано однесување.

Второ, е прашашето на мирот и војната во Југославија како првокласно прашање за Македонија, затоа што општата војна во Југославија би била војна територијално преуредување на земјата и оживување на разни аспирации и спрема Македонија. Во мир Македонија ќе ги валоризира своите аспирации и пред се суверeноста и независноста и самостојноста. Во војна, бидејќи војната ги носи сите неизвесности и сите возможни резултати , на крајот можат да бидат регистрирани. И не треба да се потценува во таа смисла првокласноста значење на мирот и војната во Југославија за Македонија.

Трето, е демократскиот развој на Македонија кој што треба да се свати како неопходен во консолидирањето на државата. Не е тоа сега некоја аутористичка побуда на демократи и на хума-нисти и на елитите на, туку на стабилноста на Македонската држава во модерна смисла, во Европска смисла, зависи од нивото на демократизацијата на Македонската држава, и на демократијата во Македонската држава. Таа треба да се интензивира. Јас сум уплашен од суспензијата на демократските методи, на демократските процеси затоа што оваа држава нема никаква шанса да опстане како држава на репресија. Само може да опстане и да напредува како држава на демократија. Во меѓунационалните односи кои што се животно прашање, токму и за демократскиот процес и за стабилноста на државата и за заедничкиот живот, мислам дека не можат да се одбегнат европските стандарди, а дека туркањето спрема меѓунационална војна заради екстремните однесувања, заради екстремните барања, заради нереалните аспирации е нешто што оваа Република треба да го избегне по пат на определеноста на секој нејзин граѓанин, сеедно дали е македонец, албанец, турчин, ром и секој друг што живее во оваа Република. Треба навистина да се трансформира во општо отфрлање на меѓуетничките конфронтации кои што на вратата, за ден, за два, за недела ќе ни ја донесат и нам тежината општата војна во Југославија, бидејќи не морате да трошите ни времени аргументи, да докажете дека кога ќе се прошири тоа на еден таков масовен начин, таа војна ќе мора да ги инволвира сите народи, сите фактори, вклучувајќи ги, се разбира, и овие што на просторот на Македонија ја сочинуваат

Четврто е, суверeноста на Македонија дека мора квалитетно да се унапредува. Нам ни се неопходни фактички услови за функционирање на државата како суверена и самостојна. Веќе сега носиме огромна историска одговорност за негативните импликации и врз суверeноста, заради осиромашувањето на Македонија. Претпоставувам дека е сосема јасно во колкава мерка можеме да останеме суверени, а колку ќе бидеме инфериорни заради нивото на нашето богатство и нашата економска и стопанска развиеност.

Во таа смисла без материјална основа нема фактичка самостојност. Има само неизвесности на економска ифериорност и политичка зависност. И затоа декларативниот аспект на определувањето за суверена, самостојна, независна Македонија итн., колку што го има историското значење, мораме да го трасформираме и во реално гледање на неопходните акции, потези, политика, единство итн., за да се поткрепи на фактички начин кој што има временска димензија. Декларативното нема временска димензија. Фактичкото има само временска димензија.

На Македонија и е потребно единство и национална стратегија. Плурализмот во македонските работи не треба да се елиминира и не смее да се елиминира, но тој не смее да го елими-нира нашето единство. Јас навистина повикувам на таков разум, затоа што неспособноста да се обединиме во вакво време, се разбира врз демократски основи, никој не бара никакво вештачко единство, туку демократска содржина на тоа единство, е историски грев. А пак спремноста што ја демонстрираме секојдневно, да атакуваме едни на други, е уште поголем до тој историски грев.

И седмо, конечно Македонија треба осмислено и систематски да ја гради својата меѓународна положба. Нашите мегународни потези не смеат да бидат контрапродуктивни или пак и без ефект да бидат. Не можат да бидат обични меѓународни потези. Постојат сите услови, тоа така да се реализира. Ова се елементи што се составен дел, според мое гледање, на еден систем кој доколку се реализира би овозможил релативно стабилно иницијална фаза на животот на Македонија како суверена и самостојна држава.

Комуникацијата сега со секого што припаѓа на оваа македонска стварност на било кој начин, дали тоа што живее во Републиката,, дали затоа што е македонец, дали затоа што е маке-донец во дијаспората, во Европа, на други простори итн., дали затоа што е граѓанин на Македонија, е драгоцена во осмислувањето на оваа стратегија. Сакам уште еднаш да подвлечам дека станува збор за заедничка стратегија, дека е дојден момент кога одго-ворноста за судбината и иднината на Македонија, во вистинска смисла на зборот, станува работа на сите македонци и на сите граѓани на Македонија, и форсирањето тука на некаков национален елитизам или експлозивност во македонските работи, како во исто-ријата и сега ќе се покаже погубен за нашата иднина.

Верувам дека можеме да изградиме просперитетна и демократска Македонија што нема да загрозува ничии интереси, но која што ќе биде сосема способна да, ги обезбеди и да ги одбрани своите витални интереси.

СТОЈАН АНДОВ:

Давам кратка пауза.

По паузата

СТОЈАН АНДОВ:

Продолжуваме со расправа. Ги чувте двете излагања, молам дали некој бара збор?

МИХАИЛ ПАНОВСКИ:

Почитувани дами и господа, почитувани пратеници. Сакав да се осврнам малку во врска со излагањето на членот на претседа-телството на Југославија од Република Македонија и во таа смисла сакам да го поддржам за некои работи, а за некој работи да го зап-рашам. Мислам дека она што тој го кажа за можноста од една глобална војна во Југославија треба сериозно како Македонски парламент, како врвна власт на Македонија сериозно да се замислиме и да преземеме што по ефикасни мерки за заштита на виталните македонски интереси од таа војна. Исто би го поддржан неговото излагаше, јас барем така го сватим како критика на Републичката влада за незаштита и практична примена на декларацијата која уште на почетокот ја до-несовме за сувереност, само ќе го кажам последниот пример. Дваесет и пет иљади тони нафта и дадовме на Република Србија, иако добро знаеме колку се нашите побарувачки од Хрватска и Словенија. Исто така го поддржувам господинот Тупурковски во делот, се согласувам со неговото мислеше, каде што вели се залага за покоординиран настап на Македонија во странство. Исто така би сакал некој работи доколку е во можност да ми ги одговори, тоа пред се, се однесува, ние тука треба по мене да расчистиме за ставот на овој Парламент и за цела Македонија за референдумот. Јас лично, а верувам и дека сите овде сме за референдум, но ќе треба тука да одлучиме дали е време за референдум за Македонија, дали во време кога се води граѓанска војна во Југославија, треба да се оди на референдум, дали нетребаше

референдум да се спроведе во април, мај  или почетокот на јуни и што ќе се случи за нас сите, ако тој референдум не успее. Јас мис-лам дека ке биде катастрофално да се оди на референдум, без политички консензус на сите партии во Македонија. Како тие што се во парламентот така и на тие вон парламентот зашто ние овде што сме во парламентот не сме претставници на целиот македонски народ. Потоа ме интересира, господинот Тупурковски ако добро го разбрав, во своето излагање јасно се заложи дека не е за разградба на југословенската армија. Во таа смисла не ми е јасно од кои причини гласаше за истата таа армија да се повлече од Словенија. Потоа би се осврнал на неговата изјава што ја даде веднаш по одлуката за повлекување на Југословенската армија од Словенија дека доколку во состанокот во Охрид не се постигне консензус за пакетот мерки, ке бара од парламентот на Македонија да се повлече Југословенската армија и од Македонија. Во  врска со ова јас ништо не слушнав, Исто така би сакал ако може да ми го аргументира и вчерашното неговг)- гласање во полза на Бранко Костиќ да биде избран за претседател на државната комисија за ситуацијата во Хрватска, што знаеме пред-извика излегување на претседателот Стипе Месиќ од таа седница. Се заложувам и ги поддржувам сите тука во парламентот и членот на претседателството од Македонија за интернационализација на маке-донското прашање, јас тоа пред една или две седници исто така го барав Македонија да бара гаранција од сите европски фактори, Европ-ската заедница, КЕБС, ООН за заштита на македонските граници, од многу добро познати причини. Сите добро знаеме кој се не заоби-колува, какви се нивните намери и на таа седница кога го поставив тоа господинот Андов ме праша дали се чувствувам заплашен на што јас одговорив не дека сум заплашен, туку дека сум преплашен за

судбината на Македонија со оглед на нејзиното опкружување, на што господинот Андов ми се насмеа. Согласно на тоа и него би го замолил да се изјасни дали ние како македонци ке се обратиме до овие највисоки меѓународни институции и да побараме помош за заштита на нашите граници или не.

ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:

Од воведните излагања на господин Ристовски и господин Тупурковски чувме официјална оценка за состојбата во Југославија и во Македонија и потполно јасно дека таа е сложена и таква каква што знаеме дека е. Сега е прашање не да расправаме и да прераскажуваме каква е таа состојба туку овој парламент да преземе одредени активности со што законодавно ке се припреми Република Македонија да даде одговор на таквата состојба во која се наога и за состојбата внатре која што како одредени процеси се одвива и која во голем степен ја загрозува безбедноста и практично предизвикуваат една состојба на дезинтегрирање на Република Македонија. Заради тоа сакам да бидам конструктивен и да предложам еден заклучок кој произлегува од проценакта на ВМРО Демократска партија, чиј претставник сум во парламентот, а се работи за следното. Да се усвои заклучок по следниот текст. Собранието на Република Македонија да усвои заклучок со кој се задолжува Владата на Република Македонија во разумен рок да ги предложи државно правните и уставните акти за раздружување во СФРЈ за чија изготвеност неколку пати ги информира пратениците на Собранието и јавноста на Македонија преку средствата за информирање. Од поделениот текст што го имате имавте увид да видите дека тој текст содржеше две точки од точката 2 намерно се откажувам во овој момент, бидејќи пости кај мене лично дилема дали референдумот треба да биде пред или после овој чин на започнување на раздружување во Југославија односно објавување на

самостојност на Република Македонија бидејќи дилемата е во тоа што непобитно е правото на македонскиот народ да се изјаснува и мене дури и демагошки ми делува кога на оваа говорница се зборува во името на народот дека тој има такво право. Тоа право на народот е загарантирано со Уставот и нема потреба да се образложува дека мора да постои референдум, туку се работи за суштинско прашање, какви состојби се предизвикуваат со едната варијанта или со другата. На изглед делува многу по динамично парламентот прво да ги донесе актите и за нив граганите да се изјаснат со референдум. Меѓутоа, слаба страна е тоа што таквите одлуки кој што не ќе можат да се менвуаат во периодот додека не се закаже референдумот, а ситуацијата се менува од час на час, не од ден на ден, би можело да пред-извика одредена криза и сериозно преиспитување, а да не може тоа да се поставува во процедура. Заради тоа се повеќе кај мене пре-овладува мислењето дека предлогот од Социјал демократскиот сојуз и Реформските сили дава поголем маневарски простор и со ништо битно не ја загрозува изразувањето на волјата на народот околу иднината на Македонија. Но бидејќи несакам да преудицирам, најавена е консултација меѓу политичките партии на паузата после оваа расправа и го задржува правото дефинитивниот став да го искажам на самата консултација и сакам да го потсетам претседателството на Собранието на Република Македонија дека има направено прилично голем пропуст, заради што не свика таква консултација пред закажување на дневниот ред со што сметам дека во таков случај веќе би сме дошле со доста усогласен став на сите политички партии. Мислам дека вредноста на таквата иницијатива на овие две партии, јас на првата пауза побарав да прашам дали и пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ има предвид таква замисла не добив позитивен одговор во тој поглед

е во тоа што ке се створи ситуација позитивна да може да се постигне консензус, односно за вака важни прашања и една вековна идеја на македонците за остваруваше на своите идеали неможе да се појави автор ниедна партија. И најдобро е тоа еднаш го кажав во овој парламент, предлогот да поизлезе од сите пратеници што денес се присутни во Македонскиот парламент и затоа сметам дека сите треба на таа пауза да присуствуваме и да се обидеме да се договориме.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници. Ислушувајќи ги излагањата на потпретседателот Блаже Ристовски и на членот на претседателството на Југославија Тупурковски во целост ги прифаќам и нивните искажуваша и истовремено крајно и сериозно не доведе во едно размислување дека состојбите во Југославија се далеку потешки од тоа што ние досега го согледувавме. Парламентот се наоѓа во еден расчекор за размислувањата на овие состојби во изнаоѓање патишта за решавање на состојбите во Македонија и кризата во Југославија. По тој повод би предложил како Владата така и членот на претседателството, и претседателот на Македонија малку поотворено и поупатно да делуват на Парламентот во однос на кој документи во овој момент се потребни на Македонија. Се придружуван кон излагањата на пратеникот Пановски дека неопходно е во овој момент знаејќи ја нашата состојба, нашата спремност како на економски така и на политички план во Македонија да упати Собранието еден апел до сите Републики во Југославија,соседните земји така и до сите меѓународни институции и поголемите држави како што е Америка и Русија дека се бориме за мир и бараме во тој дел да бидеме зашт-титени од било кој ако ги нападне државните граници на Југославија кој што ја оптужуваат Македонија, така и административната граница на Македонија со Србија.

МИТКО АНАСТАСОВСКИ:

Дами и господа ги чувме излагањата на господин Тупурковски и на потпретседателот Блаже Ристовски. Јас малку поинаку ги гледам работите низ една друга призма. Гледајќи ја Југославија, треба да го земеме еден објектив и да ја погледнеме малку поназат и да дојдеме до моментот зошто ние сме такви. Према мене таа Југославија беше створена, една вештачка творевина по сила на некој или со благослов на некоја држава. Меѓутоа, јас лично Југославија денеска ја гледам не како Југославија, туку ја гледам како еден Југосло-вески полигон за војна. Што сме се направиле ние и властите јас незнам , но знам едно дека власт во Југославија не постои, односно стојат две паралелни власти. Една е цивилната власт, да не зборувам за федеративна власт таа тотално е поразена, а другата власт е републичката власт и армијата. Зборуваме за некоја југословенска армија. Јас незнам вие дали верувате во тоа. Јас лично денес не верува. Верувам во една армија која  ја создава некое лице или" некој народ кој живее во оваа држава За жал тоа е и несреќата на сите југословенски народи. Секој ден слушаме некој изјави од високи личности во ЈУгословенската армија кои не му одат во пролог на никој од народите кои живеат во Југославија, Тие се самобенди-сани крајно задоволни од нивните изјави, а народот дали тие ги негира или не ним не им е гајле. Како е наоружена и зошто е на-оружена таа досега армија ние сите знаеме. Таа се наоружуваше од потот на работникот од потот на интелектуалецот, од потот на земјоделецот. Меѓутоа, за несреќа целото ова што го создаваше овој народ во просторите на Југославија падна во лица кои сега веќе го користат против својот народ. Ми се чини со тоа ќе се согласите Да не ве чуди ништо што се создаваат и паравојни некои формации.

Нормално е кога некој дојде во дворот , а сака да ти е земе куќата, ќе се браниш. Нема да стоиш со скрстени раце. Никој несака да си го даде имањето така. Ние бевме тие , односно не јас, оние кои беа на власт кој се бореа за мир и кој ја ширеа идејата за мир. Меѓутоа, према мене тоа беше една фарса за да го лажат народот. Тоа е уште една голема лага.

МИТКО АНАСТАСОВСКИ: (продолжение)

Се сруши системот на едноумието, се сруши и големата нивна лага за мир. Се боревме, шетавме, проповедавме идеи, прибиравме незнам кого, а самиот народ наш беше излажан. Беше излажан за тоа што го ширевме фамосот дека створаме некое братство и единство. Тоа беше очита лага. Ние до денес нашиот Парламент и нашата Влада иако многу пати се собираме, решаваме, но верувајте ништо не сме направиле за тој народ. Овој мој говор се и прашања директно кон господинот Тупурковски и кон Владата. Во памет ми се неколку изјави на Владата. Владата рече вака: нема да праќаме, односно мобилизациите во нашата земја, нашите војници ќе служат на оваа територија. Меѓутоа, секој ден се врши мобилизација и тоа мобилизираните војници не само што не се тука во нашите касарни, а многу деца веќе се испратени во полигоните на Југославија каде што ги жртвуваме. Ако не е така, нека стане некој и нека ми каже "Митко лаже". Јас имав прилика вчера да зборувам со неколку мајки кои децата насилно, или присилно, или без знаење на Владата се земени од нашите касарни и испратени се во Куманово, Врање, Ниш, а потоа се испратени во Хрватска.Да не ве чуди ништо.Иако некои од тие деца некои веќе не се живи, затоа што кога реков не постои ЈНА соочени сме со еден факт дека повеќето од тие војничиња бараат спас, или бегаат од армијата за да се спасат, а се фатени и малтретирани, или можеби веќе се ликвидирани. И не е чудно ако по некој ден смрзнати ги донесат во разни градови низ нашата земја, или по селата. А ние ќе држиме говори, војската ќе прави почесни пальби, а од кого се убиени и зошто се убиени малку треба да се замислиме. Грев е и жално е да гинат деца во мирни прилики. Меѓутоа, сега не се мирни. Ке ви кажам нешто народно.

Овцата секогаш беше и секогаш е потстрижена. Еднаш му вели на господ "о боже,дај еден ден нека бидам лав, па нека пцовисам". Дали сега се прашувам јас Владата е способна и господинот Тупурковски да преземат чекори како од меѓународен аспект да се одбрани. Јас зборувам за Македонија, нашата земја, или веќе не господ, туку луѓето кои не не сакаат му ја одзедоа таа сила. Јас верувам на второто. Верувам дека не се способни. Не се способни затоа што ние сме жртва на трето лице.

И уште едно прашање, поставувам до господинот Тупурковски, дали денес може некој да ја нападне Словенија. Сакам да ми одговори. Дали сме свесни ние дека и во нашата земја се создаваат паравоени организации. Да,се создаваат. Со чиј благослов и што направи Владата што презеде Владата да ги спречи тие паравоени организации? Еве како паѓаме во онаа конфузија, еве како утре може да дојде до таа војна која воопшто не ја сакаме. Никој од вас не сака да погине, никој не сака да му погине детето или внучето. Тој што ќе ви каже дека сака некој да загине од нас, тој ве лаже. Мојата партија, најофицијално ви тврдам дека сме против губење на нашиот народ и никогаш нема да употребиме сила и не сакам од никого да падне ниту капка крв. Нашата Влада треба да обрне внимание на Република Србија, а и на другите републики и јасно да им потцрта дека нашиот народ стои на становиштето дека не сакаме да гинеме за ничии интереси. Ке ја браниме земјата само ако не нападнат.

Што се однесува за референдумот и за Декларацијата, јас мислам тоа да биде во едно за кое ќе го имаме правото сите да зборуваме. Да бидеме свесни за тоа и-мојот говор нека биде прашање за господинот Тупурковски и за Владата и тие прашања да ги решиме во духот и волјата да ги утешиме мајките, да се утешиме само ние и за просперитетот на нашата држава.

БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА:

Почитувани пратеници, во излагањата и во двете излагања ни беше кажана опасноста која што веќе постои на територијата на Југославија, а тоа е дека опасноста од општата војна е се поголема и консатацијата на господинот Тупурковски дека мирната дезинтеграција не е можна без војна. Јас после овие две излагања, после овие две работи би се повикала на Мислењето на Владата, што ни го даде Владата околу документите доставени од пратеничката група на Реформските сили-Либерална партија и Социјалдемократскиот сојуз и документот од Пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ во кое се вели дека Владата на Македонија својот одговор го заснова врз Заклучоците на Собраиието на Република Македонија за актуелната политичко-безбедносна состојба од седниците на Собранието одржани на 24, 26, 27 јуни и 6 јули. Имено во точка 2 од Заклучоците се дефинира процесот на осамостојување на Републиката во зависност од исходот од разговорите со другите републики врз Платформата Глигоров-Изедбеговиќ.

Во точката 3 се вели: доколку Собранието на Република Македонија оцени дека по мирен и демократски пат не може да дојде до договор за конституирање на идната југословенска заедница како сојуз на суверени држави, ја задолжува Владата на Собранието да му достави уставен закон и сите други акти со кои ќе ги утврди сите прашања од уставно-правен карактер со кои Република Македонија како самостојна и независна држава ќе го преземе извршувањето на своите суверени права. Условните решенија кои што беа дадени овде во мисле-њето, мислам дека сосема се совпаѓаат во излагањата на потпретседате-лот на Владата и на господинот Тупуркбвски. Сметам дека Владата треба да ги предложи, а не да ги изработи, да чека Собранието да и ги побара, туку како што и редот на Владата ако смета дека ситуацијата е таква да ги предложи документите до Собранието како што се

работи за секој закон што го предлагаат, дали е по итна постапка, или е по редовна постапка, тоа Владата го оценува. Но, Владата ги испраќа документите до Собранието. Со овие документи до некаде би се смириле состојбите на неизвесност барем меѓу народот во Македонија. Што се однесува до социјалните тензии кои што ги нагласи господинот Тупурковски, во што имаше сосема право дека тие проблеми ескалираат во огромни размери. Сметам дека со тие пакет мерки Владата треба да предложи таква солуција која што ќе предвиди можеби и воена состојба, која што ќе предвиди Отцепување на Македонија ако не може по мирен пат да се дојде до едно решение, до сојуз на суверени држави. Цело време кажуваме дека ние сме немоќни, господинот Тупурковски исто кажа дека ние не треба да се повикуваме само на историските идеали на овој македонски народ, туку треба да ја имаме тежината на економската моќ на Македонија во овој момент. Во ниеден момент ние не ја добивме тежината на економската моќ на Македонија од страна на Владата како информација која што беше досега барана, да ние 120 пратеници сега имаме изграден став спрема тоа како треба да се решава позицијата на Македонија во сегашните услови. Социјалните проблеми рековме ќе бидат присутни и кај победените и кај победниците. Тежината на достоинството на поднесување на социјалните проблеми ќе ги подне-суваат полесно победниците отколку победените. Исто така би замолила Владата да излезе со еден таков програм, можеби со економска и социјал-на програма во овие денови. Имам еден впечаток во излагањето на господинот Тупурковски дека преструктуирањето на ЈНА не оди во правецот во кој што го бараше господинот Киро Глигоров акцијата на ЈНА да се подели на две задачи. Значи да имаме една заедничка војска која ќе ги брани заедничките државни граници на Југославија кои што веќе се во прашање. Тоа е факт. И од друга страна ќе имаме едни републички

војски кои што ќе функционираат внатре во републиките. Овде се добива впечаток дека ЈНА сега има полициска функција, а тоа беше објаснето со фактот дека констелацијата на односите во политиката во Југосла-вија одлучи да ЈНА е во полициска функција. Недолична е полицисказа функција на ЈНАvво овие моменти. Затоа ја молам Македонската Влада ако смета, ако стои сеуште позади ова мислење кое што датира од 28 јули , во мегувреме ние добивме и неколку други мислења од Владата, ако стои по ова мислење сметам дека Владата треба да ги предложи овие акти со кои што ќе и предложи, на Македонија една поголема сигурност и оправданост за сите решенија што ние овде ќе ги донесеме во Собранието.

НИКОЛА КЉУСЕВ:

Прочитајте ја точката 3.

БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА:

"Доколку Собранието на Република Македонија оцени дека по мирен и демократски пат не може да дојде до договор за конститу-ирање на идната југословенска заедница како сојуз на суверени држави ја задолжува Владата на Собранието да му достави..."

Се добива впечаток дека пинг-понг топка се фрла од Собрание до Влада, од претседателот на Собранието до претседател на Република, па пак до претседател на Влада итн. Јас велам дека Владата треба да достави таков материјал како што ги доставува и законите. Владата не излезе со објаснување во каква ситуација би се нашла Македонија кога би била независна и самостојна. Јас мислам дека нечесно е да се префрла одговорноста од едни на други.

СТОЈАН АНДОВ:

Ние го имаме тоа мислење на Владата на располагање. Не мора повторно да се чита.

Дали некој друг бара збрр.

КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:

Има една стара изрека која вели: ако сакаш мир, спремај се за војна. На тој план Република Македонија нема направено ништо. Кога ги гледаме околу нас сите држави воинствено спремни, добро наоружани, единствено Република Македонија како некое јагненце си седи во своето трло и си мавта со цвеќенце. Така изгледа тоа. Уште пред повеќе од три до четири месеци јас со една група пратеници бевме и кај претседателот Стојан Андов со него тука беа и неколку министри. После тоа бевме кај господинот претседател Киро Глигоров, но за тоа ништо не постигнавме. Кажавме дека Република Македонија е загрозена како од надворешни фактори, така и од внатрешни фактори. Само да ви кажам еден податок. Последните пет години во општина Тетово се најдени за илегално носење 623 парчиња огнено оружје од кое има најповеќе пиштоли, боеви пушки, автомати, рачни бомби. Ние на тој план освен милицијата што ја имаме во Република Македонија немаме ништо. Ние се фалиме со ЈНА, но таа ЈНА видовме дека во Словенија се покажа неефикасна. А што би станало кога и размерите на војна се рашират повеќе во Хрватска и во БиХ и таа армија се повлече таму ние ќе бидеме оставени овде на милост и немилост. Затоа задолжително треба да ја активираме нашата територијална одбрана. Нашата војска повеќе од 7 месеци воопшто ништо не работи, дури и оружјето спечалено од потта на нашиот работник е однесено некаде горе. Оставено е минимално. Дали ќе треба нашата војска да се активира да може да не брани. Сите републики имаат така наречени некои паравоени единици.

КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:(Продолжение)

Тие паравоени единици има и легални и илегални, зошто не би можело Република Македонија една легална паравоена единица така наречена национална гарда да има. Зарем толку не сме достојни и ние да имаме една национална гарда. Сите да имаат'а ние да немаме. Која ќе биде во служба на својот народ, да го штити својот народ. Ние не мислиме да напаѓаме никого да вршиме инвазија некаде. Таа национална гарда ќе биде чисто за Македонија.

Исто така, милициските единици да се прошират. Тие моментално не можат да го покријат целиот терен. Јас сум го разгледувал тоа. И на едно место да настапи еден кушлус не ќе можеме да се одбраниме.

Би завршил со еден афоризам кој вели - кога ќе се најдеш во чопор на изгладнети волци урлај и ти зашто ќе бидеш изеден.

ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:

Почитувани пратеници, ќе бидам многу краток бидејќи доста претходни дискутанти ми одзедоа од говорот, особено господинот Ковачевски.

Исто така, ме трогна, ме боцна прашањето што вели доколку не може да се дојде до мирна разврска меѓу републиките вклучувајќи ја и Република Македонија тука, во тој кош, јас би се запрашал зошто сме спремале толку досега во армијата, на која им се колневме и сеуште одредени се колнат, бидејќи се во служба на две републики моментално армијата. Се колневме од причини што требаше да ги штити интересите, границите на Југославија, а во овој моmеnt е вовлечена во братоубиствена војна. Па, јас прашувам оттука и констатирам дали не е времето крајно дојдено јасно и гласно да му

се каже на овој народ дека сме воведени во една политичка игра, во игра во која што така наивно веруваме, во игра каде што е, на пример волкот и јагнето, каде-што толку наивно иако се укажуваше и сеуште се укажува од одредени партии, или од одредени фактори, но некако толку плитко сме и наивно веруваме во мекои работи што во овој момент, во ова време навистина неможеме некој итен чекор да преземеме, бидејќи станавме навистина немоќни. Узалудни беа укажувањата, она што се случи се случи и сеуште ќе се случи, но најмногу ме загрижува фактот што господинот Тупурковски, членот на Претседателството вели за неколку денови, барем јас колку што сватив, можно е и Македонија да биде влезена во таква игра. Јас навистина апелирам до сите вас овде господо пратеници, до целата македонска јавност што можеме сега во овој момент да сториме. Каде де одговорноста? Дали не ја сносиме ние комплетно одговорноста овде како највисоко тело на народот каде што сме избрани ние од базата. Иако се укажуваше ние ништо досега не преземавме и сеуште несакаме да преземеме. Тврдоглаво сакаме на некој начин да ги одбегнеме оние работи кои, навистина, нажалост можат да ни се случат за неколку денови.

Ако и понатаму продолжиме со политички надмудрување од одредени политички партии, да се надмудруваме а времето не прегазува, сигурно дека крајно време е да седнеме заедно со сите политички партии да постигнеме еден консензус и под најитно да извршиме заштита на ова наша држава, на овој наш македонски народ. Како ќе им објасниме ние на нашите мајки, сестри, кои секојдневно се завиваат во црни шамии ако пак ни се случи како вчера што се случи наместо да ги испраќаме за чување на надворешните граници на Југославија а ни се враќаат нашите млади војничиња во сандуци. Како ќе им објасниме,

каде е нашата свест. Ние многу обеќавме пред нашата македонска јавнос, но нажалост многу малку сторивме. Има некои сознанија да војничиња кои што се на територија на Македонија со хелихоптери се префрлени на кризните жаришта во Југославија. Значи, буквално и војничињата не осеќаат безбедност, иако служат во Република Македонија, бидејќи таа единица добива распоред и со хелихоптер се носи во кризните жаришта на ниво на Југославија, дали ќе биде во Хрватска во Плитвице и тн. Значи не се гарантира и на овие војничиња дали ќе служат во границите на нашата Република или ќе бидат надвор од границите на Македонија.

Јас мислам дека крајно време е, неможеме да толерираме некои вакви работи, бидејќи и не смееме да ја толерираме армијата бидејќи таа е на еден дел на Југославија. Фактички со прогласување од Претседателството да се повлече од Словенија, за мене лично, се направи еден голем пропуст или голема неправдина во однос на другите републики бидејќи се ставија во нерамноправна положба. За истото тоа јас во потполност се согласувам со господинот Тупурковски, кога побара во тој момент да и од Македонија се повлече војската. Јас незнам зошто ставот е променет. Барем јас како што можам да протолкувам. Ако грешам молам да бидам корегиран.

СТОЈАН АНДОВ:

Јас ќе отстапам од редоследот на пријавените говорници бидејќи треба да му дадам на господинот Васил Тупурковски, кој треба потоа да патува.

Има збор господин Тупурковски.

ВАСИЛ ТУПУРКОВСКИ:

Благодарам господине претседателе, попладнево е продолжение на вчера прекинатата седница на Претседателството и треба да се донесе една извонредно значајна одлука како да се конкретизира начелниот став за прекин на оганот во Хрватска. По успешноста, или неуспешноста на целата таа акција можеме да се приближиме или да се оддалечиме евен туално од ова што е проценка за, навистина, крајна загрозеност на мирот во земјата и општа загрозеност. Затоа дозволете накусо неколку одговори, неколку коментари, а имаше и сосема конкретни прашања.

На уважениот Пановски, во врска со референдумот би сакал да го искажам моето мислење на овој начин.

Ние времето не можеме да го избираме. Ние сме донекаде субјекти на тоа време, има цела една општа рамка на тоа време. Тоа време е историско, одлуките добиваат боја на историски одлуки, а грѓаните и нивното право да одлучат се најконкретниот субјект и со нај-неприкосновен квалитет во таа смисла. Мислам дека разумот на граѓаните немаме никакво право да го потценуваме, а должни сме обратно од тоа да ја валоризираме нивната одлука. Затоа јас прифаќам, консеквентно останувамна ставот дека за егзистенционалните прашања оваа Република може да одлучат само граѓаните.

Партиите нека си ја земат одговорноста да се усогласат да створат основи за консензус, за единство во врска со историските одлуки во Македонија. Нема кој друг да ја преземе таа одговорност и неможе никој сега да се повикува на опасноста од делење на граѓаните затоа што партиите како еден модерен политички субјект не сакаат тоа свое право и таа своја обврска, а пред се должност, да ја материјализираат низ единство под така круцијално историско прашање. Па нека

се види дали некој сака од Македонија да се направи посилен и посери-озен субјект и постабилен субјект, или, пак за тоа нема доволно поли-тичка волја во овој момент.

Јас сум против разградбата на југословенската народна армија, беше речено. Контекстот е многу послоевит и поизнијансиран и ќе кажам повторно неколку зборови, практично сето тоа го кажав, не додавам ништо и ништо повеќе не разјаснувам, бидејќи сакам да бидам сосема јасен и при првото излагање. Два контексти се за југословенската народна армија. Јас ги понудив двата во оваа анализа.

Едниот, и со тоа верувам дека ќе се согласи и претседателот на Републиката господинот Киро Глигоров, нема место за правење на разлики, е решението во контекстот на трајните солуции за југословенската заедница, за нашите односи со републиките во Сојузот на суверените држави, или било кој друг вид на регулирање на односите на државата Македонија, со други субјекти. Не мора дури ни да бидат тоа само субјектите од југословенската заедница. Тогаш секако за да бидеме суверена државане само што прифаќам и се залагам Македонија да има и своја одбрана. Одбрана што може на најдобар воз-можен начин да ја усогласи со своите можности, со своите потреби. Не-когаш е тоа и над можностите, ако е некој субјект загрозен и тн и тн.

Од воен аспект не е прв пат во неколку наврати овде имав доволно храброст пред една еуфорија дека тоа може да се организи-ра веднаш со моментална акција како некоја ексклузивна македонска ингеренција да кажам дека мора да се почитуваат воените аспекти на одбраната. При воените аспекти на одбраната, најверојатно, доколку ние имаме политичка волја и останатите имаат политичка волја да го отклонат прашањето,да го елинимираат прашањето на војната и да разго-вараме за идни односи врз стабилни основи дека некои аспекти на одбра-

ната подобро можат да се организираат и да се валоризираат заедно со другите кои што евентуално ќе се договараат со нас, Некој аспекти на одбраната. Меѓутоа, прашањето на одбраната на државата македонска не може да биде прерогатив на никој друг туку на оваа држава. Тука јас сум секогаш потполно јасен и консеквентен.

Прашањето на актуелната положба на југословенската народна армија и донекаде врзувањето за да се створи една претстава дека можеби се менуваат ствовите или нешто е нејасно-

Јас и понатаму сум потполно убеден почитувани пратеници дека доколку се случи дезинтеграција на југослвоенската народна армија во контекстот на хаотичната југословенска дезинтеграција, јас не зборувам за решение кое што ќе обезбеди армијата да ги прераспореди своите и да ги предистрибуира своите потенцијали во врска со договорот помеѓу републиките па тоа да биде основ за формирање на републичките армии. Јас зборувам за дезинтеграција на југословенската народна армија. Дезинтеграцијата на југословенската народна армија доколку се оствари како еден од концептите за хаотичната дезинтеграција на Југославија е вовед во формирање на репбулички армии, веднаш, истиот момент со отпочнување на општата војна. Затоа што вам ви е сосема добра позната структурата на армијата, тука е анализирана повеќе пати и во национална и во командна и во смисла на контигентите и нивниот распоред и сосема е јасно дека оној што врз основа на дезинтеграција ќе ја зајакне сво-јата републичка компонента во армиска смисла, својата предност во услови на војна во Југославија ќе сак-а да ја искористи. Не можам да верувам дека во услови на отпочната војна во Југославија некој дезин-теграцијата на југослвоенската народна армија ќе ја искористи за мир. Напротив, таа ќе биде искористена истиот момент за општа војна на секој против секого, бидејќи ќе се располага со уште еден потенцијал

за тоа војување, а кај некои републики, дури и со огромен и со значаен потенцијал за тоа војување. Во таа смисла и намерно го употребив зборот релативно стабилизирање на југословенската народна армија. Јас не сум за никакво статус-кво и не сум за враќање на некој претходни позиции кои што дури и во идеолошка смисла одново од југосло-венската народна армија можат да прават субјект на политички процеси и тн, и во политичка смисла. Туку за релативно стабилизирање за да избегнеме виор на општа војна со- републички армии кои што ќе сакаат да ја искористат предноста што автоматски ке ја стекнат преку дезин-теграцијата во хаотична смисла. Бидејќи тогаш Југославија се распаѓа и почнува војната за територија во Југославија. А таа оценка јас си зедов слобода да ја дадам.

Јас не сум за воена опција. Во мартовските одлуки што ни ги понуди главниот штаб го известив Собранието и тоа беше договорено со претседателот на Републиката и со другото наше раководство каков став да се заземе. Јас лично никогаш не отстапувам од тоа. Тоа е мирољубивата и демократска опција. Во таа смисла секогаш кога можам во контекстот на процедурата уставна и законска и врз основа на политичките консталации го загорчуваме животот на оние што сакаат на Југославија да и наметнат воена опција. Тие можат и покрај тој процес уставен и законски, и така натаму и тоа се случува, но исто така постои потенцијал кој што расте, а кој што се определува за таа демо-кратска разврска.

Понудив пакет консензус и ангажирање. Тоа беше ставот пред Охридската одлука, пред Охридската Декларација и сеуште врз основа на консензус Претседателството и пред Охрид и после Охрид и одлуката за прекин на огинот делува на таа линија на пакет. Тој пакет го изнесов и пред малку, познати ви се нашите ставови од петокот подразбира демобилизација на југословенската народна армија.

вракање на единиците на Југословенската народна армија во гарнизоните, разоружување на илегалните паравоени единици. На илегалните паравоени единици и демобилизација на резервните составиинасите останати Значи една општа односно демитализација во еден контекс кога општото ниво на таа милитиризација е сега загрозувачка за сите. Без пакетот на намалување на нивото на снагите, 200 илјади во овој момент е официјалниот податок со кој што ние располагаме, огромна е таа маса на луѓе што располагаат со модерно оружје и што се наоѓаат на спротивста-вени страни за да се верува дека поедноставено, крајно поедноставено извинете на зборовите, дека тргањето на југословенската народна армија од боиштето ќе овозможи истиот момент разрешување на меѓунационалните и на меѓурепубличките конфликти. Како е тоа возможно? Зошто стојат тие спротивставени армии едни против други? Каде е гласот на модерните политички субјекти од Македонија против таа општа милитаризација? Зошто се гледа интересот на Македонија и во нејзино милитаризирање? Јас не велам дека некој може да го суспендира значењето на прашањата на одбраната на Македонија, апсолутно не и треба сите подготовки пара-лелно да течат со демократскиот процес на Македонија за одбрана на тој демократски процес. И по пат на увежбување, комплетирање на целиот систем на територијалната одбрана. Каков друг сакате за кој што ќе се определи Собранието. Меѓутоа, прво јасно треба да биде стратегијата во развојна смисла, јасна стратегијата во смисла на сувереноста и јасна стратегија со конкретни индикатори во меѓунационалната сфера, па тогаш можеме да зборуваме за одбрана на македонските интерси. Секоја милитаризација во друг контекст го покренува прашањето на пренесувањето час побргу на општата криза и на војната и во нашиот македонски простор. Само од тој аспект јас зборувам за релативно стабилизирање на состојбите во југословенската народа армија. Таа

стабилност би дала таков контекст и таква конфигурација на општите односи внатре во армијата, што ќе овозможи на Републиката повторно, преку легалните органи во политичкиот систем и преку својата политика да ги валоризира своите интереси. Хаосот во југословенската народна армија не може на ниеден начин во оваа републикa да се контролира, или пак да се влијае тој да ги усмерува своите деструктивни потен-цијали само на други простори. Во тоа односно за тоа или можеме да разговараме или да го прифатиме ако нема други аргументи.

Бранко Костиќ зошто да. Јас ги изнесов сите аргументи во смисла на таков состав на Комисијата кој што ќе обезбеди објективно стварање на формулата за прекин на огинот и објективно надзирање, контролирање на прекинот на огинот. Принципиелно е прашањето дека секој член на Претседателството е рамноправен и треба и може и има обврска да учествува во работата на Претседателството и во облиците на организирањето на Претседателството. Од тој аспект несакајќи да-учествувам во никакви игри, а има големи игри и во тоа Претседателство и меѓу републиките и политичкиот....вкупен останувам како и секогаш определен за основните принципи. Оттаму и изјаснувањето конкретно кога веќе не можеше да се разбере значењто да не ги поларизираме односите во однос на Комисијата и да најдеме солуција која што ќе биде прифатлива за сите субјекти, вклучувајќи ја и Хрватска. Мојот личен ангажман на тој план е, би ракол, релативно познат.

Исто така одењето на Стипе Месиќ, блокадата и во овој момент во работењето на Претседателството и покрај незадоволството што може да се разбере, и јас го разбирам во целина не е начин како да се оневозможи и да се оневозможат сите тие игри во Претседателството на Југославија. Меѓутоа, принципите ја имаат трајната вредност и тие кога тогаш ќе го покажат тоа позитивно значење.

И јас имам контакти со родителите на децата војници, но исто така уважениот Анастасовски би му рекол и секакви возможни ангажирања . без никаква резерва и без никакво штедење за да нема нови жртви не само во народот, не само меѓи граѓаните туку посебно меѓу војниците.

Меѓународната заштита на Македонија е возможна. Мислам дека оваа Република може и да ја обезбеди ако е ситуацијата таква да во актуелна конкретна и реална опасност оваа Република се најде преку ноќ. Инаку таа треба и самата да има доволно снаги да ги проектира односите околу себе и да делува превентивно и да ги антиципира тие односи околу себе. Но, дури и да не е тоа случај јас верувам потполно дека тоа е случај со оваа Република повеќе индикатори укажуваат на нејзинаста прилично стабилна положба во меѓународни рамки. Едно е комуникацијата, иако не давам централно прашање на комуникацијата. Комуникацијата денеска се одвива и заради интересот на странските партнери да имаат повеќе информации.Секој може да наиде на прием прилично конкретен во врска со комуникацијата. Друго е тоа што определбите на Македонија се атрактивни за странските партнери и за релевантните партнери во меѓународната заедница. Врз основа на тие определби позитивни спрема политиката на Република Македонија веќе може да се зборува за валоризирање на тие наши инте-реси па и во доменот на одбраната и на стабилноста на територијалниот интегритет, на границите и така натаму. Така да јас верувам дека е тоа сосема возможно и има многу иницијативи од овде, па повеќе пати и од Анастасовски, тој таа дискусија и таа подготовка тече во оваа Република, треба да се поопшти, да има учество пошироко, поора-низирано проектот. И тоа е во интерес на општото добро на Македонија.

Дали некој може да ја нападне Словенија денеска, верувам дека тоа не е во овој момент актуелно прашање и нема таква конкретна

загрозеност, но исто така сум сигурен, а за тоа е демонстрирана сериозна политичка волја, чесна политичка волја дека прашањето на границите и за Словенија може да се актуелизира кај одредени странски држави. Вие знаете како на политичкиот терен во Италија во одредени политички снаги тоа прашање го држат живо и го ревита-лизираат тогаш кога кризата во Југославија добива на својот интензитет,

Дезинтеграцијата на Југославија е неизводлива по мирен начин и затоа се нуди претекстот на хаотичната дезинтеграција. Ние не смееме да се мириме со тоа затоа што само во мир Македонија може да ги валоризира своите аспирации. Во војна може да се ревалоризира се, па и најосновниот интерес, најосновен државен интерес, најосновен социјален интерес на Македонија и оттаму ние и понатаму мораме на ваков начин да го релавитизираме значењето на хаосот во Југославија и да го трансформираме во мирен и демократски расплет.

Македонија не е наивна. Јас мислам дека Македонија има 12 очи и дека е мудра, а Собранието нека осмисли како да се однесува. Македонија, во секоја инстанца нека ги каже задачите на сите врз кои што има политичка јуриздикција. Тука нема ниту еден во Македонија што не е под јуриздикција на Собрание и на овој Парламент.

А, партиите, уште еднаш ќе речам, нека ја преземат одговорноста за единствена историска валоризирана политика во тој момент. Таа одговорност на никого неможат да ја префлат ниту можат од неа да се оддалечат.

Благодарам.

СТОЈАН АНДОВ:

За збор се јави господин Стојков.

СТОИЛЕ СТОЈКОВ:

Почитувани пратеници, најпрво да им честитам на пратениците од двете партии, со не така мал број пратеници за нивното истрајно, неземање збор како во оваа Македонија да е се мед и млеко. Честитам на нивната воздржаност.

Сега да продолжам со дискусијата.

Тезата на еден господин од една најинтелектуална партија дека ако се осамостоиме веднаш другиот ден Албанците ќе признаат некоја си своја автономија во Македонија, не е ништо друго туку тезата на господинот екс-претседател на Претседателството на СФРЈ Јовиќи кој од позициите на таа и таква функција си дозволи да не заплашува, да не омаловажува, да не негира не само со таа изјава туку дури и надмено да изјавува дека Македонија не може да купи ниту цели 5,5 тенка. Кутриот тој. Ми навира во мислите каракатурата на неделникот "Време" каде господинот е претставен во една преголема генералска униформа. Тезата од некои водачи на партии кои во своите програмски определеби ја заговараат - заштитата на работниците со гола неомарксистичка идеологија и фразилогија дека политиката треба да се остави ваква каква што ни ја сервираат другите во Југославија, а ние да не се навраќаме на националното, туку да се зафатиме само со разрешување на економско-социјалните проблеми по цена да го изгубиме и националниот идентите и суверенитет и да не не интересира во каква тоа Југославија ќе живееме е чиста демагогија и утопија.

Јас мислам дека треба веднаш и сега да тргнеме кон патот на самостојност со донесување на сите усправно-правни и меѓународно важечки акти, затоа што како парламент избран на непосредни и тајни повеќепартиски избори, со свои програми и платформи, ако се сеќавате во предизборието ги претставивме своите платформи, а Платформата на ВМРО-ДПМНЕ беше конфедерална Југославија, што значи ние имаме кредит во тие наши гласачи,

А, за начинот на потврдувањето на таквите акти, да спроведеме референдум.

Експлоатираното мислење дека има еднострани акти е неодржливо бидејќи во вакви случаи ќе имаме најмалку тространо сведување на чисти сметки.

Би се навратил на ноторната вистина дека во вакви скоро нерешливи политички недоразбирања меѓу републиките во југословенаската заедница патот кон самостојност и прогласување независност е единствено исправно решение за Македонија од следните причини:

1.За создавање на сојуз на суверени држави претходно републиката треба да ги има сите ингеренции на суверена и независна држава.

2. Ако не се постигне согласност за сојуз на суверени држави непрогласувањето на самостојност може и ќе ги зголеми апетитите на некои наши вечни посвојувачи приграбувачи.

3. Само со радикално а не насилно разрешување на политичката криза, со егоизам спрема другите политички субјекти во Југославија, Макеоднија може да се спаси од тотално економско и социјално раслојување.

"Егоизмот го покажуваат и другите спрема нас, па ништо лошо не гледаме и ние да бидеме малку егоисти" -го цитирам господинот потпретседателот не претседателот на Републиката, господинот Љупчо Георгиевски.

Мислењето за разграничуваше на економијата од политиката е сосема погрешно затоа што оди тоа едно со друго. Но, во развиените и стабилни земји економијата ја диктира поли-тиката. Кај нас е обратно, од прости причини што неразрешувањето на политичката криза води кон уништување и колапс на економијата.

Ние, како партија, во предизборието ветувавме ако победиме ќе овозможиме прилив на странски капитал во милиони долари. Ниту ВМРО-ДПМНЕ за македонско национално единство победи а тоа е многу лесно да се заклучи затоа што ВМРО има 38 пратеници од можни 120, а за формирање Влада се потребни најмалку 61. Ниту пак стигнаа ветените долари од една друга огромна и непремостива причина, а тоа е дека и најголемиот македонски патриота не би вложил ниту еден долар во политички нестабилна земја. Конкретно и многу од граѓаните во Македонија, во вакви услови ги чуваат своите тешко спечалени девизи во перница. А, за жал, на многумина им се наоѓаат во разни несолветни од политички причини банки и прашање е дали ќе гиповратат.

Поголемиот дел од населението се повеќе оди кон социјална бездна. Денеска никој никому во оваа Југославија не му ги плаќа сметките, а секој сака да зема. За жал, изгледа дека во тоа неплаќање Макеоднија го извлече подебелиот крај, не по своја вина. Поговорката вели дека наивните плаќаат се. Македонскиов случај треба да ни биде поучен. Затоа треба што побргу да

ги донесеме сите неопходни уставно-правни акти како самостојна држава на Македонија за да спасиме што може да се спаси. За да се зафатиме со економско-социјалните проблеми на целокупното население.

На овој југословенски врв што тоне Македонија никогаш не била командант. Не гледам причина да потонеме заедно со бродот кога капетаните први го напуштија без да ги платат сметките во време на своето командување. Но, сметките ќе мора да ги наплатиме. Ако едни со други се признаеме како суверени и независни држави оставајќи ги економските врски на соработка и взаемна испреплетеност нераскинати.

Да потсетам малку ние исто така имаме економски врски со Бугарија, Албанија, Грција и т.н. Не живееме со нив во сојуз, но економските врски и текови во светот никој не може да ги раскине.

Економскиот профит не познава и не признава граници. Но, бара политичка стабилност. Дајте да ја постигнеме во македонски егоистични услови. Друг пат нема.

На крајот би сакал нешто да кажам за своите размислувања околу ЈНА. Конкретно, поголемиот дел од старешините во таа рамија и нивните лични фрустации ми се потполно разбирливи. ЈНА беше создавана на митот за братство и единство, за социјалистичко самоуправно општество. Со повелкувањето на Словенија, со рушењето на утопистичко редуциранатa југословенска армија не е веќе народна, затоа што колку и да имаме лошо мислење за некои народи, мора да признаеме дека тоа беше исто така и нивна армија. Но, армија што оди против било кој народ што ја сочинува

повеќе не би можела да го носи името на народна армија. Јас тука би апелирал македонските старешини да ги надминат своите фрустрации и не само до македонските, затоа што секој народ што има држава мора да има и своја.зооружена сила како еден до предусловите за самостојност. Да се потсетиме дека и Слове-нија и предложи на армијата најмалку 3 години да ги чува границите на суверена Словенија. Господа старешини бидете достоинствени, покажете го чувството, како што би рекол Марко Вељанов.

Прашањето на војниците - регрути вратени од Сло-венија не е решено во духот на ветувањето на Владта и претседателот на Република Македонија. Имено, има сознанија дека и тие и други војници од Македонија се испраќаат во кризните жаришта. Примерот со возило на ЈНА со знакот на Црвениот крст од самобата. И покрај сите убедувања и ветувања од републичките раководители, вакви работи се повторуваат, што значи игнорираше на легитимната власт од страна на 111-та армиска област и неј--зините раководители.

На крајот, би сакал да кажам дека самостојноста на Република Македонија треба да се темели на уставно-правните одредби на Уставот на Република Македонија каде децидно е третирано ова прашање, со потврда на определба на сите граѓани на Републиката на референдум. За прашањето за самостојнсот и здружување во сојуз на 6 суверени држави, како поддршка на Платформата Глигоров - Изетбеговиќ.

КИРО ПОПОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани народни пратеници.

Уште на почетокот би сакал да го изразам своето задоволство и својот респект спрема уводните излагачи и посебно према анализата што господин Тупурковски ја даде за состојбите во земјата и неговите лични оценки за можните правци за разрешување на политичката, уставнат и економската криза во земјата. Посебно би сакал да ја поддржам неговата оценка дека навистина се наоѓаме во историско време и историска ситуација и со тоа нашата одговорност и одлуките.што Собранието треба да ги донесе, заедно со македонскиот народ и со сите припадници на другите народности што живеат во Македонија. Тоа секако, бара од сите нас крајно изострен осет за одговорнсота, да ги надраснеме партиските поларизации, партикуларистички интереси, да напуштиме гледање на работи низ тесни партиски диоптрии и да го слушнеме многу повеќе отколку досега гласот и мислењето на народот и одговорно да ги донесеме одлуките што се во интерес на нашата иднина.

Секако дека ќе се согласите, дека меѓу сите нас нема дилеми, а до сега повеќе пати сме го искажале дека на Македонија и е потребна национална, економска, социјална, културна и политичка преродба. Имено, кој ја познава историјата на македонскиот народ зане дека сите негови стремежи извираат од неговата автохтона духовна сила за слободно живеење, обединување и развој. Денеска, кога се наоѓаме токму пред овој исто-риски предизвик да решиме за политичакта и уставна конституција на Македонија, за нејзиното битисување во Југославија, Балканот и Европа има ли друг избор освен овој за кој веќе се определивме, за развој преку сопствено самооопределување, преку своја суверена

држава и за таква Југославија, доброволна и демократска во која републиките, како суверени држави слбодоно, рамноправно и договорно, по мирен пат ќе одлучуваат за својата идниан.

Голема историска задача е на сите нас во Републи-кта за сите овие опции што се присутни денес во земјата и посебно за нашата политичка определба. Тоа бара, како што впрочем и госпо-дин Тупурковски нагласи да ги усогласени и преточени во заедничка и единствена национална програма, би рекол или консензус или заед-нички определби и тоа со демократски дијалог и толеранција,'без судири и реваншизам, за да не се повтори трагичната историја на македонскиот народ особено во XIX и XX век.

Со други зборови, она што господинот Глигоров често-пати го нарекува, мораме да избереме европска опција што не само што ќе ги руши кумулираните проблеми на македонскиот народ, туку ќе му овозможи духовно обединување и соединување како рамноправен народ со народите на Европа.

Со други зборови, ако историски се погледнеме мора да дојдеме до оценките дека историјата не се повторува. Првиот Илинден, ако на првиот Илинден се обидовме самостојноста да ја оствариме со оружје, времетраењето на македонската држава беше кусо. Меѓутоа, со длабоки траги и силен национален израз. Вториот Илинден го оствaривме со револуција и создадовме држава на дел од етничката територија на Македонија. Третиот Илинден може да го оствариме ако ги прифатиме вредностите на новото време, а тоа значи до третитот Илинден преку- демократија, преку сестран развој во рамки на обединета Европа. Или, ако од тој аспект погледне ме, во првиот Илинден како сојузници ги имавме народностите и етничките групи во Македонија. Во вториот Илинден сојузници ни

беа и над народите и народностите на Југославија. Третиот Илинден ќе го извојуваме ако сојузници ни станат народите на обединета Европа. Европа без граници ќе значи всушност и слободна комуникација и поврзување на сите македонци, без разлика во кој дел на Македонија живеат. ' '

Затоа треба да ја убедиме Европа и да биде убедена, да биде уверена во непоколебливоста на нашите стремежи за нашиот хуманистички и цивилизациски пристап во нивното остварување. Други пристапи - војна, вооружени судири, сублимација во ова време на прагот на XXI век Европа нема да прифати. Затоа сметам дека Македонија во нејзината ориентација мора да тргнува од тоа дека на овие простори живееме со сите други народи што постојат тука.

Искуството покажува дека онаа политика што создава и остварува повеќе пријатели е поуспешна отколку онаа што создава пријатели. Меѓутоа, во сите наши опции и главната и основна што до сега е дефинирана и утврдена секако е јасно, тоа треба да биде наша јасна политичка определба дека територијалниот национален интегритет, правото на самоопределување на македонскиот народ, државноста и независноста на Македонија мора да бидат основа на сите наши преговори. Само под такви услови можеме да прифатиме дијалог со сите во Југославија, а и во Македонија. За тој дијалог ние сме подготвени пред се со аргументи а не со емоции. Така треба да бидеме подготвени. При тоа треба да тргнеме од историските теоретски постулати на македонската теоретска мисла која скоро еден век се обликуваше низ историјата на борбата на македонскиот народ. Ако надвладеат страстите, кои за жал се повеќе се присутни и во нашата средина, повеќе од очигледно ќе не турне во заслепеност која се повеќе ќе произлегува од наши непријатели.

Затоа, не поддржувам политика која значи кршење преку колено на одлуки, донесување одлуки во страв и паника бидејќи тогаш најлесно се прифаќа туѓото мислење како најприфатливо мислење. Јасно треба да излеземе пред македонскиот народ и во целост го поддржувам господин Тупурковски. Никој овде во овој Парламент, ниту еден пратеник ниту Парламентот во целина го нема тој мандат и го нема тоа право во името на целиот македонски народ, во името на младото поколение, во името на среќата и иднината на нашите деца да одлучува за нивната иднина и нивната перспектива. Според тоа, врз една плебисцитарно изразена желба на сите граѓани во Маќедонија овој Парламент ќе може да биде на висина на сите задачи и да донесе одлука која ќе биде во духот на изразената плебисцитарно изразена желба.

Од тој аспект новиот предлог што е даден од Социјал-демократскиот сојуз и Реформските сили на Македонија - Либерална партија во целост се совпаѓа со нашиот предлог, на групата на Социјалистичката партија во носењето на овие историски одлуки и во таа смисла ја поддржуваме и пристапуваме кон оваа иницијатива на Социјалдемократскиот сојуз и Реформските сили на Македонија-Либерална партија и на ВМРО-Демократска партија бидејќи разбрав дека и господин Голубовски ја поддржува, поддржуваме пред се народот плебисцитарно да ја изрази својата желба. Врз основа на така плебисцитарно изразена желба Македонскиот парламент да ја донесе таа историска одлука за идното битисување на Македонија на Балканот и Европа.

Бидејќи ова би сакал посебно да го потенцирам, дека никаквото, како што се предлага или апостуелното изјаснување на народот запрашања што имаат суштинско значење во суштина е дезавуирање на неговото уставно право, на секој граѓанин сам да одлучува за својата судбина што потсетува на познатата практика

на едноумието, одлучување во име на народот, чие мислење е арбитражно а не директно постулирано во одлуките на Парламентот…

КИРО ПОПОВСКИ: (продолжение)

.... впрочем како штр се залагаме дека Македонија не може да биде во редуцирана федерација, дали е можно Парламентот кој значи сепак редуцирана репрезентација на волјата на граѓаните на Македонија да одлучува за интересите на целиот народ. Затоа, предлагаме: ја поддржуваме иницијативата и предлогот народот на референдум да се изјасни за идното уставно-правно уредување на Македонија. Едновремено предлагаме Парламентот да донесе одлука според партиите кои што се застапени во Парламентот во конечното обликување на алтернативата за референдумот да бидат вклучени и сите други партии вон Парламентот. И трето, цениме дека Владата на Република Македонија мора да даде јасни вреднувања за економски социјален, меѓународен и военостратешки аспект на Предлогот што се дава на референдум, за да народот знае каква своја судбина избира и за каква своја иднина ќе гласа.

Мислам дека и во оваа иницијатива и ценам дека може да се обезбеди тој политички и меѓупартиски консензус, бидејќи ценам дека сите имаме исти цели за суверена Македонија, за Македонија ослободена од сечие туторство , од социјална беда од економско заостанување и од меѓународна имериорност. Затоа и Ве повикувам овие заеднички интереси и цели за Македонија кој јасно сме ги изразиле и во досегашната расправа да не доближат и во размислувањата и за методите и начините како и што побрзо да ги оствариме во мир. Стара е народната поговорка дека со единство повеќе се постигнува. Во тој дух ценам дека во овие драматични ситуации низ кои поминува Југославија, во кои се оства- рува веќе братоубиствена војна со сета апсурдност се заканува и

да се прошири со сите овие натрупани кризни состојби и на нашите простори. Бидејќи ја нема таа сила доколку војната од Хрватска се прошири на Босна, Санџак и Косово, дека нема да дојде во нашите средини. Според тоа јасното определување што цел свет секојдневно ни го покажува и кој се дистанцира од употребата на сила како модел за разрешување на општествените противречности затоа што сето тоа е спротивно на општочовечкото и цивилизациско однесување треба да стане и наше сопствено определување.

Во таа смисла целосно би дал поддршка на она што и досега јасно го дававме како определба дека неопходно ни е потребна мирна и доброволна разврска на југословенската криза како ин-тегрален дел на општата концепција за воздржување од употреба на сила. Во таа смисла големо признание треба да се оддаде на сите наши претставници од Републикава кои извонреден придонес дадоа досега ова безумие да не се проширува во целата земја. Инаку, да направам малку дигресија, кога вие денес било кој граѓанин или човек до Гевгелија до Трглав би прашале што најмногу го преокупира и со што е најмногу преокупиран, имав можност овие денови повеќе да комуницирам, мислам дека и добар дел во Македонија секој ќе рече стравот, стравот кој што е детерминиран на овие простори, а кој што не е детерминиран ни со време бидејќи не се знае кога ќе престане ова безумие кое што владее во нашата земја и кое што по многу нешто дава слика на една патолошка општествена клима.

Ако некој или било кој граѓанин ќе прашате што сака најмногу денес во Југославија , што најмногу било кој македонец сака во Македонија, бара мир и пред се бара мир на овие простори

да во мир ја гради својата перспектива и иднина. И второ, ако било кого прашате денеска во Југославија кој е виновен за оваа состојба ќе ви кажат дека се виновни политичарите и национал лидерите во сите републики или во најголем дел од републиките, кои што всушност место што обеќаваат демократија , а место демократија донесоа национални дикататури, кои ветуваа слободен пазар со отворени видици кон Европа, а обезбедија милитаризирана економија во која што всушност издигнаа национални, економски,' информативни бедеми, кои место слобода на граѓаните всушност во името на некои колективитети ги затворија во бастиони и феудални држави, ја претворија Југославија и сопствените национални држави. Според тоа, нема друго решение за денешната криза. Реше-ние кое што само во еден мир, а тоа значи она што и господин Тупурковски говореше, она што е определба врз основа на Брионската декларација, последните заклучоци и на Претседателството и сите определби, разоружување на сите паравоени и воени единици и во една мирна атмосфера, во еден рамноправен дијалог без супермација, без мајоризација на било која нација и народ да се постигне договор било за заедничко живеење или за раздружување на Југославија со рамноправно суверени држави , она што цивили-зацискиот свет денес колку со леснотија го прави во Европа. Врз тие основи мислам дека треба да се направи пресврт и да се создадат услови за излез од кризата во која што денес на политички, економски и секаков план сме создадени. Бидејќи бројните расправи што ги имавме овие денови и во Парламентот а вие знаете дека последните два месеци народот веќе се сели пред Парламентот, не може да најде решение ни директори и пара директори во работните организации, не можат да најдат решенија

за престојната економска криза што ќе биде во земјата, затоа што целиот политички и економски систем се распаѓа. Доведени се во ситуација не само на прекин, тотален прекин на стопанските комуникации и врски со што се прети и економски колапс, опаѓа производството и извозот, невработеноста доаѓа до агонија и глад што одамна се заборавени на овие простори. Затоа, секој волонтаризам ги запира природните процеси кои потоа долго време не можат нормално да бидат воспоставени. Мислам дека се наоѓаме на овој крстопат и треба да обезбедиме вистински пат за иднината на Македонија. Затоа пред нас и сите генерации прифаќаме историска одговорност за натамошната судбина на Маке-донија. Мислам дека треба да стоиме цврсто на уверувањето дека никој нема право да манипулира со националните интереси на македонскиот народ заради парцијални партиски или слични интереси и други мотиви. Овој народ мислам дека не прифаќа ничии нацио- "' нализми па ниту свои. Нити пак сепаратизам или национална супер-лација од било кој. Политичките партии кои сакаат да имаат свое место на македонската политичка сцена , тоа мора да го имаат предвид и на политички и на демократски начин да се дис-танцираат од овие политички искривоколчености, а се како предус-лов за тоа е да биде присутни во клупите на овој Парламент и заеднички да одлучуваме за судбината на Македонија. Македонија според тоа знае што сака и од тоа не треба да отстапува. Со други зборови со усвојувањето на Декларацијата за суверена Македонија, јасно е на сите и во Македонија и во Југославија и на светот им кажавме дека сакаме суверено да одлучуваме за својата судбина. Сакаме да се договараме и здружуваме само врз

база на рамноправни основи како суверени држави и дека нема пазарење со Македонија и со македонскиот народ ниту сега ниту во иднина.

БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:

Господине претседателе, дами и господо пратеници, иако моето излегување на говорницата може да се подведе под реплика, тоа е сепак еден малку задоцнет на предизвикот што дојде од пратеникот господин Стоиле Стојков, а и на еден дел од дискусијата на господин Поповски. Би се сложил со критиката што ни ја упати господин Стојков, ако на дневен ред ги немавме точките 2 и 3 и ако не се случеше ова што овдека се случува што беше барем една бојазност за мене, имено веќе сме сведоци на тоа дека расправите по втората и третата точка се подведуваат под расправата по првата точка. Со оглед на тоа што сакав да учествувам во расправата во втората точка јасно е дека сметав 'дека нема место да се учествува и во расправата и по првата точка, особено што сме сите свесни оваа точка на дневен ред ние ја имаме веќе по трет или по четврт пат, секако на тоа пресудно влијаат секавичните промени кои што се случуваат во земјата и во Републиката, меѓутоа, сметам и денеска кога по четврт пат расправаме не треба повторно да се заврши расправата со еден вид на документот на типот на заклучоците кои што досега ги носевме, туку со еден документ од повисок квалитет.

Меѓутоа, земав збор посебно од следните причини. Ова што го постави како прашање господинот Стојков можеше да се постави малку и поинаку, ако сите заедно оцениме дека денешната седница има посебна тежина, дека има историско значење, дека е ова историски чин кон кој треба да се однесуваме со посебен дигнитет иако сето тоа така го сваќаме сигурно неговото обраќање немаше да има и некои елементи на одредено пецкање што ме потсети повторно на лозунгот под кои што може да се подведе моето обраќање, а тој лозунг е за македонските фронтови.

Имено, ние живееме подолго време во услови на бројно наметнати фронтови од надвор. Постојано ни е отворен таканарече-ниот грчко-македонски фронт, бугарско-македонски фронт, српско-македонски фронт, албанско-македонски фронт. Ние се наоѓаме подолго време во услови кога ни треба извонредна концентрација, максимално усогласие на ставовите на целокупниот умствен па и физички потенцијал, мудро водење и преземање на чекор по чекор кога сите тие од надвор наметнати фронтови се премногу за да ги издржиме целокупниот товар и за да ги погодиме временски и содржински правите и вистинските чекори и решенија што треба да ги преземеме. Познато ви е дека еден каплар со закрвавени очи кој што створи најголема воена машинерија до неговото време пропадна нацело откако отвори наместо два, три фронта. Ако ние имаме однадвор наметнати фронтови иако во тие услови во тие историски мигови, кога треба да ја" заокружиме сувереноста и државноста на македонската држава, отвараме и свои внатрешни фронтови, тогаш е за мене сосема јасно дека нашата позиција,

позицијата на македонскиот народ, поделбите во неговото битие, сомнежите што со векови му се таложени, само ги продлабочуваме и го правиме несигурен и недоверлив према нас тој што не избра за негови претставници.

Имено, сведоци сме дека покрај тие надворешни фронтови со вакви недоразбираwа постојано отвараме се повеќе и понови внатрешни фронтови. Познато ви е дека подолго време ние имаме меѓумакедонски фронтови. Ние почнавме да се делиме на македонци и на немакедонци, на старомакедонци и на новомакедонци, на македонци од Западна Македонија и од Источна Македонија итн. Ние имаме отворен фронт во црквата, ние отворивме фронтови помеѓу нашите луѓе во дијаспората, ние отворивме фронтови према институциите што ја претставуваат оваа македонска држава и тоа е најтрагичното , заради тоа што секој оној кој што заговара и тврди дека сме спремни и сме заслужиле конечно да ја заокружиме државноста на македонската држава , а постојано ги руши нејзините основни институции, го пореметува целокупното верување на народот кој што го претставува.

Познато е дека во последно време отворено се напаѓа претседателот на Републиката, дури се оди со квалификативи во јавноста,"дека е предавник на македонското дело". Познато е дека е отворен фронт против Владата, дека имаме отворен фронт внатре во самата Влада, дека имаме отворени фронтови внатре во Парламентот, тоа секојдневно се .гледа. Познато е дека имаме меѓупартиски фронтови, познато е дека македонецот од таканаречениот блок на националните партии, отвори фронт меѓу самите партии во блокот на националните партии. Тоа се случува последните три-четири дена со некои отворени напади на Македонската народна партија итн.

Познато ни е дека околу клучните работи за кои што сметавме дека има консензус непотребно и овој денешен ден отвараме нови фронтови. Према тоа има зошто барем јас не се јавив за дискусија, но да не должам со оглед на тоа што е еден вид на реплика. Би сакал да замолам за следното: Ние пративме еден циркулар до претставниците на сите партии кои што се моментално тука со оглед на тоа што цениме дека се работи за историска седница, со оглед на тоа што цениме дека и денеска може да допринесеме и понатака разнебитеното поделено битие на македон-скиот народ , да го доподелиме, предлагаме веднаш по оваа расправа да седнеме партиите да се договориме при враќањето на седниците да излеземе со заеднички став. И тоа го поврзувам со она што го рече господин Поповски и согласувајќи се со големиот дел на дискусијата на господин Голубовски, со предлогот и во оваа дискусија, за која што реков дека прави поврзување на расправата по точките 2 и 3 со оваа расправа по првата точка, по-натаму веќе да не споменува дека Социјал-демократскиот сојуз на Македонија и Реформските сили-Либерална партија се иницијатори итн. Не станува збор апсолутно за тоа кој е денеска иницијатор станува збор само за тоа дали навистина ќе го избереме правото решение и вистинскиот пат , денеска и понатака во наредните денови кога ќе мора навистина здрушно и со поголем степен на доверба да работиме во служба на изнаоѓање на што поправилни решенија за заокружување на државноста на македонскиот народ.

СТОИЛЕ СТОЈКОВ:

Да не ме свати погрешно господинот Ханџиски, со поголемиот дел на неговото излагање се сложувам, но со едно не можам. Често пати слушајќи најразлични дискусии и мислења и анализи за и против, самостојна македонска држава не можам а да не се запрашам што народ сме ние македонците? Дали сме народ со свое човечко достоинство, со своја национална храброст и гордост, зашто понекогаш си дозволуваме во автобус, на улица или било каде некој наши сограѓани, наши содржавјани , а кој не се македонци по национална припадност да ни држат лекции, да не навредуваат, да не класифицираат како сме некоја индустриска стока, те дека сме овој народ, те дека сме оној народ, а самите си знаеме дека сме македонци и само македонци. Ако разговараме со некој големосрбин и упорно велиме дека сме македонци, тој ќе ни ја залепи етикетата бугараши. И обратно.,-Големобугарашите ќе не наречат србомани, а ние кутрите со сите сили се оправдуваме дека не сме тоа, па не сме. Колку се итри овие големодржавнички тези, а главната цел им е да се приклучиме или кон едните или кон другите или кон третите. Што се однесува до констатацијата дека треба да се постигне национален консензус околу референдумот, ние со тоа се сложуваме, но да се почитува Уставно-правната регулатива. Имаме еден лекс специјалис, правниците знаат тоа што значи, за одредената материја и треба да се почитува тој лекс специјалис.

БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:

Ке бидам сосема краток, повод ми даде господинот Стојков. Ние немаме само почит, за македонецот се помалку работи се свети. Без самопочит и дигнитет и безвреднување на се она што е направено досега во тешката историја на македонскиот народ ние немаме континуитет и немаме душа и сила да го дозавршиме тоа, што нашите предци го почнале.

Излегов иако не е во контекстот само да прочитам еден дел од наредбата на премиерот Черчил издадена во април 1945 година  која што помалку се подудара со ова што го зборуваме. "Се наредува сите коњи и мазги што учествуваа во одбранбената војна да се повлечат во ергелите и према нив да се однесувате како према учесници во војната посебно ќе се казнат сите лица кои што со своиј став ќе предизвикаат повреда или присилна смрт на спомнатите животни. Сите трошоци за издршка на овие животни ќе паднат на товарот на Буџетот на Владата на нејзиното величество. За повредата на оваа одлука на Владата на нејзиното величество е одговорен ресорниот министер".

Каков дигнитет према мазгите и коњите кој што учествуваа во одбранбената војна, а каков е нашиот однос према еден дел од историјата на македонскиот народ без кој што немаше да ја има ни оваа македонска држава, прва после Самоила.

ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:

Јас ќе бидам уште покус од колегата Ханџиски и би рекол дека пратеникот Стоиле Стојков што полемизираше во првото излагање и сега со некои тези кои овде никој не ги изрече, па во таа смисла мислам целата негова дискусија ја сваќам повеќе

како самокритика. И второ мислам дека ако Стоиле Стојков има проблеми со сопствените определби јас ги немам такви во контекстот на дискусијата дали србинот ќе речел вака или бугарот вака.

СТОИЛЕ СТОЈКОВ:

Ова помина во забавуваше на нашите граѓани. Ако господинот Попозски ме слуша јас реков во автобус, а не овде. Спрема тоа не се однесува на никого од овде. Имаме такви случаеви треба да бидеме свесни.

Што се однесува до господинот Ханџиски околу непризанвањето на борците па ако се сеќавате јас пред извесно време од оваа говорнида реков дека ние имавме своја македонека стоилјадна војска и тоа држи дека ја ослободивме со наши сопствени сили оваа македонија, никој друг не ни ја ослободи, па мислам дека нема место да ми реплицирате споредувајќи ги борците со некои, несмеам дакажам, се извинувам.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор господинот Митко Анастасовски.

МИТКО АНАСТАСОВСКИ:

Имаат право луѓето што велат јас сум поголем македонец, а не е македонец. Имаат право. Имаат право и луѓето што не се македонци, а велат дека се поголеми македонци.

Втората реченица е ја сакате ли Македонија, правите држава или не правите?

СТОЈАН АНДОВ:

Сега предлагам да направиме пауза, а за дискусија се најавија Цветковски, Ковачевски, Личоски, Трпеновски, Фаик,

^&

Змејковски, Келешов и Бранко Арсовски.

Ја предлагам паузата за ручек а ќе продолжиме во 16,оо часот.

(Прекин на седницата од 14,15 до 16,15 часот)

(По паузата)

Има збор пратеникот Стојмир Цветковски.

СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ:

Почитувано претседателство, почитувани гости и пратеници.

Ние граѓаните од Крива Паланка сочувствувајќи со болката на сите мајки за нивните најмили ја изразуваме нашата крајна загриженост за несватливата состојба во земјата.

Зарем така фалените национални, социјал-демократски социјалистички, југословенски и какви ли се не определби нема што. друго да понудат во овој префален плурализам на својот народ и додека на телевизијата и радиото по изборните музички нумери следеа потресни сцени на суровата смрт, животот тече, а за некои во најубавите години завршува за секогаш останувајќи не нас со тага и бол. Што ли се случува заправо со сите нас? Дали ја знаеме правата вистина и како да им одговориме на нашите најмлади зошто е потребна војната, кј јас предизвикува и за кого, кога живееме во заедништво и слобода.

Можеби на секаде во Југославија не е така, но вистината е дека Крива Паланка е меѓу најсиромашните општини во републиката обременети со бројни социјални тензии, невработеност, неликвидност на стопанството, мисли дека е сегашната војна нејзиното поддржување, потпомагање на овој или оној начин еднакво

е на предавство на својот народ и на се што е досега сторено. Зарем е можно Македонија било кого денеска да загорзи или пак си даде зас прво приклучување кон било кој за остварување на цели кои во овој момент можат да имаат катастрофални последици за сите нас. Иако нашава Македониај не се развиваше со ист интензитет во повоениот период во однос на другите републики се чувствуваше најсреќна бидејќи се оствария историските стремежи за македонскиот народ за створена своја република односно држава со помош на другите народи и народности од Југославија. И повоениот период се обесправија безброј наши патриоти, поборници за целосна Македонија кои ги  додоа својте млади животи или по заторите ги изгубија најубавите години. Неумоливите историки прилики, кревката Македонија, малиот број на вистински патриоти а најмногу интересите на големите сили условуваше таков тек на состојбите кои за нас во состав на Југославија не се познати. Зарем немањето на елементарните права на нашите македонци во Пиринска и Егејска Македонија не се единствен случај во светот. Зарем по толку години по војната состојбите на нашите во Албанија што бараат сол и леб не е доволна илустрација за нивниот живот и состојба за нашиот живот и на сите малцинства кои живеат  со нас. И сега кога е така со нас и нашите надвор од Македонија во дијаспората се поставува прашањето која опција е најприфатлива за да ненаправиме неповратни чекори и го изгубиме сето досега што е добиено. Каде се нашите богати бизнисмени, што заправо тие ни нудат? Зошто не се вратат во нашата Македонија. Зарем треба да биде човек голем политичар, историчар, и даде одговор на сите политички и економски движења во светот и кај нас кои неумоливо рушат се пред се заедно со своите бројни слуги. Зарем

и Југославија како носител на движењето на неврзаните и немешање го заслужи деградирањето, вистинското сожалување и вчудовидување за ескалацијата на сегашните состојби на националистичките повампирувања, убивања, делби и рушење на се до сега сторено. Во чија режија се одвиваат овие немили поттикнувања и која им е крајната цел.

Немирите во нашето гратче во текот на мобилизацијата на војната единица претставуваат до сега незапамтен провокативен чин сличен на другите места во Македонија и Југославија и се прими со огорчување и нека ни служи на сите нас како задна опомена како и на кој начин се користат општествено-политички, економски, меѓунационални и најмногу со законски нерегулативни односи на републиките со сојузните закони за воените обврски како и неодговорните изјави на поедини претставници на Владата. И така манипулирањето со фамилиите на обврзниците и самите нив се случуваше 3 дена едно по друго беа праќани во најзагрозените подрачја да би на крај оваа вежба на дезинформации, вежба на нерви и игра со моралот на луѓето и учесниците во вежбата да заврши со познатиот епилог, а останува на времето да ја покаже правата вистина и заднина за сето што се случуваше во нашата и другите воени единици.

По овие конфузни состојби со право се прашуваме каков ќе биде односот на нашите луѓе во случај на потреба за одбрана на Републиката и односот на сите нас кон ЈНА кога е повеќе од евидентно да се напаѓа како таа да ги условуваше настаните.

Нашиот град има стално присуство на ЈНА, тоа е погранична единица која не само нас, туку и на целата држава и обезбедува мирен сон и спокојство. Бројни се остварените дела од ЈНА на својот народ. Направени се мостови, водоводи и безброј инфраструктурни објекти. Немој да дозволиме без причини да се напаѓа ЈНА, но доколку има појави на односи и состојби недо-лични за старешинскиот состав, треба сестрано да се залагаме за нивно отстранување од редрвите на ЈНА на која им ги поверивме животите на нашите деца. Нека им биде срам на сите старешини кои помислуваат поинаку кон било кој војник одошто би мислеле на своето дете. Слободно можам да кажам да не бил тој и таков однос во текот на НОВ нашите партизани, нашата војска не би постанала легендарна.

Населението од К.Паланка верно ќе ја чува границата истовремено барајќи од сите заложба за мир и добрососедство со сите кои не ни го загрозуваат националниот и територијалниот интегритет. Давајќи се од себе за мирно и демократско разре-шување на политичко безбедносната состојба, стопанските проб-леми, оградувајќи се од лудилото што им ги одзема животите и иднината на нашите деца.

Додека секој ден преговорите на политичките врвови се повеќе се неизвесни ги молиме да не се злоупотребува ЈНА бидејќи живото на сите нас е бесцелен. Владата нека преземе најитни мерки за разрешување на стопанските проблеми, невработеноста, социјалните тензии и неизвеснота на локалната самоуправа која е за сега скоро без никакви ингеренции, а највише потребни.

Немој да дозволиме да бидеме жртва на стопанскиот и социјалниот колапс кој во најскоро време ќе не прегази ако не бидеме крајно одговорни.

На крајот поддржувајќи ги сите апели за мирни разврски за состојбите во Југославија даваме целосна поддршка на Платформата на нашиот ценет претседател на Републиката Киро Глигоров и претседателот на Бих Алија Изетбеговиќ кој со својата досегашна политичка мудрост трепени и искуство се на најдобар пат за разрешуваење на сегашните состојби во Југославија за создавање сојуз на суверени држави.

Секоја грешка во овој историки миг за Македонија може да има несогледиви последици. Нека партиските ривалства се преточат во една целина за мир во Македонија.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор пратеникто Стојан Ковачески.

СТОЈАН КОВАЧЕСКИ:

Јас ќе почнам од оние недоверби кои што од оваа говорница се искажаа спрема македонскиот народ во случај на негово плебисцитарно- референдумско изјаснување по основниот проблем за кои денеска  тука расправаме.

Сметам дека тоа право го немаме, тој мандат го немаме да се сомневаме во сопствениот народ, сметам дека во сите историски моменти низ историјата македонскиот народ бил на правата страна и секогаш знаел да го определи својот историски интерес.

Ако се оди на Декларациајт за независност, а потоа на некаков референдум народот ќе го навредиме и ќе ни ја рече онаа народната "по свадба тапани" другари пратеници.

Сакав да се искажам и по наредната точка да не се повторуваме во дискусиите, бидејќи неможеме да ја оспориме поврзаноста на прашањата за кои говориме денеска за политичко безбедносната состојба во Македонија.

Се се сведува на тоа дали Македонија може по мирен пат да постане суверена и независна држава и дали може како таква независна да се оствари во паралелен процес на раздружување и истовремено отворање пат за влегување во сојуз на суврени држави како што тоа го дефинираше нашиот претседател Глигоров.

Со овој став Македонија и сите ние заземаме нај југословенски, најмироњубив, најчесен пат спротивно на оние кои се бусаат во гради во некои други републики и дека застапуваат некоја југословенска опција. Ние, навистина низ овие ставови во Парламентот, низ нашиот претседател и членот на Претседател-ството на Југославија се залагаме за соживот на балканските простори, а со европската опција обезбедуваме и иднина за културна, духовна и економска интеграција на македонците и со македонците со соседите и перспектива на сите македонци во дијаспората за нивно мирно враќање во татковината, во стариот крај како што тие знаат да велат. Дали овие идеали ќе можат да се реализираат не зависи само од нас. Разочарувачки делува констатацијата де-неска тука изречена дека се многу тешки шансите за обновување на ЈУ-преговорите. Од друга страна составот на Претседателството на Југославија со ваквиот однос кој што досега го гледаме ништо

добро не може да ни донесе нам и на сите југословенски народи. Од една страна едностраните одлуки на Словенија и Хрватска се веќе видени. Последиците се очиѓледни- и по жртвите секојденевно можат да се видат. Но, преговарачката опција со ова ако не е суспендирана, тогаш е одложена на неодредено време.

Сакам да искажам свој протест за несериозноста на некои членови на Претседателството на Југославија наспроти сериозноста на целокупниот југословенски простор и пошироко заради така наречената коалиција на познатата четворка. Неод-говорноста и несериозноста на овие 4 члена на Претседателството достигаа таков степен што ги дозволам да ја наречам "беби-дол коализација" која секогаш е подготвена да реализира сценарио кое потекнува од едно место и за жал на штета на мирниот дијалог и договор во Југославија. Во такви односи залагањето на Македонија преку овој Парламент, преку претседателот Глигоров и членот на Претседателството Тупурковски, сметам дека целиот македонски народ е горд што ги следи и ги поддржува овие надчовечки залагања на овие 2 наши претставници како апостоли за мирно решавање на ју-кризата. Оваа опција јас мислам дека треба да бидеме уверени дека е без алтернатива,се друго може да не доведе во опасност по македонскиот народ, македонската држава која што може да изгуби се она што до сега е спечалено.

ВЕЦКО ЛИЧОСКИ:

Господин претседател, господа пратеници.

Немав намера да дискутирам, туку сакам да кажам некои одредени работи во однос на ова што денеска го дискутираме, она што сме го дискутирале порано и веќе неколку седници наназад

ги дискутираме истите работи, истите дискутанти, иста дискусија никаков напредок.

Прво, мислам дека кога трите точки што беше клучно прашање за денешната ситуација кај нас во Југославија поготово во Македонија беа одложувани да господата бидат при-сутни тука и пред нив ја искажеме вистината која не боли која не тишти од почетокот од како сме дојдени овде.

Второ, сметам дека, ако се знаеше дека господинот Тупурковски ќе замине, јас мислам дека не требаше да ги држиме овие точки и да дискутираме и да повторуваме работи кои се повторуваат веќе неколку седници station наназад.

Трето, јас верувам, а верувам дека и целокупното македонско население кое веќе не следи на телевизијата очекуваше многу нешта од искажувањата на господинот Тупурковски, госпо-динот претседател на Владата поготово потпретседателот кој -ѓо замени затоа што требаше да каже што да изнесува друго и сметам дека од нив повеќе требаше да се очекува. Работите кои ги искажаа ги знаеме, ги гледаме на ТВ, ги читаме од списанијата

ВЕЦКО ЛИЧОСКИ: (продолжение)

Се пратиме, и ја следиме целокупната положба како изгледа во нашата земја. Ние оичекувавме нешто друго поготово јас еве конкретно очекував нешто што треба да се преземе и што треба да се преземе и што треба да преземе оваа наша Република за идното уредување кај нас, за идната положба, каква ќе биде нашава Македонија. Ние слушнавме многу убави работи, слушавме и од господинот потпрет-седател, слушнавме и од господинот Тупурковски, туку не слушнавме какви се ставови, кои се ставовите, каква е положбата и како ние понатаму ќе се справиме во однос на ваквата положба што ја имавме сега, поточно што ја осеќаме и што ја осеќа секој човек.

Господинот Тупурковски кажа, или не се сеќавам не држете ме за збор или господинот Блаже Ристевски дека имало формирано овдека паравоени единици,кај нас во Македонија. За во Србија и Хрват-ска знаеме дека има таму паравоени единици. Знаеме дека имаше сега и наоружување, што дојде сега со седум-осум бродови во пристаништеЈ-о Бар кои сигурно се наменети за некого да се наоружува. Меѓутоа, што со нас, што ние ќе направиме, што ќе сториме. Дали ние нешто сторивме во однос на формирањето на ТО кај нас, дали ние ја зедовме ТО во рацете наши, затоа што викаме дека таму се формирани терито-ријални единици, а кај нас немаме формирано. Ние знаеме каква е, ние имаме формирано, меѓутоа е во ингеренциите на армијата. Не е кај нас, не е во рацете на македонскиот народ, не е во рацете на овој Парламент кај што треба да се расправа и да каже таа војска ќе биде ваква или онаква. Ние знаеме дека во Словенија кога беше војната настана издајство од страна на армијата. Тоа го знаеме. Сите го знаат. Издајство настана заради тоа што група на старешини се префрлаа во војската, а нашите старешини што се старешини - македонци, каде ќе се префрлаат ако дојде истата таква ситуација, овде кај нас. Тоа ние не го знаеме.

Само го гледаме, го слушаме и чекаме. Чекаме веќе пет месеци. Чекаме на една таква работа која што незнам дали ќе ја дочекаме и како ќе ја дочекаме. Тие старешини се префрлаа, одеа во војска. Каде нашите старешини, и дали ние имаме донесено овде нешто, закон или било што, нашите старешини во една таква ситуација, и тоа треба и тоа е спирустно кај нас, и тоа утре ќе дојде, веќе е дојдено а го слушнавме господинот Тупурковски дека веќе се заканува една таква работа . Тие наши старешини каде ќе одат? Каде ќе се приберат кога знаеме дека нашата војска се ингеренциите на армијата.

Понатаму ако веќе се знае дека во нашата Република, велам ако се знае, не можам да речам и да тврдам дека се формирани паравоени единици од страна на Шешељ, од страна на Драшковиќ негде во северните краишта на Републикава, туку што ние имаме сторено за тие паравоени единици таму што се? Дали ние се имаме спротивста-вено, било тоа да е на ваков или на онаков начин. Не! Ние ќе ги оставиме и утре нашиот северен дел  да биде нападнат, одземен и поништен, такаречено од оние кои што имаат некакви аспирации. Ние немаме апетити. Ние камо таква среќа да се прифатеше Платформата на господин Глигоров-Изедбеговиќ, камо таа среќа на еден таков убав, мирен начин да се решеше проблемот на оваа наша држава. Ние ќе бевме пресреќни,немаше да има посреќен човек. Ние велиме дека нашава Република, нашава држва, нашава Македонија е оаза на мирот. Али јас велам дека тоа е привиден мир, ако веќе се формираат вакви паравоени единици во северниот дел на оваа Република. Привиден мир! - кој нас ни гарантира, а ние овде сме застанале четири дена, кажуваме ретко ја следиме состојбата, кој ни га'рантира дека утре нема да има такви немири овде кај нас. Гледаме ние, еве и господата пратеници од ПДП и НДП кажуваат некои други работи. Ние слушаме и за нив,

гледаме и за нив, слушаме како тие се организираат. Од каде ние тврдиме дека нивната организација не е онаква каква и тие ја искажаа овде дека нема мир без спогодба во оваа Република. Покрај ова што го имам, што го искажав сакам јас на еден одреден начин затоа велам дека треба да бидат господата најповиканите овде што се за Македонија, овде да бидат кога дискутираме. Ние знаеме дека од оваа говорница се јавуваат и оратори, полуоратори и оние кои што слабо знаат да дискутираат. Меѓутоа, оние што зборуваат, ние со години тоа го слушавме, со години овде кажувавме, со години истата работа ја повто-рувавме. Ние знаеме демагогии да држиме, али стварната вистина овде треба да ја донесеме и навистина да го искажеме она што секој маке-донски човек го мачи и го тишти за својата земја. Само на еден таков начин можеме да се сплотиме и постојано да не се конфронтираме во однос на тоа овие рекле така, онаа партија рекла онака. Ние сме еден единствен македонски народ кој што живее во оваа Македонија и ќе живее и понатаму. Дали се тие од ВМРО, дали се од ПДП, дали се од НДП или се од Сојузот на реформските сили итн. , тие се ист народ, македонски народ. Ние еве јас досега не сум се јавил за една ваква дискусија, меѓутоа, досега во овие пет месеци само конфронтации и никогаш не дојдовме до една одредена цел. Само се испукуваме и кажуваме кој е голем македонец, кој е мал македонец, кој е полумакедонец. А сите сме македонци, сите и сакаме благодет на оваа држава.

Јас за оние две точки останувам и понатаму, не сакам да дискутирам за тоа бидејќи не се на дневен ред, да се јавам и да кажам мое мислење за тие две точки како треба да изгледаат.

А сега би ги прашал, господата најповикани за оваа држава - до кога треба да чека Македонија во разврската на југословенската криза, кога од ден на ден се повеќе се продлабочува и кога не работи во права смисла прво Владата второ Претседателствоот, трето Парламентот и ред други сојузни органи кои не работаат. А знаеме

дека ситуацијата е се повеќе и повеќе, неколку месеци уназад стопирана и стагнира. Тоа е првото прашање, и второто прашање што се однесува до армијава, ние нон-стоп ВМРО е напаѓано за таа армија дека ја нејќе. Јас велам - не! Зошто? - Ние не да ја несакаме армијата. Ние армијата ако не ја сакаме нема наши деца да одат во таа армија. Ќе речеме - не ги пуштаме. И ќе се спротивставуваме на тие одлуки или барања и работи што ги поставува армијата. Ние ја сакаме армијата, меѓутоа ние бараме армијата која што е во Југославија, да грото на оние луѓе на оние деца, да служат во нашата држава. И старешините кои што се распрскани низ цела Југославија, нека бидат, јас не велам да не бидат, меѓутоа грото да бидат овде. Имаме ние доволно старешинство и кадар кој што може да биде и на друго место и овде. Ме интересира сега кога велиме дека армијата се повлекува од Словенија, каде таа се повлекува, јас го прашувам тоа. Дали домицилот на таа армија е надвор од Југославија,на кое место ќе појде таа, кога знаеме дека сеуште велиме, макар да тие се раздружија на еден одреден начин словенците, сеуште се на тертироијата на Југославија стара Југославија мислам, не сегашнава каква што е. Дали тие старешини имаат некој нов домицил каде што треба да појдат, дали тие војници имаат нови места каде што треба да појдат. Каде се повлекува тоа е последното прашање.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор Димитар Трпеновски.

ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:

Ние со прифаќањето на Брионската декларација, прифативме како и досега мирен расплет на југословенската криза. Меѓутоа во периодот на мораториумот Претседателството на СФРЈ и натаму глуми како да постои сеуште југословенската држава и треба одлучно да каже дали е валиден Уставот од 1974 година. Со блокадите кои што

настануваат во федералниот врв мислам дека сеуште стои и се држи отворената воената опција. Имено на југословенскиот простор Словенија се отцепи, се сецеонира, Хрватска се ливанизира, а Македонија е на евро-пат, на Кебсовиот пат и сеуште сметам дека е жива Декларацијата Глигоров-Изедбеговиќ.

Сакам да кажам дека оној што се бави со државни работи мора да го сносува и ризикот за одлуките што ги донесува и да биде спремен да го вгради и својот живот доколку прави неоправдани гревови.

Ние сега за да донесеме политичка проценка во интерес на македонскиов народ за неговите потесни и пошироки национални ин-тереси, мора да ги имаме во вид состојбите што го обликуваат политичко безбедносниот рељеф на југословенската криза. Него го карактеризираа и тоа: прво, распад на југословенскиот реал социјалистички модел, кој што се одвиваше по релативно мирен демократски пат. Меѓутоа, исто така присутна е оценката дека во Словенија, Хрватска и Србија се родија тоталитарни системи и партиски држави и не е на сцена цивилно општество и правна држава. Македонскиот простор и-на-така е политички плурален и релативно мирен.

Што е ново во југословенската криза?

Неспорен е распадот на реал-социјалистичкиот модел . Меѓутоа ново е што имаме распад на југословенската држава. Ново е тоа што веднаш се ставија во оптек три опции: федерација, конфе-дерација и сецесија. Ново е што при исполнувањето на опциите конфедерација и сецесија се отвори прашашето на состаноците со прет-седателите на републиките и претседателите на претседателствата на Републиката, лансирана е опцијата - границите се отворени. И во тоа е нашата голема дилема. Инаку, неспорно е дека уште од 1974 година ние егзистираме како конфедерална држава. Меѓутоа, 20 цели години од опсипани сме со една лепеза на сензации, самоуправен федерализам симетрична и асиметрична федерација, раздружување, термини правно

необликувани а правиот термин, правен термин на раздружување е сецесија. И тоа сецесија од европски тип, по мирен и демократски пат, како што сакаме и ние. И вториот тип на сецесија, сецесија по секоја цена, а таа се постигнува со импут на сила, со воени и пара-воени формации како што имаме еклатантен пример во Словенија, кој што го избра најкраткиот пат на сецесија а тоа е со воениот фактор.

Спрема тоа ние и натаму мислам дека треба да останеме на определбата за осамосталување по мирен и демократски пат, што е европска опција, а за тоа имаме-Декларација или пријава која што ја донесовме во овој Парламент, а ја имаме и Платформата Глигоров-Изедбеговиќ со што мислам дека извршивме операционализација на таа платформа односно интернационализација на македонското прашање. И затоа имаме и европско признание. Ова е важно затоа што бараме меѓународно признавање на нашите граници и заради тоа што со лансирањето на опцијата отворени граници присутна е определена опасност кај македонскиот народ. Ние на ова имаме морално политичко право заради тоа што со ништо не учествуваме во либанизацијата во одредени федерални единици во Југославија.

Меѓутоа за одлуката раздружување мислам дека легална и легитимна основа е политичката волја на македонскиот народ. Политичкиот суверенитет на Парламентот е недоволен за една таква историска одлука. Ова е потребно азради тоа што во сите федерални единки на југословенскиот простор имаме декларации како политичка волја за остамосталување, имаме плебисцити, имаме и сецесија, али мораме да имаме предвид дека имаме и либнизација во Хрватска, односно трагедија. Европа, европската заедница ја формира по мирен пат и во сите европски конвенции прифаќа само мирно раздружување односно поправилно мирна сецесија.

БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ:

Почитувани пратеници дами и господо народе макеоднски. Чувствувам историска одговорност" како македонец пред Парламентот на Македонија и пред целата македонска јавност јавно да прозборам за нашата судбина, за нашето постоење, за нашата иднина. Моментот е историски, голем судбински... Како народ и суверена држава исправени сме пред голема опасност. Сакаат пак да не делат, да не поро-буваат и прекрстуваат, да ни ги цртатаат границите други. Сакаат да не постоиме, да бидиме дел од нивните големи држави. Сакаат да се повтори историјата. Но дами и господо, ние сме овде , постоиме, живееме, тука сме. Ние сме и во Пиринска и во Беломорска Македонија и во Мала Преспа, во Америка, Австралија, Канада Европа... Ние сме можеби малку, а сепак не има доволно да се чуе за нас. Имаме и држава, македонска, демократска, повеќепартиска. Имаме и срце да ја браниме и зачуваме нашата слобода, нашиот народ, нашата држава. Но дами и господо, има и луѓе нелуѓе кои сакаат Македонија и македонскиот народ да ги стават на колена. Српската воена хунта на чело со Слободан Милошевиќ и група ретардирани бивши и сегашни генерали задоени со отровот на српскиот шовенизам и хегемонизам веќе неколку месеци упорно се убедуваат на дело да ги спроведат идеите на Вождот за создавање на голема Србија, во која Македонија ќе биде само нејзина јужна бановина. ВМРО-ДПМНЕ неколку пати јавно го демаскира таквото сценарио кое сите не води во катастрофа и граѓанска војна. Тоа сценарио веќе доживеа тежок пораз во Словенија. Ке доживее секаде каде ќе биде применето. По кој знае по кој пат на дело се покажа дека народот што ја брани својата слобода е непобедив, а армијата што нема мотив да војува однапред е осудена на пораз. Ете затоа се предаваа војниците во Словенија. Затоа што беа попаметни од оние кои му даваа наредби

да пукаат во својот народ. А тоа е очигледно сеуште не им е јасно на господата генерали заслепени од нивните егоистички интереси ги туркаат младите војници, нашите браќа и синови како топовско месо во првите борбени редови да гинат за туѓи интереси. И сето тоа во име на мирот и демократијата што тие ја загрозуваат и урherивaат, а обвинуваат други со прозирна цел утре да се појават како "спасители" од хаосот што тие го направија. На нас во Македонија ни е доста од такви "спасители". Затоа дами и господа, секој чин на интервенција во Македонија од страна на т.н. ЈНА го сметам за чин на агресија и окупација. Таканаречената ЈНА одамна не е ниту југословенска ниту народна. Зад не стои словенечкиот и хрватскиот народ, Босанците, Македонците, Албанците. Зад неа не стои ни српскиот народ. Српските мајки и татковци го дигнаа својот глас против залудното гинење на српските војници во Словенија, Зад неа стојат само група српски генерали, Милошевиќ, група пропаднати политичари и полулегалната милитаристичка организација СК движење за Југославија која се служи со методи на Секуритате, ја врши мобилизација во Македонија. За кого и за што. Перфидни и провидни се нивните објаснувања дека тоа се врши според уставот и законот, што тие одамна не го почитуваат. Зад неа стојат и домашните веле-издајници: оние кои дозволуваат македонските војници да гинат во Словенија, Хрватска, Косово за туѓи интереси, оние кои со разни махинации ја кочат и развлекуваат работата на парламентот за да Македонија и македонскиот народ бидат дезориентирани, без став без иднина. Оние кои упорно одолговлечуваат да се донесе новиот Македонски устав и нови закони за суверена самостојна македонска држава и на крај тие се оние кои ронат крокодилски солзи за ЈНА, обниувајќи други за пролеаната крв на македонските војници , а не оние кој ги местат на нишан.

БРАНКО АТАНАСОВСКИ:

Почитувано претседателство почитувани пратеници, во изминатите, но доста добри времиња на сите нивоа оценивме дека Југославија, а во тој контекст и Македонија претставуваат оаза на мирот. Поради ваквата состојба истата доби широка афирмација во Европа и светот, а посебно мегу неврзаните земји. Мирот го красеше организирана и развојна економија, успешен социјален и политички развој со усогласени меѓунационални односи, со почитување на човекот како човек. Секој граѓанин од Југославија и сите граѓани кои доаѓаа во Југославија на секое место од Триглав до Гевгелија се чувствуваа безбедно убедени дека се на парче земја во која владее мир. За жал еве последниве години и денови и може кој знае уште колку денови ќе оценуваме дека Југославија е земја во која безбедната состојба е крајно лоша. Лоша до тој степен да се на-рушени сите витални интереси на секој граѓанин без разлика каде се наоѓа. Секојдневните информации не убедија во тоа меѓутоа, рвие информации беа потврдени и од нашиот член во претседателството на СФРЈ д-р Васил Тупурковски и нешто со помала информација од потпретседателот на Владата д-р Блаже Ристовски. Според изнесените информации постои оценка за една сеопшта војна во Југославија која може да настане ако не се решат по пат на договор многу важечки прашања кој ја поспешуваат лошата политичко безбедносна состојба во Југославија и се разбира во Македонија. Сеопштата политичко безбедносна состојба во Југославија и Македонија, а посебно во Југославија се карактеризира со секојдневни жртви човечки, се разбира во тој констикт се користат дури и најсовремени воени оружја што ни дава за право да констатираме дека се води војна од пошироко размери со поголема дури и целосна блокада на институцијата , посебно на сојузните органи со инспирација да се спречи

донесување на позитивни и важечки одлуки, со целосно лимитирани информации кај дел од членките на Федерацијата, со крајно изострени социјални односи итн.

Иако дел од напред наведените констатации не се присутни во Република Македонија, сепак имам убедување дека и Македонија ќе биде вовлечена на еден или друг начин во состојба во која се наоѓаат другите Републики. Зошто го прогнозирам претходното? Заради тоа што на ниво на Југославија, па и на Балканот границите почесто се на тапет, почесто се негираат суверените права на другите, социјалните тензии се продлабочуваат, меѓунационалните односи се нарушени, се нарушени односите на луѓето, а во крајна мерка се губи довербата не само помеѓу луѓето, туку и во институциите на власта. Мислам да во понатамошната активност мораме да водиме мудра и паметна политика, со висок степен на претпазливост, бидејќи само таквата политика може да вроди со плод, а секоја избрзана политика и избрзан потег може да предизвика мошне тешки последици. Затоа мирното градење на позицијата на сувереноста на Македонија во сојуз на суверени држави, а притоа не отфрлувајќи ги сите можни опции и решенија за идните разговори и договори во Југославија се чинат како единствено решение за Македонија. Мора да правиме разлика за место положбата на Македонија. Македонија секако не е Словенија и во нејзиното соседство не се ниту Италија ниту Австрија, туку Албанија, Грција, Бугарија што по сите индикации границите не би можеле да се сметаат за безбедни, дури и да не се работи за територијални претензии.

Посебно и многу важно прашање, дури едно и од поглавните е прашањето на економијата. Како така во Југославија е создаден еден економски систем, при што Македонија е составен дел од тој систем. Добар дел од производството екомплементарно со југословенското

при што сите негативитети во Југославија дирекно влијаат на Македонската економија. Се разбира, лошите економски односи ја усложуваат политичко безбедносната состојба во Македонија. Се на се јас се залагам за разрешување на економските и социјални тензии во Македонија, кој се предуслов за конфликтни состојби кој може да дојдат, обезбедување на предуслови за суверена Македонија во сојуз на суверени држави во Југославија, но во крајна мера и самостојна суверена држава, создавање услови за подобрување на меѓунационалните односи во Македонија бидејќи структурата на популацијата е хетерогена, бара посебно внимание и третман, создавање услови за меѓупартиска комуникација на сите нивоа, бидејќи без некој конструктивен дијалог и соработка нема успех во сите области на живеење и работење, создавање услови за продолжување на меѓурепублички разговори и договори со поголемо уважување на ЈНА како неопходна потреба, барем во ова време на живеење, но со една сериозна трансгформација, создавање услови на граѓаните да' се произнесат за идното уредување на Македонија, бидејќи народот треба да одлучи за ова многу важно прашање, исклучиво по пат на референдум заради што Владата треба да произнесе со економска и политичка анализа во сите можни варијанти а според заклучокот од мај 1991 година на овој Парламент. И на крајот да создадеме услови за аргументирана, конструктивна и толерантна комуникација помеѓу пратениците во овој Парламент со единствена цел да го насочиме умот кон разрешување на нараснатите социјални и економски проблеми, бидејќи се услов за разрешување на политичките проблеми.

ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:

Господине претседателе почитувани пратеници на дневен ред е точката актуелна политичко безбедносна состојба на Југславија и Македонија после повлекувањето на армијата од Словенија. На дневен

е една точка која навистина повлекува многу импликации, могу последици,  многу крупни настани. Од една наша република после нејзиното повикување и прогласување за самостојна и независна Република, имавме една одлука за повлекување на армијата од таа Република. Можеби за некој тоа е мал настан , можеби е настан кој нетреба да се одбележи меѓутоа, јас лично сметам дека е крупен настан и ние како држава и како пратеници, како претставници на овој народ мораме да му посветиме малку поголемо внимани, отколку што можеби досега му посветивме, од едноставна причина штоа самата таа последица, односно самата појава на повлекување на армијата од Словенија, а веќе секојдневно гледаме известување од Словенија дека доста активно се повлекува таа војска од Словенија, може да предизвика многу импликации и последици за судбината на целата Југославија, а исто така и за судбината на Македонија. Најпрвин јас со жалење можам да констатирам дека во Македонија после десе- . тина дена дури успеавме на едно ниво да ја разгледаме таа актуелна политичко безбедносна состојба, што значи тоа повлекување на армијата од Словенија и што ниту една друга институција во Македонија од државната структура на власт не најде за сходно истата ситуа-ција да ја разгледа и да констатира и да оцени што значи повлеку-вањето на армијата од Словенија за иднината за Југославија и за иднината на Македонија. Очекував дека и тука ќе чуеме нешто повеќе дека нашите насоки навистина ќе бидат насочени малку посодржајно и малку посилно токму во таа насока, што значи актуелно политичката состојба во Југославија после повлеќувањето на армирата од Словенија. Меѓутоа, некако како да не сакаме да веруваме во тоа што се случува во Словенија, како да не сакаме да ја прифатиме реалноста и се некако ја заобиколуваме и наоѓаме некој други теми за разговор,

ги вртиме , пак се тоа теми на политичката состојба , меѓутоа не се задржуваме конкретно што значи повлекувањето на таа армија од Словенија. Според мене,  повлекувањето на армијата од Словенија треба длабоко да се проанализира и да се појде пак од интересите на Македонија и сметам дека треба конкретен одговор да му дадеме на народот во Македонија како македонската држава ја цени тој чин што смета македонската држава по повод тој чин. Од едноставна причина  што македонскиот народ е во една голема апатија не само пред тој чин туку и пред многу други чинови  после кој чинови не се наоѓа никој да му објасни или да заземе став и да му каже каков е односнот на Македонија после едното прашање и после другото пра-шаше. Не можам да прифатам дека некој се бори за Југославија и да не знае што значи повлекувањето на таа армија од Словенија, што значи чинот да се гласа за тоа повлекување на армијата од Словенија, дотолку повеќе што ние сите сме сведоци во Македонија дека и македонската држава гласаше за тоа повлекување од Словенија. Според мене, залагањето за очувувањето на Југославија во било која форма, дури и најлабав сојуз на конфедерација и повлекувањето давањето согласност за повлекување на таа армија од Словенија се две сосема спротивни работи  кој една со друга не одат. Затоа јас би се задржал што значи тоа повлекување на армијата од Словенија. Ако минатиот пат дискутирав што значи прогласувањето, формалното правно согласување на самостојноста на Словенија и Хрватска и дадов оценка дека тоа е формалниот крај на Југославија, а останувaат уште динарот како некакво единствено средство за плаќање и армијата како некакво насилно средство за одржување на некои конци, тогаш сигурно овој пат можам слободно да констатирам дека односите на Словенија со останатите делови на Југославија веќе правно формално, меѓутоа и суштински се раскинати. Ако има некој против

тоа да ме побие во таа теза дека не е тоа така, јас сакам да дискутираме за тоа. Впрочем јас оваа расправа ја замислував дека ќе биде во тој тек, да дискутираме за тоа, токму во таа насока. Дали Југославија постои после правно формалното и суштинското заминување на Словенија од Југославија, односно какви се можностите за понатамошно договарање околу таа Југославија, на кој принцип е, на кој основи и нормално интересите на Македонија, позицијата на Македонија. Ние мораме да признаеме дека позициите во Југославија со тој чин се на многу груб и радикален начин веќе изменети. Со тој чин едноставно неможеме да преспиеме како ништо да не се случило, никому да не му дадеме објаснување, да не заземеме никаков став. Според мене тоа е формално правно, меѓутоа и суштинско распаѓање на Југославија и нормални ние сега како Македонска држава треба да се поставиме према тој чин во Словенија. Односно дали ќе се држиме на принципите на АСНОМ, а таму скоро во секоја реченица се спомнува дека Македонија влегува во односи со принципите на АВНОЈ и постојано се тврди на рамноправни основи, сега значи да утврдиме дали сеуште Македонија е рамноправна со еден дел од Југославија и дали можеме да ја преземеме таа одговорност со маке-донскиот народ како пратеници. Јас почувствува дека некој прате-ници како да сакаат да бегаат од одговорност, меѓутоа јас неколку пати реков и сега ќе повторам овие 120 пратеници овде што се из-берени тие се оние што одговараат за судбината на Македонија и бегањето од одговорноста не постои. Значи како пратеници да оце-ните дали можете, односно дали го имате тоа право македонскиот народ да го држите во еден нерамноправен однос према еден друг дел на Југославија. Значи тоа е едната димензија која сакам да ја потенцирам и вториот момент е нормално последиците што следуваат

токму од тој чин во Словенија , меѓутоа исто така и од Хрватска. Можам со задоволство да констатирам дека господинот Васил Тупурковски како член на претседателството конечно даде една изјава односно даде една оценка која јас тврдам дека одамна е така, меѓута излегувам дека сум некој авантурист и сето тао како да не допира до многу уши. Ако го слушав господинот Тупурковски кој вака горе ги следи сите овие настани, тој веќе наголемо ја најави една глобална војна во Југославија. Фактичка таа војна и сега се води само што ние несакаме да ја прифатиме. Се некако се однесуваме дека тоа се случува надвор од нас и се некако дај боже да не од-мине. Меѓутоа, оценката на господинот Тупурковски дека таа глобална војна во Југославија се случува а нејзината ескалација може да дојде наскоро и неговата исто така оценка дека ако дојде до таа глобална војна дека сигурно Македонија и македонскиот народ нема да биде изземен од тоа. Едноставно се наоѓаме тука. Нашите војници се во таа армија, нашите старешини се во таа армија, нашите резервисти се тука соберени и да не се залажуваме дека ќе останеме на мира од сето она што се случува во Југославија. Впрочем таквата оценка ја парафразирам од господинот Тупурковски. Војната како поим како суштина, како нешто реалност виси над нашите глави и колку повеќе ние ги затвараме очите пред таа реалност што се случува во Југославија верувејте дека толку по болни и потешки ке бидат последиците кога навистина реално ќе се случи. Затоа јас негледам ниеден друг начин во овој миг после излегувањето на арми-јата од Словенија, Македонија навистина да се зафати со една активна одбрана на сите свои интереси. Најпрвин сувереноста . Ние дадовме една декларација за сувереноста, меѓутоа излегува дека таа декларација за сувереност е обичен лист хартија.

ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ: (продолжение)

Ако таа Декларација на сувереност не е поткрепена со конкретни документи и со конкретни акции таа не претставува ништо. Сега се залагаме за референдум и за уставен закон. Верувајте и тој уставен закон да го донесеме и тој референдум да го изгласаме ако не влеземе во конкретни акции за одбрана на Македонија, пак ќе биде само лист хартија. Значи се работи колку за формата се работи и за суштината. А ние во Македонија, барем јас можам да констатирам дека навистина многу малку направивме за суштината. Многу малку направивме таа сувереност на Македонија да ја поткрепиме со конкретни акции. Напротив, направивме нешто што нашите генерации претходно со години и децении го добиле и го избориле, а тоа е територијалната одбрана да ја изгубиме. Верувајте за тоа целиот народ ќе ни суди, и историјата ќе ни суди, како можевме да дозволиме територијалната одбрана да ја предадеме, или да ја продадеме поточно.

Ниту со еден чин не докажавме дека сме суверени. Буквално ниту со еден чин не докажавме дека на нешто се спро-тивставуваме што не е во наш интерес. Се она што доаѓаше од сојузниот врв ние го прифаќавме, па макар да биде и на наша штета. Нормално последиците сега се многу видливи, последиците многу се јасни.

Кога зборуваме за подготовката на Македонија, слободен сум да речам дека од формирањето на ова Собрание во првата етапа до 25 јуни кога Словенија и Хрватска се прогласија за независни, Македонија не направи апсолутно ништо на било кое ниво за било каква подготовка на Македонија. На 25 се прогласија

Словенија и Хрватска за независни. Потоа следија преговори, договори и јасно се кажа дека остануваат уште три месеци за конечни договори, а ако не се постигне ништо во тие договори Словенија после нема ни да сака да разговара. Нормално за оние кои се наоѓаат во меѓучекор од републиките да се подготват. Месец дена помина од 25 , Македонија повторно ништо не презема на ниедно ниво за било каква подготовка. Ке поминат уште два месеци многу брзо, ќе се најдеме после на крајот на тие три' месеци и пак ќе констатираме дека немаме време, дека ништо не сме направиле и дека еве бараме уште три или шест месеци. Меѓутоа не верувам дека ќе ни се даде шанса за уште три -четири или не знам колку месеци. Очекувањето , крајот на оваа Југославија верувајте се ближи со многу брзо темпо. Начинот на подготовките на Македонија во првите б месеци до 25, начинот на подготовките на Македонија, од 25 до денеска ме тераат да дадам една слободна изјава која би гласела дека после два месеци нас нема ништо друго да ни остане, освен да констатираме дека Македонија по природен еволутивен пат влегла во рамките на Југославија. Зошто? Затоа што сите тогаш ќе застанеме ќе ги грчиме рацете дека на ништо не сме подготовени, а на ништо не сме подготвени кога не сакаме да се подготвуваме. Според мене останува само дилемата онаа дилема која јас мислев дека е решена, меѓутоа, очигледно дека не е решена. Дали Македонија сака да остане во редуцирана федерација или не? После 25 за жал само две или три партии беа тие кои се јавија и кои кажаа јасно и гласно дека не сакаат да останат во редуцирана Југославија. За жал, еден голем број на државни политичари на Македонија не го дадоа својот став после тоа и еден огромен број на македонски партии, од кои зависи

иднината на Македонија не го кажаа јасно својот став. Тоа е големото разочарување, тоа е големата недоумица и тоа е големиот распон кој сеуште постои во Македонскиот Парламент. Очигледно дека некои политичари во Македонија, очигледно дека некои партии во Македонија сеуште не расчистиле во самите себе дали сакаат остаток од Југославија или не сакаат нерамноправен однос. Јас сметам додека тие партии и политичари тоа не го расчистат внатре во себе сите разговори ќе бидат вака во едни расколи, во едни кавги, во едни недоразбирања, во едни недоумици.

Можеме и слободно да зборуваме. Можеме и слободно да правиме расправи, сакаме ли да останеме во таа редуцирана Југославија или не? Јас сметам дека тоа може да биде предмет на еден добар разговор на Македонскиот Парламент, во кој навистина ќе се изјасниме и ќе кажеме што сакаме. Токму од таа недефинираност произлегуваат многу недоумици и многу несогласувања во Македонскиот Парламент.

На крајот би сакал да кажам уште неколку збора. Често пати се наметнува темата мирот или војната. Оние што велат ние сме за мир, значи тие се оние што и мислат добро на Македо-нија, односно вистина се за мир, а оние што бараат подготовка на Македонија, активни подготовки на Македонија, активна одбрана на Македонија , тие се оние кои сакаат да ја турнат Македонија во некаква војна и во некакво крвопролевање.

Јас сметам дека меѓу мирот подготовките и војната, кога станува збор за државни работи има огромна разлика и секој мир доколку не е соодветен не се прати со соодветни акции со

соодветни чекори претставува наивен. Ние зборуваме за мир. Јас секогаш сум го прифаќал мирот, мегутоа, мирот има различни свои страни. Има во филозофијата мир. Јас многу ги почитувам индиската филозофија, групацијата Харекришна каде што се залагаат за апсолутен мир и никакво кревање на оружје. Јас многу ги почитувам чувствата на оние мировни организации, на екологис-тите, меѓутоа, кога станува збор за мирот во државна смисла јас ве убедувам дека мирот има некои граници после кои граници тоа може да се третира како наивност, глупост или неспособност. Затоа секое повикување на мир, секое залагање за мир доколку не се следи со соодветни чекори навистина е наивност. За тоа имаме безброј примери. Познат е примерот на Чемберлен кој толку голем број отстапки му дал на Хитлер пред Втората светска војна за да биде тој мир. Секогаш разговорите завршувале со мир, ние го направивме тоа заради мирот и на крајот кога половина Европа веќе отишла му текнало на Чемберлен дека во тој мир нешто не штима, во тој мир нешто не е во ред. Дека мирот може да биде политика повеќе од јасно, може да ни биде дека веднаш после бомбардирањата во Словенија, армијата настапи со едни ливчиња во кои ги повикуваше граѓаните на мир. Секоја окупација на било која земја првиот ден се проследува со апели со телевизиски и радио-реклами, со летоци во кои пишува "бидете мирни, нема ништо да ви се случи, ние сме за мир" и сето она. Колку овој мир кој премногу го употребуваме, а всушност не сакаме суштински да се зафатиме со тоа, може да биде и манипу-лација, можеби најмногу зборува и овој мировен договор...

(господинот Геогиевски покажува ливче).

кој се потпишуваше на улиците на Скопје, за кои јас сметам дека не е ништо друго туку мировен договор на безусловно капитулација на Македонија, односно мировен договор кој ни го подготвил СК движење за Југославија, Дозволете да Ви прочитам само два моменти:

"Прво, под никакви услови нема да земам учество во вооружени или други насилни акции против припадниците на други народи или против други жители на Југославија". Дали тоа значи дека утре некој ако не окупира ние ќе треба да молчиме, ќе треба да седиме тука.

"Третата точка. Во случај на принуда од страна на локалните, републичките или сојузните власти на активностите што ги одбивам во првите два става од овој договор безусловно ќе применам ненасилни методи на граѓанска непослушност и непокорност спрема државата". Составувачот на овој документ добро потсетува - локалните , републичките или сојузните власти. Меѓутоа, каде е Врховната команда, каде се вооружените сили, белки бил толку политички писмен да знае дека армијата е политички фактор во овој момент во Југославија и дека таа ги дава наредбите за оружје. Значи ли тоа дека можеме само тој мировен договор да не го почитуваме во сите други останати области, односно кога се работи за Република Македонија, а кога станува збор за армијата дека треба да го почитуваме. Ако на тоа се додаде дека во овој документ", два пати се спомнува Југославија, а ниту еднаш Македонија, тогаш повеќе од јасно е дека овој мировен договор е со огромна политичка позадина. Ова беше само пример колку да потенцирам колку значи и каде оди , доколку секоја постапка и секое залагање за мир не соодвес-

твува соодветни чекори , не се преземаат конкретни активности во кои Македонија навистина ќе ја видиме дека е заштитена. Извинете ама јас во овој момент не ја гледам Македонија како никако заштитена. Одговорноста за таа незаштитеност на Македонија е на сите нас , вклучувајќи ме и мене самиот заради мојата досегашна пасивност.

СТОЈАН АНДОВ:

За збор се јави господинот Фаик Абди.

ФАИК АБДИ:

Почитувани пратеници , јас немав намера да се јавам за збор, но мислам дека бев прозван на оваа говорница. Нормално, телевизијата пренесува, народот слуша и повторно од оваа говорница се употребуваат зборови дека не македонци држат лекција, немакедонци прават ова или она итн. Мислам дека не е фер така да разговараме. Не е фер за ниту една партија, за ниту еден човек чесен пред себеси да исклучува некого од ова Собрание и да му замери ако каже пет збора повеќе. Јас во оваа смисла сакам да кажам , дека според оние расправии што ги имавме јас и одредени пратеници пред неколку дена овде, исто така слушам дека тие што не се македонци по род, не би требало баш многу да се активни или да не бидат овде. Не знам што се сака. Мислам дека луѓето што тоа го бараат и нанесуваат штета на Македонија. Еве денеска слушнавме од господинот потретседател на Владата, од господинот Тупурковски една ситуација за Југославија која што е многу вистинита , таква е , меѓутоа, јас верувам дека е за два пати полоша. Не баш таква, ама два пати полоша сигурно.

Сигурно, она што го кажа господинот Тупурковски ако дојде до општа војна дека никој нема да биде поштеден дека вклучувајќи не и нас, можеби ќе бидеме таму во тие први борбени линиии или некаде на друго место, главно ќе бидеме замешани и ако имаме лоши меѓунационални односи, тогаш секако би се прашале односно ако некој овде смета дека е господа во Парламентот, а некој не треба да биде до него, еве малку вулгаризирано да е роб. Кој е тој роб што би се борел за слободата на својот господар. Такви нема да постојат сигурно. Ниту постоеле , ниту постојат ниту ќе постојат. Мислам дека покрај се она што е кажано овде, јас почитувам дека треба да се подготвуваме, треба да се припремиме, сигурно дека ни е лоша ситуацијата и од источниот сосед и од јужниот сосед и од западниот сосед, па и северниот сосед, тука е итн. Чувме доста работи кои што се многу интересни , а ние внатре нашите меѓунационални односи не ги гледаме. Како да е се мед и масло. Ние научивме се овде. Ние знаеме од надвор што е. Но дали знаеме од внатре што се крои, против кого пушката да ја вperиме? Мислам дека имаме голема задача сите ние пратениците. Да седнеме да разговараме за тие односи. Да се разбереме дека ова е наша заедничка заедница - Македонија. Опростете мој прапра дедо е Македонец. И јас сум Македонец. Јас имам државјанство македонско, преку македонското државјанство и југословенско државјанство. Некој можеби пред два-три месеци земал државјанство. Нечии деца можеби не биле ни војска. Моите поколенија биле во војска и до крај ќе останеме такви. Ова е вистина за жал, но морам да ја кажам. Многу ми паѓа тешко кога се зборуваат такви работи. Заради тоа сигурно во нашите други точки кога ќе разговараме за работата на Владата, тука се и економските

моменти и се она што ќе не прати овие три-четири години. Овие тешкотии. Не е целата среќа во донесување на декларација за сувереност и веднаш после тоа тотално издвојување . Мислам дека Македонија е многу мудра, во овие месеци што ова го стори, заправо ова што постои во Македонија. Не е тоа незнаење на водење на политика. Меѓутоа, тоа е чување на луѓето, чување на Репуб-ликата, сочувување од ескалација на војна. Дали им е добро, прашајте ги Словенците и Хрватите, на тој начин што они направија. Не им е добро сигурно. Сигурно гинат и наши деца од Македонија, жалиме. Ова го правиме да не гинат повеќе, да нема масовни гинења, повеќе народ да не гине. А ние сигурно ќе најдеме чаре, излез како , бидејќи е замешана и Европа, документи брионски, Декларација, сигурно ќе најдеме начин, време , простор и можност како тоа да го изведеме, пак мудро, да бидат сите овци на број а и волците да бидат сити. Овците да не бидат изедени. Тука е мудроста. Мислам дека нашето раководство заправо тоа го прави. Ние овде мора да знаеме дека на тој пат сме и на тој пат одиме. Се согласувам со одредени дискусии дека треба да се подготвиме, Сигурно нашата подготвеност за , да се изразам по старски, непосредна воена опасност, во услови на војна биле што ја знам од кога, од времето на едноумието. Територијална одбрана итн., меѓутоа ние сега како да немаме терито-ријална одбрана, како да не постои. Вие знаете јас живеам во еден регион, еден кунгломерат окружен од се и сешто. Имавме територијална одбрана и тоа перфекта. Доста момчиња, обучени итн. Сакаме да се видиме, меѓутоа, никој не ги повикува, ги повикува на некое друго место. Мислам дека цела Македонија треба,

надлежната власт на ова прашање треба да му оддаде посебно внимание. Посебно внимание заради тоа што може некој ќе праша кој гарантира дека до септември-октомври нема некој да дојде во авлијата и да ни ја загрози и авлијата и куќата. Значи се може. Во тој случај, тогаш се знае што следува. Ние како Македонија сметајќи дека еден ден , секако ќе има референдум, јас се залагамза тоа, прво референдум. Никој мандат не ни дал на нас ние да сечеме со ножици се. Народот да се изјасни , нека биде тоа волјата на народот, а ние сме обавезни овде да донесеме таква одлука. Ако ние тогаш не се согласиме овде, секој надвор. Тогаш треба да си даде оставка на функцијата, односно мандатот му е одземен.

ФАИК АБДИ: (Продолжение)

Нашиот народ нека каже што сака, а ние ќе бидеме извршители на волјата на нашиот народ. Па и ќе го насочиме народот како треба. Јас не верувам дека нашиот народ не знае што сака. Знае. Тој секој ден пишува писма и телеграми и лични средби, по улици, на состаноци и тн. Нашиот народ е многу заинтересиран за својата положба и економска и политичка. И многу е исплашен нашиот народ што го чека ноќеска.

Моето залагање е, по пат на референдум да се договориме и ако треба ќе седнеме во авлија некаде или на џамија таму во петок, да речеме кога се собираме сите таму, да речам муслиманите, припадници на ПДП и таму ќе седнеме или во нива долу, да разговараме што е тоа, што е тоа што неможе да се договориме. Да се договориме ова да биде заедничка одлука, тука да бидат присутни, заеднички да ја делиме судбинаста. Не го потценувајте ова што го кажувам. Ова е многу  важно прашање.

Ако се има предвид социјалниот состав, национално-социјалниот состав на луѓето во Македонија, сигурно за три-четири месеци ќе дојдеме до многу големи социјални тензии. Незнам дали ќе имаме храброст да излеземе пред народот ако не направиме некој пресврт во однесувањето и во економијата. Меѓутоа, сега, мислам дека од аспект на многунационалноста треба да разговараме домаќински, еснафски, што е тоа што не раздвојува за да не обедини. Да седнеме тука, сите заедно да решиме за заедничката судбина. Не може да отвориме фронтови и надвор и внатре ако дојде до тоа, не дај боже да чукнам во дрво. Меѓутоа, ако сакаме самостојност, ако сакаме добри односи мораме внатре, во куќата, во домаќинството наше да ја средиме работата.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор господин Келешев.

РИСТО КЕЛЕШЕВ:

Почитувани пратеници, декларацијата за суверена Македонија ја донесе овој Парламент со акламација. И со тоа недвосмислено на македонската и на поширократа јавност ја покажа непоколебливоста на пратениците, на македонскиот народ и на сите граѓани на Македонија во афирмацијата до профилирањето, надградбата и подготвеноста за заштита на скапо спечалената македонска држава.

Во континутет со нашата политика уследија Платформата за настап на нашиот претседател господин Киро Глигоров во преговорите за иднината на Југославија и Платформата Глигоров - Изетбеговиќ во кои што концептот - Сојуз на суверени држави беше наш доминантен став што го афирмиравме како принципиелен и прифатлив за сите а кој што на официјалната македонска политика и донесе публицитет и меѓународно признание и афирмација. Самостојна и независна Република Македонија како политичка определба е исто така прифатено како втора опција која би се актуелизирала после исцрпување на сите можности за евентуа-лен меѓурепублички договор за идната југословенска заедница.

Еднострананата сецесија ја осудивме како политика на непринципиелно однесување и екстремен егоизам. Дадовме поддршка на Брионската декларација учествувајќи во верификација на мандатот на Европската мисија за тромесечен мораториум, верувајќи дека ќе надвладее резонот за прифаќање на концептот Сојуз на суверени држави.

Понудената нацрт-декларација за самостојност на Република Македонија во сегашниов политички амбиент мора да побара претходна поддршка во волјата на народот односно референдум, како вид на претхо-

дно изјаснување за основните прашања од стратешка важност за Републиката.

Не треба да ја занемариме и, заборавиме волјата на народот чиј продукт се и нашите пратенички мандати. Не можам да прифатам изградба на политика и стратешки историски одлуки чија технологија подразбира најнапред донесување документи, а после тоа барање нивна верификација од народот затоа што ако така важни документи не ни бидат прифатени,'тоа би значело разидување на нашето мислење  односно мислешето на овој Парламент со мислењето на народот. Или, директно изгласување недоверба на нашите мандати.

Наша најитна задача е консензус меѓу парламентарните и вонпарламентарните партии по клучните прашања чиј одговор ќе ја одреди иднината на Македонија.

Се залагам за афирмација на ставот за мирна разврска на југословенската криза застапувајќи ја следната сентенца: - Југословенските заблуди не се отстрануваат со војна; Војната е најголемата заблуда.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор господин Александар Флоровски.

АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:

Почитувани пратеници, процесот на распаѓањето на СФРЈ веќе одамна се оттргна од рацете на политичката контрола. Иако некои актери на државната криза се надеваат дека настанатата ситуација ќе оди во прилог на нивните народи, жртвите во Словенија, Книн, Пакрац, Источна Славонија го покажуваат токму спротивното.

Но,сите потези очигледно се влечат од најголемата југословенска република, Формирана е таканаречена "САО-Краина" која е

под директива на Белград, а во служба на големосрпската пропаганда за "Сите Срби во една држава" што за жал е прифатена од скоро целиот српски народ.

Се поставува прашањето кое е можното следно жариште? Очигледно дека во можното сценариот на големосрпската политика можно е да биде во Македонија, поточно на територијата на Скопска Црна Гора како појдовна точка за немири и дестабилизација на Македонија. Предиграта е во тек, за што говори пишувањето во претпоследниот број на Илустрована политика од 23 јули 1991 година. Текстот под име "Калдрма сузама заливена", со поднаслов "У Македонији ни гробови више нису светиња" се алудира на обесправеноста и асимилацијата што се врши над србите во Македонија.

Се прашувам со што ние како македонска држава сме ги обесправиле и асимилирале србите во Македонија? Како против аргумент нека послужи податокот дека имаат паралелна настава на свој мајчин јазик во основното и средно образование, а уште во нашите училишта се изучува српскиот јазик, за жал.

Алудирањето дека другите малцинства и етнички групи уживаат поголеми права, апсолутно не стои. Пропагандната машинерија од Белград очигледно наидува на плодно тло во некои краишта во Македо-нија, за што говори и неодамна формираното друштво на Српско-Црногорското пријателство за заштита на правата на Србите и Црногорците во Македонија, регистрирано во Скопје.

Би ги запрашал господата од Белград какви права уживале македонците во предвоена Југославија каде што главни креатори на тогашната политика биле токму србите, а епилогот на Охридското и Штипското востание се познати.

А, за правата на двеста илјади македонци во сегашна Србија со скоро ниеден белег на своја националност освен презимето се токму тие факти што говорат за негаторската политика на Белград спрема се што е македонско.

Веројатно дека во изминативе 45 години македонските политичари замижувале пред оваа проблематика. Но, се плашам дека и некој од сегашните врвни политичари тргнуваат по стапките на своите некогашни колеги. Време е да се запрашаме кон што води оваа негаторс-тво на Србија кон Македонија и македонскиот народ; или  визијата за голема Србија е она исконското што секогаш го сакале господата од Белград.

Историските факти и сегашните состојби ни се патоказ каде е местото на Македонија. Сигурно не во асиметрична федерација, таканаречена Србославија, туку она за што секогаш мечтаел и се борел македонецот за самостојна и независна македонска држава.

СТОЈАН АНДОВ:

За збор се јави господин Симјановски.

НАУМ СИМЈАНОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Веќе е сосема јасно дека во Македонија не се сака мир. Тоа провејува и во некои дискусии искажани од оваа говорница како и олицетворени во директниот напад врз објектите на ЈНА во Титов Велес и други два објекти од очигледна милитаристички групи што до сега работеле со закани, а еве сега и со дела уште повеќе ја усложнуваат состојбата во Македонија.

Одлуките од историско значење кои треба да ги донесе овој Парламент во чија основа ќе биде гласот на народот изразен преку

резултатите од референдумот, треба да се заложиме да ги реализираме во демократски дијалог, во мирна атмосфера и состојба на задоволство на целиот народ а не одлуките на Парламентот народот да ги прима со страв од можна војна, меѓународна изол'ираност, социјална несигурност.

Ќе ги цитирам извадоците од говорот на господинот Тупурковски: "Македонија како репресија - не. Македонија како демократија - да".

Поединечните негаторски појави на што треба да се реагира, во ЈНА, на територијата на Македонија, не треба да се припишат на името, реномето и поставеноста на целокупната ЈНА. Заклучоците на Советот за народна одбрана ни даваат сигурност за интересите на македонскиот народ неговата сувереност, се добро застапени и предочени пред целокупната јавност на сојузно и меѓународно ниво.

Зарем не сме свесни за состојбата во која се наоѓаме! Зарем треба и ние да бараме оружје! Екстерните граници што ги брани ЈНА а неа некој претпознатлив субјект веќе директно ја напаѓа. Тој напад е директен атак и врз Македонија.

Зачетоците на оваа состојба во Југославија ги олицетворува во челниците на Република Словенија, а не совенечкиот народ, кој први го започнаа говорот на оружјето, сега први доаѓаат со молба што беше преточена во документите за почеток на разговори за идната судбина на политичките, стопанските и милитаристичките односи во новонастанатата состојба.

Тоа е во стварност бесмислието на тој говор со оружје. Требаше да дојде до ова што е па да се бара можност за разговор. За жал во некои краишта и покрај сите напори што се прават сеуште оручјето е активен субјект.

Во контекст на ова Македонија мора да каже дека прифаќањето на одлуката за референдум е единствен демократски дијалог во разврската во југословенската криза.

СТОЈАН АНДОВ:

За збор се јави господин Црвенковски.

БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:

Почитувани пратеници, верувам дека сите од нас во последниве неколку години по разни пригоди сме имале можност да ја слушнеме оценката дека Југославија се наоѓа во длабока политичка, економска и уставна криза. За жал, според она што сега, денес и не само денес, туку во последниве неколку месеци се случува во Југославија, во поедини нејзини делови, а и според нешто што претствува европски усвоен критериум, веќе неколку месеци Југославија се наога во граѓанска војна.

Институциите на системот на функционираат. Блокирани се стопанските и финансиските комуникации. Интегралниот пазар за кои што сите на времето во Југославија говоревме и се залагавме практично не постои. Започнатите реформи се исцело запрени и блокирани.

Економскиот колапс повеќе не ни претстои. Ние во тој економски колапс длабоко се наоѓаме. Јас верувам дека допрва ќе видиме и ќе осознаеме кои се вистинските последици од тој економски колапс. Допрва ќе видиме и ќе осознаеме што е сиромаштија, што е немаштина.

Верувам дека ќе ни бидат потребни цела низа години да застанеме на нозе и сето тоа под услов ако сите други проблеми ги оставиме на страна или успееме многу брзо да ги решиме.

За жал тоа не е единственото и најголемото зло пред кое сме исправени во овој момент. Од ден на ден во Југославија добиваме вести, сведоци сме, се губат млади животи, по 10, 11 како кога и тоа на еден бесцелен и неразумен, апсолутно непотребен начин. Од тие причини верувам дека често пати секој од нас го поставува прашањето - зарем сето ова не е доволно; зарем сеуште не е дојден вистинскиот момент да проработат сите алармни уреди во оваа земја, да зазвонат сите звона во главите на секој човек поединечно, звона на тревога, а пред се во главите на оние кои се најповикани и најодговорни и од чии постапки зависи судбината и животот на милиони луѓе.

По се изгледа дека тоа не е доволно. Гаволот со тие луѓе сеуште царува што јас лично не би им го препишал како некој голем грев ако не успеа тој ѓавол и таа лоша крв да ја пренесат и во обичните луѓе да се создаде една психоза на една таква омраза што се подразбира и станува сосема нормално да се биде подготвен да се убива.

Во целата оваа ситуација Република Македонија изгради позиција, како што често пати знаеме да кажеме, на конструктивен чинител во меѓурепубличките односи. Од почетокот се определивме разрешувањето на југословенската криза да ја бараме по мирен и демократски пат, низ разговори, низ преговори, без употреба на сила, без употреба на притисоци, без употреба на оружје.

Впрочем, ќе се осмелам да кажам дека Македонија е и осудена на таков избор. Едноставно, Македонија не е ниту економски ниту воено во ситуација со сила да ги наметнува своите интереси на другите. Тоа само на прв поглед изгледа како наш хендикеп, бидејќи

Европа во чии прегратки сите од Југославија сакаме да се најдеме што побрзо ако нешто респректира, пред се ги респектира аргументите. Аргументите и демократијата.

Премногу е силна и моќна таа Европа за да се импресио-нира од нашата воена моќ и од нашето лицитирање на сила. Често пати токму од тука, од Македонија произлегуваше единствениот глас на разум во таа зовриена југословенска кошница, меѓутоа за жал не секогаш и прифатен и разбран глас на разумот. Никогаш и со ништо не придонесовме за продлабочување на јазот и кавгата меѓу републиките и меѓу народите.

Како резултат на таквата политика успеавме да го сочуваме релативниот мир во Републиката. Со други зборови би сакал да кажам во Македонија барем засега ниту се пука ниту се гине. Ако некој мисли дека тој мир е случаен или од некого подарен тогаш се лаже и себе си и другите. Тоа не значи дека веќе утре неможе да се случи нешто што сега, засега го гледаме само на малите екрани. За тоа не е потребно ни многу труд ни многу памет. Напротив, пет минути колективна глупост е потребна и еден избрзан чекор и веќе утре да се најдеме во ситуација што сега, засега ја гледаме, пак ќе кажам на малите екрани. Впрочем, такви кои сакаат хаосот и безредието да станат македонско секојдневие ги има доволно и надвор од Македонија и внатре во Македонија. Од оние што се надвор од Македонија, јас и не се плашам, бидејќи на некој начин низ оваа наша македонска историја успеавме да се навикнеме на нив и бидејќи тие самите по себе, без своја продолжена рака, без своја маша во Републикава не можат ништо да направат.

Оттука, според мене битката за судбината на Македонија ќе се бие токму тука во Републиката. И, одговорноста таа битка да се добие лежи на секој од нас, меѓутоа и на секој граѓанин поединечно на Република Македонија.

Не е мирот на Републиката единствениот позитивен резултата од досегашната актуелна политика на Република Македонија. Резултат на таа  политика се и оценките што доаѓаат од меѓународните фактори што имаме можност да ги слушнеме при средбите на нашите највисоки раководители, претставници на власта без оглед дали тоа доаѓа од Турција, без оглед дали тоа доаѓа од Франција, без оглед дали тоа доаѓа од Германија, од Европската заедница и тн. Како резултат на таквата политика не е случајно тоа што токму во Охрид за прв пат после толку време успеа во полн состав да се собере Претседателството. Не можеше во Белград, не можеше на Бриони, меѓутоа во Охрид успеа Претседателството да се состане во полн состав.

БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ: (продолжение)

Не можеше во Белград, не можеше на Бриони меѓутоа во Охрид успеа Претседателството да се состане во полн состав. Не е случајно тоа што членот на Претседателството на СФРЈ од Македонија е тој кој што е главниот посредник сега помеѓу Европската заедница и помеѓу заратените републики во Југославија. Многумина исто така честопати се склони да кажат дека Македонија не знае што сака, дека Македонија нема свој став. Тоа исто така не е новина на нашите простори, честопати досега во нашата, историја се заземени такви оценки за Македонија и повторно не ме чуди кога тоа доаѓа од некого надвор од Македонија бидејќи на некого надвор од Македонија и му одговара да го подгрева тој комплекс дека ние не сме способни да донесуваме свои ставови и заклучоци, меѓутоа ако нешто ме чуди е тоа што често пати таквите оценки се говорат и тука во Македонија и тука во овој Парламент токму и од оваа говорница да се изречат такви оценки. Впрочем нели токму овој Парламент ја донесе Декларацијата за сувереност на Македонија што беше израз и тоа ја донесе во потполна согласност на сите пратеници, на сите партии, ја донесе како резултат на волјата, на желбата, на решителноста Макеоднија да има полн политички субјективитет во донесувањето на своите одлуки, дека не ни треба туторство од никого дека сме способни сами да оценуваме кои се тие потези најпаметни за Република Македонија и кои се тие витални интереси кои што ќе треба да се почитуваат и да се заштитуваат.

Нели токму овој Парламент ја донесе и Платформата за водењето на разговорите за иднината на Југославија. Денеска слушнавме оценка дека никој од партиите не се огласила да каже дека Македонија да остане во редуцирана федерација. Меѓутоа, ние во таа Платформа што сите заеднички ја донесовме, еден од ставовите, еден од критериумите е дека Македонија нема да прифати останување во редуцирана

федерација. Зарем сега немаме толку самодоверба самите во себе и ќе треба секоја работа што ќе се случува во Југославија повторно да ги афирмираме истите ставови како да сме се шегувале пред месец или два кога таков став сме зазеле. Или сме сериозно собрание и кога еднаш ќеречеме и ќе го донесеме некој заклучок тој ќе важи понатаму. Друго е прашање тоа дали сега во моментов Македонија се наоѓа во редуцирана федерација, бидејќи тоа би значело дека Југославија не е федерација, меѓутоа по мене Југославија не е федерација со години наназад, а дали е редуцирана тоа исто така прашање бидејќи ако е редуцирана, ако Словенија не е во составот на Југославија кои се тие поводи сега Кучан и Дрновшек сега толку често и толку конструктивно да доаѓаат на седниците на Претседателството и да се залагаат за конструктивни решенија на тоа Претседателство. Ако е редуцирана таа федерација тргајќи од претпоставката дека Хрватска повеќе не се наоѓа во таа Југославија кои беа поводите и причините колкава битка да се бие Стипе Месиќ да биде претседател на Претседатеслтвото. Зашто таа Хрватска не го постави прашањето за армијата онака како што овде се поставуваше денеска од неколку дискутанти. Зашто не се вели армијата да се повлече од Хрватска, да се вратат војниците од Хрватска назад итн.

Ако навистина можеме да сметаме дека во овој момент Југославија е веќе редуцирана федерација.

Овој Парламент ја поддржа Брионската декларација со тоа изразивме еден респект кон европските ставови, кон ставовите на меѓународниот фактор без кој да не се залажуваме нити можеме да му опонираме нити можеме да му се спротивставуваме а во исто време да рачунаме дека можеме да постигнеме некои стратешки цели. Јас пак ќе речам дека токму на последната седница има исто така и заклучок има повеќе заклучоци, меѓутоа јас ќе го акцентирам оној заклучок каде што се вели дека токму тој тримесечен мораториум пропишан со

Брионската декларација ќе биде користен  да Република Македонија ги донесе сите државно-правни акти, а пред се Уставот  како највисок државно-правен  акт на Република Македонија, со кој Република Македонија ќе се конституира како самостојна суверена држва и дека како таква ќе ги вложи сите можни напори да дојде до конституирање на идниот сојуз на суверени држави бидејќи сметаме дека на тој начин на најдобар начин  ќе можеме да ги заштитиме виталните интереси на Република Македонија.

Голем дел  денес од дискусиите беа посветени на тој воен комплекс, односите кон армијата, односите кон  итн. Еве јас ќе се вклучам во таа расправа, првиот став кој би сакал да го извлечам е тоа дека ЈНА не смее во никој случај да претставува политички фактор во Југославија и сите заложби на Република Македонија треба да одат во тој правец да и се одземе правото на армијата да претставува политички фактор во одлучувањето за иднината на Југославија. Оттука произлегува дека ЈНА не може да дава свои политички судови за работата и ставовите на легитимно и легално избраните власти во било која од Републиките. За жал, таа во низа прилики од низа луѓе припадници на армијата често пати можеа да се чујат токму такви судови, политички судови за однесувањето на раководствата на поедини републики. Ако тоа веќе го прави ЈНА доколку има претензии и амбиции сите народи и сите републики во Југославија да ја чувствуваат поеднакво како своја, тогаш молам да го дефинира својот став према официјалната политика према Република Србија, према политиката на Слободан Милошевиќ. Без тој услов армијата неможе да има амбиции и да претендира да биде подеднаква на сите и да ја чувствуваат сите како своја.

Се придружувам кон ставот дека во Република Македонија не треба да бидат формирани никакви и не треба да се дозволи да бидат формирани било какви паравоени формации кои што би излегувале

надвор од рамките на легалната власт. Ние имаме Министерство за внатрешни работи, гледам министерот е дојден тоа е добро бидејќи оваа точка не може да помине без министерот за внатрешни работи, точката за безбедносната ситуација, ние имаме Министерство за народна одбрана, ние имаме Совет за народна одбрана, имаме Влада и ако се одлучиме да се организираме на тој начин тоа мора да оди строго легализирано, анализирано, а никако да се формираат било по партиска било по национална било по кој друг основ такви формации. Мислам дека, ако добро и внимателно го следев излагањето на потпретседателот на Владата господинот Блаже Ристевски тој говореше за тоа дека има индиции, веројатно и децидни информации за тоа дека поодделни партии се обидуваат да формираат или повикуваат на формирање на паравоени формации, пред се Паритјата СК движење за Југославија која што низ свои соопштенија тоа го навести. Точно е дека, исто така беше кажано дека албански националисти, националистички партии, или здруженија, незнам или нешто што не е дефинирано како нешто институционално исто така се организираат во тој правец селски стражи итн., меѓутоа незнам зашто случјано или намерно пропушти уште една партија што беше поканета на средбата во Владата кога се разговараше на таа тема, а тоа се темели врз едно од соопштенијата од Битола тоа е партијата на ВМРО ДПМНЕ која исто така навести формирање на паравоени формации односно на доброволни одреди и тн.

Денеска повеќето до дискутантите или барем еден дел од дискутантите говореа за тоа дека довербата во ЈНА е дефинитивно изгубена и дека однесувашето на ЈНА може да се подведе под однесување во согласност со званичната српска политика и затоа се бара враќање на војниците од Македонија во Македонија и се бара повлекуваше на армијата од Македонија. Меѓутоа, незнам зошто таа теза не се разработи

до крај. Што би значело тоа? Ако е точно тоа што беше денеска кажано, а тоа дека официјалната српска политика има големо-српски претензии и територијални претензии и ако е точно дека армијата работи во согласност со таа политика и ако ги вратиме војниците од Македонија назад во Македонија, а на армијата и речеме да си оди од Македонија по истиот принцип и на истиот начин како што си отиде од Словенија па нели токму на таа големосрпска хегемонистичка политика и го дадеме најсилното оружје. Кај ќе оди таа армија од Македонија ако треба да се повлече, каде отиде армијата од Словенија која треба да се повлече АЈде да ја разработиме таа теза до крај. Нели всушност се обидуваме да работиме на своја штета.

Исто така би тргнал од Платформата Глигоров-Изедбеговиќ околу прашањето на одбраната на земјата што би се дефинирал во идниот сојуз на суверени држави и ми се чини дека тоа може да биде еден од основните темели од кои што можеме да влечеме конкретни потези. Таму се вели дека е директно под ингеренции на републиките и под команда на претседателот на Републиката. Постојат заеднички вооружени сили, во случај на војна сите работат и настапуваат од единствена команда, во случај на мир е под ингеренциите на Републиката. Ако тоа го земеме предвид, ако ги земеме во предвид препораките донесени од Советот за народна одбрана кој што сите исто имавме прилика да ги видиме и да се запознаеме со нив, ако ги земеме во предвид дел од одлуките на Владата кои што беа прогласени, нели е јасно кои се тие потези што треба да се влечат и нели е јасен патот како тие потези треба да се влечат.

Денеска овде стана збор и-за некаква можна, јас исто така не ја исклучувам можноста да настане една тотална или глобална војна во Југославија. По мое мислење таа можност има свој степен на веројатност мегутоа исто така има голема веројатност во голема мера

да се радикализира во она што во овој момент се случува во Југославија, јас сум склон да кажам дека во моментот се случува во Југославија една граѓанска српскохрватска војна, во која што едните се оби-дуваат'да ги задоволат своите апетити за голема Србија а другите се обидуваат да ги задоволат своите апетити 'за повјесна Хрватска и во тој случај не гледам ниедна причина Македонија ни сега ни утре ни задутре да се приклучи и да застане на било која од тие две страни. Тоа може да се обезбеди на тој начин или барем да се направи обид да се обезбеди на тој начин што Македонија јасно ќе ја изрази својата политичка определба и волја да во таков српскохрватски спор едноставно има неутрален статус. Таа идеја беше спомната и денес поразговаравме овде во Парламентот и мене ми се чини дека околу тоа исто така можеме да постигнеме согалсност, а како тоа ќе го канализираме и како ќе го изведеме веќе е прашање на кое што може и Владата да подразмисли или самите ние во текот на овие денови, меѓутоа, во случај на српскохрват-ска граѓанска војна каде што секој се бори да ги заштити или да ги оправда, да ги обезбеди своите интереси Македонија нема нити мотив нити потреба да се приклучува на било која од страните и во тој случај Македонија мора да обезбеди за себе неутрален статус.

И на крајот би ве информирал за средбата што ја имавме помеѓу претставниците на парламентарните групи однсоно партиите застапени во Парламентот, а исто така на таа средба беа поканети и независните пратеници. Се работеше да се обидеме да направием консензус односно да постигнеме консензус по основ на втората и третата точка.

За да не излегувам повторно, а веројатно ќе морам брзо ќе ја искористам оваа прилика да го запознаам Собранието, не е на дневен ред меѓутоа многу работи не беа на дневен ред па се говореа

На овој консултативен состанок помеѓу претставниците на парламентарните групи на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија, Реформските сили на Македонија - Либерална партија, ВМРО ДПМНЕ, ВМРО-ДП, Социјалистичката, претставниците на ПДП и НДП тие исто така дојдоа на средбата, Странката на Југословените и " независните пратеници "е постигната согласност за поддршка на Предлог-одлуката за распишување на референдум во Република Македонија за претхдоно изјаснување на граѓаните за суверена и самостојна Република Македонија и за нејзино идно стапување во сојуз на суверени држави во Југославија. Овој став не го прифатија претставниците на ВМРО ДПМНЕ останувајќи на својот предлог за останување на Декларација за самостојност и независност на Република Македонија. Сите кои што постигнаа согласност тука се потпишани на ова соопштение и би го информирал Парламентот, а пред се претседателот на Парламентот дека еден од закучоците беше да веднаш после оваа точка , по завршу-вањето на оваа точка се направи пауза за да се обидеме уште еднаш да постигнеме согласност помеѓу парламентарните групи како ќе работиме по точките 2 и 3.

ВЕЦКО ЛИЧОСКИ:

Јас кога зборував за паравоените единици кои што беа формирани односно што имаа интенции да се формираат, тоа е од информативните средства во однос на пишувањето што е дадено до страна на тие што даваат, меѓутоа мене друго ме загрижува, кога е мирна ситуацијата, кога се е мирно, кога убаво се зборува зошто веднаш напаѓаме една партија, а другата партија толку ја величаме за даму докажеме на македонскиот народ дека тие многу се борат за Македонија, а другите не се борат воопшто. Ја пред малку реков ние овде како што седиме сега во овој Парламент, за мене се сите македонци

ниеден нема немакедонец , сите сме луѓе кои што живееме во оваа наша Македонија, па би ги молел овие што стално ја загреваат овде ситуацијата па да застанеме да дискутираме со денови да не ја подгреваат така ситуацијата туку да зборуваат исклучиво за работите кои што нас не тиштат, не само нас туку целокупниот наш македонски народ, а не да направиме нешто оние се за тоа, оние се за тоа а ние сите сме заедно се залагаме за една работа која што треба да ја имаме во предвид.Па би ве молел во понатамошната дискусија сите дискутанти независно до која партија се и која партија ја застапуваат да дискутираат фино онака како што тече дискусијата.

ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:

Почитуван претедателе, почитувани дами и господа, Принуден сум по вторпат, бидјеќи веќе еднаш се изјаснив од оваа говорница да кажам за истиот проблем за кој настана во врска со тие паравоени формации. Црвенковски и овојпат се послужи со една дезинформација, а во овој случај отиде и чекор понатаму што се сомнева и во извештајот на Владата што го подготви за денешнава седница и за политичко-безбедносната ситуација во Македонија. Тоа значи дека вие немате доверба во она што Владата го има и јас верувам дека таа добро знае дека во Македонија од страна на оваа политичка партија ВМРО ДПМНЕ нема апсолутно нема никакво формирање на паравоени формации. Уште еднаш да повторам во Битола во нашиот огранок на ВМРО ДПМНЕ беше само дискутирано доколку има случаи или потреба во резерв-ниот состав на милицијата на потреба од луѓе тогаш можеме да се стави-ме на располагање. Друго апсолутно не стана збор и тоа беше обелоде-нето во јавноста и преку радиото и преку другите информативни средства. Јас незнам зошто треба повторно да се навраќаме на некои теми кои мислам јас Владата одлично ги презентира и јас верувам дека има точно стриктни податоци Владата за сите овие прашања . Точно знае и точно ги лоцирала во ова излагање.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

Ќе .се јавам подоцна. за дискусија а сега ќе кажам само едно, соопштението што го даде, господин Бранко Црвенковски по однос на состанокот на парламентарните групи околу постигнување на концензус околу распишување на референдумот. Ќе беше подобро да се каже во што се разликите отколку она кој се согласил за референдум, а кој не.

Ние во ВМРО не сме против референдум туку напротив сме за тоа. Меѓутоа, методот на работа, приодот, се разликува. Застапуваме теза која произлегува од одредбите на амандманот 74 дека со референдум да излеземе со одредено прашање и со од-редени акти кој ќе бидат донесени значи да се знае, а предлогот на другите парламентарни групи е да се оди на референдум само со едно прашање, а дополнително да се донесат актите. Значи, останавме да се договориме уште еднаш да се состанеме дали ќе можеме ова наше разидување да го усогласиме на некој начин, па сметам дека, кога рековме дека треба да се состанеме и за другиот дел овие 2 точки денеска не се расправаат, туку да се одложат за нареден период ќе беше чесно ова да не се објавува. Ова го кажувам од интерес на вистината да не се стекне впечаток кај народот дека ВМРО-ДПМНЕ е против референдум. Ние сме прв пат да го слушнеме гласот на народот, меѓутоа, да се знае за што.

АЦО СПИРОСКИ:

Како учесник во меѓупартиското договарање навистина дискусијата на Црвенковски не држи во однос на тоа на ВМРО не е за референдум.

Мене навистина ми е нејасно ако веќе гласаме за самостојна и суверена Македонија уште во првиот ден кога влеговме тука во овие клупи борб.ата на ВМРО беше само за таа опција, а оние кој сега го предлаг^ат тоа имаат 2 и повеќе варијанти и сега не наседнуваат на овој начин, навистина, не држи. Ние сме први што сме со народната воља и што се радуваме дека постигнавме концензус да гласаме за самостојна и суверена Македонија. Навистина невкусно.

РАТКА ДИМИТРОВА:

Сакам сосема накратко да објаснам за разговорите околу референдумот во нашата група. Овој референдум кој се предлага не е вистинскиот референдум по кој што народот ќе се изјасни и ќе може да почне да функционира уставниот закон.

Овој референдум што сега се предлага е некој вид на предизјаснување или квази референдум. (општо негодување во салата). По него ќе биде потребен уште еден референдум. Освен тоа со Уставот е пропишано дека прво мора да се донесе Уставниот закон во Собранието, а потоа да се распише општонароден референдум по кој ако биде позитивен тој закон ќе почне да функционира, Ако сега распишуваме пред референдум значи пред изјаснување, тоа значи ќе треба, ќе мора да правиме 2 референдума, а затоа е потребно многу време и се плашам тука какви се нашите намери да не се намерите да губиме уште малку време, време немаме, дали навистина се намерите да распишеме референдум и да го донесеме тој закон или не.

НАКЕ СТОЈАНОВСКИ:

Практично се работи за следното дека не треба да се замаглуваат работите кога веќе дојдовме до овој степен од оваа говорница'да расчистуваме. Искрено би било да се каже дека беа направени огромни напори да не се расправаме од оваа говорницас по ова клучно прашање, но кога веќе дојдовме тука мора до крај да ги расчитиме работите. Не станува збор за дилемата дали е некој за референдум или против референдум, туку прашањето на сите им е јасно дека претходно треба да се изјасниме за прет-ходен референдум како изразена волја на македонскиот народ и другите народи што живеат во Македонија а потоа да носиме државно правни акти во овој Парламент,

Вториот став на ВМРО-ДПМНЕ дека претходно треба да се носат државно - правни акти во овој Парламент, а потоа да одат на потврда на референдум. Тоа е јасниот и гласниот став по целото ова прашање.

Уште нешто во врска со дискусијата на госпоѓата Димитрова. Свежи ни се нејзините воодушевени и вака да кажам искрени залагања од оваа иста говорница пред 3 дена кога беше дадена нашата предлог-одлука заедно со Реформските сили за претходен референдум. Еве веќе по 2-3 дена имаме друг став. Коментар мислам дека не е потребен.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Не се јавив за реплика туку за исправка во поглед на излагањето на господинот Црвенковски изнесувајќи го соопштението од седницата на претставниците на сите политички субјекти

застапени во Парламентот. Сакам да укажам,тоа не го спомнав во материјалната расправа за начинот на спроведувањето на референдумот или било што нема да дискутирам заради тоа што тоа ќе го направам  кога ќе бидат точките 2 и 3 на дневен ред, меѓутоа само сакам да кажам како дополнување во соопштението кое го прочита лично јас не го потпишав соопштението од причини што барав расправата по втората и третата точка да се одвива заеднички, да отпочне по постигнувањето консензус помеѓу претставниците на сите политички субјекти застапени во Парламентот, одлуката за распишување на референдум да биде во согласност со амандманот со амандманот 74 и со законот за републичките референдуми и ВМРО-ДПМНЕ да ја повлече својата Декларација, а за сметка на тоа согласно точката 3 од заклучоците за актуелната политичко-безбеносна состојба во земјата донесена на седницата на собранието одржана на 26 и 27 јуни 1991 година и 6 јули 1991 година, Собранието да го донесе заклучокот со кое се задолжува Владата на Собранието на Република Македонија веднаш да му достави Уставен закон и сите други акти со кои ќе ги утврди сите прашања од уставно-правен карактер со кои Република Македонија како самостојна и независна држава ќе го преземе извршувањето на своите суверени права кои ќе бидат разгледани на првата наредна едница што ќе се одржи најдоцна во рок од 15 дена.

Во материјална расправа не навлегувам а кога ќе бидат точките на дневен ред ќе кажам што е според мене уставно и законито, а што не е.

СТОИЛЕ СТОЈКОВ:

Мислам господинот Наќе Стојановски да не ме свати погрешно во ред е тоа што го кажа само требаше да прецизира

дека госпоѓата Ратка Димитрова беше воодушевена од нашиот прв предлог кој се базираше на уставниот амандман 74. Во тоа се состои, а сега имаме трета ваша верзија понудена во однос на референдумот и тоа е референдум. кој е само една анкета никого нема да обврзе, а ние имаме уставно-правни акти, но за тоа ќе побарам збор потоа кога ќе отвориме материјална расправа по ова прашање.

НАКЕ СТОЈАНОВСКИ:

Лично сметам барем на госпоѓата Ратка Димитрова барем во овие месеци овој Парламент покажа дека не и се потребни адвокати. Можеше сама тоа да го каже до оваа говорница. (Општа смеа во салата)

КИРО ПОПОВСКИ:

Барем малку да се пошегуваме прв пат користам прилика да поставувам реплика на реплика, мислам дека тоа не е вообичаено како практика.

Очигледно имам впечаток дека не до крај целосно е примена самата информација. Меѓупартискиот разговор што го имавме воопшто не расправавме за материјалите и за суштината на предлозите и содржианта, бидејќи мисласм овој Парламент со концензус во еден континуитет до денешната седница  усвои единствен став на сите партии дека опцијата за Македонија самос-тојна суверена Македонија во сојуз со суверени држави во Југос-лавија. Досега тој став од почеток до крај е постојано присутен. Тоа овој Парламент и овие пратеници и сите парламентарни групи го поддржаа. Што е филозофијата на еден предлог, а што на другиот?

Можеме да бараме правни зачкољици уставно е или не. Веројатно тука има Уставен суд имаме и комисии, основната суштина на предлогот за претходен референдум што во Уставот е даден, децидно стои по значајни општествени прашања во Републиката се организира референдум како претходно изјаснување. Одлуката на тој референдум е задолжителна и за Парламентот и за Владата. Според тоа што е суштината на ова? Таа политика што до сега во еден континуитет овде сме ја изградиле треба да излеземе пред народот да добиеме верифизација. Народот да потврди дека е таа политика што сме ја граделе до сега, ја прима или не ја прима ја потврдува или не ја потврдува. Во спротивно мисласм дека тешко некој ќе може да издржи и уставна и неуставна, обична правна критика дека има мандат да одлучува за судбината на овој народ дали како 120 пратеници или како поединец и за иднината на идните поколенија на овој народ и оваа држава.

Второ, бидејќи повторно пак некои мегупартиски над-мудрувања и во едната и во другата варијанта и да се донесе денеска таа одлука тоја закон, тој уставен закон, тие одлуки, тие не важат додека на референдум не се потврдат. Според тоа ако сега распишеме референдум на 8-ми, на 8-ми ќе стапи и таа одлука ќе се донесе и сега донесенас одлуакта пак на 8-ми тие стапуваат во сила бидејќи на референдум ќе бидат изјаснети, меѓутоа, квалитетот е овде што ќе имаме активна легитимација од самиот народ дека таква државна одлука треба да донесеме. Ова не е за на чешма, овде се одлучува за државата Македонија и народот треба сам да си каже свое мислење. Мислам дека тоа е обична логика.

СТОЈАН АНДОВ:

Тоа не е реплика, тоа е расправа.

Господине Црвенковски ако можете да ги разјаснете работите и да се престане со ова. Ова не е материјална расправа.

БРАНКО ЦРВЕНКОЦСКИ: '

Бидејќи мојата дискусија е изгледа пред се соопштението што го дадов предизвика цела низа реплики, бидејќи бев прозван од повеќето дискутанти кои реплицираа еве ја користам приликата да одговорам на забелешките на сите тие што реплицираа.

Прво, должен сум да му се извинам на пратеникот Тодор Петров. Јас во набројувањето кој не се потписници на соопштението навистина сосема случајно го заборавив независниот пратеник Тодор Петров и испуштив да кажам дека и тој не е потписник на сопштението, И тоа држи.

Инаку, ова што го кажав не е ниту мое размислување ниту мој заклучок, ниту мое соопштение, тоа јас го прочитав од кое стојат потписите на Социјал-демократскиот сојуз - Бранко Црвенковски, Реформски сили на Македонија-Либерална партија -Зоран Крстевски, ВМРО-ДП - Владимир Голубовски, ПДП-НДП -Ешреф Алиу,Социјалистичка партија - Киро Поповски, Странка на југословените - Ристо Келешов, ПЦЕР - Фаик Абди, независен пратеник Димитар Трпеновски, независен кандидат пратеник -Ефтим Манев.

Тие што веќе ги ставија потписите се согласија околу тоа да се оди на референдум за претходно изјаснување и се согласија и ставија потпис под ова сооштение. Јас тоа соопштение само го презентирав пред Парламентот и пред јавноста.

Инаку, да ви кажам ние на таа средба не влеговме во материјална расправа околу предлогот. Тоа значи дека тоа го

ставивме тогаш дури и потписниците на самото соопштение тие кои се усогласивме тоа значи ја оставивме можноста материјална расправа по самиот предлог по текстот по датумот на референдумот по прашањето шго е таму предложено да се одвива тогаш кога точката ќе дојде на дневен ред. Она аз што се усогласивме е тоа да сите долу потпишани стојат зад тој предлог и од денеска тоа не е предлог повеќе на Социјал-демократскиот сојуз на Маке-донија и на Реформските сили - Либерална партија туку на сите долу потпишани и за тоа добивме согласност од сите што го дадода своот потпис.

Инаку, дел од тоа што мислев да одговорам на репликите ми помогна пратеникот Стојановски и потпретседателот Киро Поповски така да нема потреба да го оптоварувам Парламентот повторно да разјаснувам околу тие работи.

СТОЈАН АНДОВ:

По првата точка за расправа се јавија уште Зоран Крстевски и Тито Петковски, па да ги слушнеме нив, во меѓувреме се јави и Јордан Бошков, но бидејќи имаме доста дискутанти да дадеме пауза оти е навистина многу жешко. Дали може така?

(Гласови на одобрување)

(Седницата прекина со работа во 18,35 часот)

По паузата од  18,35 до 19,35 часот.

СТОЈАН АНДОВ:

Продолжуваме со работа. Известен сум дека во салата има присутни 79 пратеници и можеме да работиме. За збор се јави Зоран Крстевски, го повикувам за дискусија.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Почитуван претседателе почитувани пратеници, јас би сакал да појдам од сваќањето на оваа точка на дневен ред што ја поставивме. За мене расправата по точката за политичко безбедностната состојба во Републиката и во земјата подразбира два аспекта.

Прво една потврда или оценка на политичката активност, ако саката и на државната активност што овој Парламент, па и Владата, претседателот на Републиката, членот на претседателството и другите функции на државата ги преземаат врз основа на докумен-тите, врз основа на плитиката и насоките кој овдека ги даваме.

И второ тоа се мерки и активности што ние ги сугерираме врз основа на проценката за политичко безбедносната состојба во овој момент. Нешто што доминира во оценката за досегашната политика кој овој Парламент и органите на Македонија ги водат е тоа да имаме едно постојано негирање на таа политика. Постојано се потенцира во дел од дискусиите и овде се протежираше дека Маке-донија нема ништо направено, народот затоа е апатичен, раководството е пасивно,  други ни ја кројат судбината, веќе сме во србославија итн.

Од друга страна просто се наметнува глорификација на че-корите и на активностите што ги преземаат другите. Од тука се поставува прашањето дали е тоа токму така? Бидејќи кога се предлагаа пооделни акти што личат на актите кои други ги преземаат,

тогаш нивната оценка е дека се тоа историски, дека се тие единстве-ни во овј момент итн. А зошто не се респектира нашиот избран пат, тоа е основното прашање кое овде'како пратеници постојано да си го поставуваме . Пред се јас мислам, затоа што со тоа постојано се сака да се докажува пророчанството а притоа се испушта од вид дека во тоа нема ништо друго туку копија други потези кои далеку-сежно не мора да вродат со плод по интересите на Македонија. Зошто не се свати дека во историскибт контекс во кој сега делува Македон-. ската држава, ние имаме можност прв пат, можеби по прв пат да се учиме на тугите грешки, бидејќи во политиката во која овдека ја темелиме врз основа на документите, сувереноста, декларацијата за сувереност, двете платформи итн. првенствена и основна задача ни беше мирен, демократски пат и развиток на односите и во Македонија и во Југославија. Ако е тоа така, тогаш треба и навистина да се споредуваме со оние кои ни претставуваат идеал, и во формално правниот статус, во фактичката состојба и сувереност што се постиг-нува и меѓународниот статус. Во формално правниот статус , ние со донесувањето на неколку круцијални документи воопшто не заостануваме на планот на остварувањето на самобитноста на нашата државност. И Декларацијата за сувереност и платформата за преговорите во Југославија и Платформата Глигоров- Изедбеговиќ се добра основа на која понатаму сакаме државотворноста на Македонија да ја градиме.

Сега одиме понатаму. Едната фаза е уставот на Република Македонија, а сега како иницијатива е дадена и претходен референдум за изјаснување на граѓаните на Македонија за најкруцијалното пра-шање, за прашањето за самостојност и нејзиното здружување во ССД.

Што се однесува до фактичката сувереност, навистина се поставува прашање кој е посуферен во овој момент во Југославија.

Дали Македонија која ја контролира целата територија своја, или пак да речеме Хрватска на која половина од територијата и е блокирана. Дали Македонија која им гарантира мир на секој граѓанин или Хрватска и Словенија која секој саат одат во скривници и кои преку печатот, тој затворен информативно пропаганден механизам постојано ги држи во тензија граѓаните. Дали сме ние посуверени или Хрватска или Словенија, кога на меѓународен план нашиот прет-седател е почитуван, кога пла-Гформата што тој ја предложи со Изедбеговиќ е основа на Европската заедница за можните опции, за расчистување на кризата во Југославија. Тоа е едно фактичко прашање што ние треба да го разгледаме.

Во однос на партиите овде. Јас незнам зошто постојано се сака од контекст на документите што овдека ги гласаме, да се извлечат партиите по однос на пооделни прашања. Во секој наш документ изгласан овде, стои вградената волја на политичките партии што се овде. И оттука мислам дека, ако веќе го бараме тој меѓу-партиски и меѓунационален консензус, мораме да поѓаме од тоа што еднаш веке како Парламент како политички партии сме се изјасниле. Тука е прашањето дека сме против останување во било каква реду-цирана федерација тука се прашањата за можниот расплет ако неможе по мирен и по демократски пат да дојде до преговори, тука се па-шањата за меѓународниот статус на Македонија, во евентуална таква разврска.

Она што овде е тема на денешната расправа, а еден добар дел од дискутантите тоа го поставија е прашањето на војна и мир во Југославија и можните реперкусии од еден етнички судир, меѓу-национален или граѓанска војна помеѓу Србија и Хрватска и тие репер-кусии што би се однесувале на Македонија. Отука ние треба да направиме проценка дали досегашните активности што ги преземаме на тој

план овозможуваат практично ние да не бидеме вклучен во таа можна војна. Така да, покрај оние фронтови што внатре си ги отвараме како меѓупартиски, ние мораме да_ процениме кои сеуште фронтови, ако се отворат 'и на македонската територија би значеле илволдирање на Македонија во таа војна.

Тука сигурно како прво е прашањето и односот на ЈНА. Мислам дека е во интерес на Македонија ЈНА да остане стабилна на овој начин во онаа смисла во која Тупурковски говореше и дека најмалку во интерес на Македонија да дојде до одредена провокација на ЈНА да дојде до нејзино излегување на улиците и до создавање на една војна ситуација во Македонија.

Отука се наметнува прашашето кои се првостепените задачи во овој момент на нас овде во Парламентот. Пред се, тоа е секако преземање на ефикасни мерки за да се спречи натамошната хаотична состојба во Југославија, да се спречи евентуално судирот, војниот судир кој може да биде поголеми размери. Оттука треба да ги цениме сите активности кои ги презема и претседателот на Републиката, Владата на Македонија, Советот за народна одбрана и ако имаме одредени сугестии и како уште повеќе да направиме брана за заштита на животитет, имтотите итн. на нашите граѓани . Спрема тоа, тоа на позитивен начин постојано да го сугерираме.

Второто прашање што е важно за Македонија е сигурно, покрај изборот за мир е изборот на демократски патишта за сочувување на македонското општество . За мене во овој момент прашањето на избор помеѓу милитантната варијанта која значи во услови кога и стопан-ството е во одреден колапс, во услови кога тековите на стопанството на југословенскиот простор се успорени, изостанува помошта од стран-ство, навистина незнам која е логиката ние да преземаме активности

кои би значеле милитиаризација на македонското општество. Ние треба да ги расчистиме сигурно односите овде се изнесе една констатиација околу то. Дајте тоа прашање да го поставиме и да расчистиме, во чија надлежност е то , кој командува со то и која е снагата на внатрешното организирање на Македонија.

Натамошното прашање сигурно е интернационализацијата на сите овие проблеми. Во таа смисла мислам дека една активна мирољубива политика и досега ја води македонското раководство нема да биде на штета ниту на интересите на македонскиот народ и гра-ганите на Македонија, ниту на интересите на другите народи и граѓани во Југославија.

СТОЈАН АНДОВ:

Збор побара госпоѓа Лазаровска.

БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА:

Во својот говор господинот Крстевски кажа дека се паушални обвинувањата некојпат на луѓето што раководат моментално со Маке-донија и дека се сувишни сомневањата во нивната работа, дека македонскиот народ е несигурен и дека македонскиот народ незнае што треба да му се понуди, допринесуваат и многуте изјави на нашите раководители. Еве на пример ќе го именувам господинот Стојан Андов кој што во "Пулс" од 11.07.1991 година, напомна дека големите сили никако не би можеле да ја бранат Македонија која што има само 1,5 милиони жители во однос на останатите држави кој што претставуваат опасност за Македонија, кои што се помногубројни од нас. Ме загрижува една таква изјава, која што значи сопирање на интернационализацијата на прашањето на Македонија .

СТОЈАН АНДОВ:

Молам, јас само реплика на репликава.

Инаку моето интервју во "Пулс", е дел од интервјуто што го дадов за "Пулс" и за Радио Скопје од еден саат време и 46 чукани страници. Јас таму изведов една теза со која може некој да се сло-жува или да не се сложува и тоа не е работа на Собранието, туку е на "Пулс" и на госпоѓата Лазаревска која може да пишува во "Пулс" за тоа, ако има поинакво мислење. Само, бидејќи она овде го спомна тоа, јас ќе кажам дека јас изведов теза дека Македонија е јака со својата демократија, демократска ориентација, отвореност и потпи-рање на цивилизациските остварувања во Европа и нивна промоција овде на Балканот, и по она би била привлечна и никој не би се осудил, ниту да ја нападне, а повеќе би била и бранета. Ако оста-неме само на голите интереси на големите сили, дали ќе бидфат за Македонија и интересите на Македонија, или за интересите кои што тие ги имаат во другите соседни земји, сигурно биланско ќе одлучи за тоа. Ако на друг начин размислува госпоѓа Лазаревска нека напише во "Пулс". А овде не би препорачал да расправаме за тоа. Јас тогаш не се обрати на Собранието, туку на "Пулс" и на читателите.

Молам, ако сакате за тоа да отвориме расправа, се сложувам. Дајте да видиме.(пратениците реагираат на различни начини) инаку реплики не водиме и не е возможно. Ниедна реченица понатаму. Не! ако саката или пишувајте во "Пулс" или да отвориме расправа за тоа што пишува "Пулс".

Молам кој е за тоа .

(се пријавува Ратка Димитрова, меѓутоа не и се дава збор за реплика). Потоа се утврди дека бара збор за реплика на дискусијата на Крстевски и беше даден збор.

РАТКА ДИМИТРОВА:

Бидејќи е во рамките на излагањето и на тврдењето на господин Крстевски, сакам да додадам и ова што ми лежи многу одамна на срце. Јас прочитав во Нова Македонија од говор на наш челник, врвен дека македонскиот народ последен треба да помисли на своето осамостојување. Тоа е ширење на тежок дефектизам кое што не смее да си го дозволи еден претседател на Собрание. Тоа беше во Македонија...

(пратениците реагираат и во салата се слуша мешаница на разни гласови)

СТОЈАН АНДОВ:

Значи ве молам со подвали се служи госпоѓа Димитрова. Рече има реплика на Зоран Крстевски, (се слушаат ракоплескања од пгатениците, а председателот Стојан Андов се смее), а дојде овде да зборува за нешто сосема друго. И "Нова Македонија" е за неа отворена и може да каже се. Јас можам да објаснам што сум рекол точно во "Нова Македонија", што сум мислел и што пишува таму. Мислам дека ова се неодбранливи потези на пратениците од ВМРО -ДПМНЕ. Неможат да ги бранат никако со Деловникот. А мене не ми смета, молам сигур-но, тоа што сум го рекол е објавено и зад тоа стојам. А вакви ситни испади зборуваат за методот кој што го применуваат некои луѓе овде, во Парламентот.

Молам има збор Тито Петковски.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Почитувани пратеници, сосема е природно да се разликуваме и за овие прашања по кои денеска расправаме, бидејќи и за нив во предизборната активност имамвме сосема спротивни гледања, и такви програмски ориентации. Мислам, кога разговараме за ова

суптилно прашање многу е битно да разговараме со силата на аргументите а не со аргументот на сила. Денеска кога се прават исклучи-телни напори некако да се нормализира ситуацијата во земјата да добие примат мирот над сите завојувани методи, односно воинствени методи во Југославија, мислам дека е нејсвојствено денес и од оваа трибина да се залагаме пак за методи кои веќе ги надминуваат и другите делови на Републиката, на земјата во целина.

Слушнавме дека единствен начин за излез од кризата и југо-словенската разврска, може да биде ако и Македонија се подготвува за војна, ако во Македонија се формираат единици односно врши обука за изненадување на Македонија било од која страна. Сакам да кажам дека една таква политика недобива потврда ниту денес во Југославија. А дека сувереноста исто така прозвучи од оваа трибина сувереноста на Македонија мора да се брани уште сега со подготовка на Македонија со војни средства да ја брани таа сувереност во услови кога во другите краишта кои што наметнаа таква политика на разрешувањето на мегунационалните сукоби, денеска веќе имаме свртување во сосема друга насока.

ТИТО ПЕТКОВСКИ: (продолжение)

Јас ќе го злоупотребам вашето трпение, само за една реченица од она што Вие го имате овде од информативниот билтен, што кажува "Загребачки Вјесник" а што е "Загребачки вјесник" веројатно знаете, тоа е чисто државен весник над кој целосна контрола има Хрватската Влада.

Денес под наслов "Силата на мирот" вели: "Дали граѓаните на Хрватска сите до еден треба да се дигнат во вооружена одбрана на својата татковина, или пак треба одлучно да се спротивстават на настојувашето на хрватскиот претседател Фрањо Туцман и на Хрватската Влада , кои се обидуваат Хрватска со конзервативни политички решенија да дојде до целосен граѓански мир", пишува Вјесник. И накрајот до крај ја поддржува тезата односно курсот ориентацијата на Македонија за мирно решавање на југословенската криза. Мирот е незаменлив, а за Македонија гаранција и потврда е курсот на Македонија во светот и она што го стекна Македонија со Брионската Декларација,ниедна земја не може по таков краток пат без широка дипломатска активност да го добие. Стои во Брионската Декларација се спомнува името на Македонија и Европската економска заедница најсилно го пот-врдува исправниот курс, а ако сакате и признавањето на Македонија, Јас не гледам ниту еден елемент, никој вечерва не спомна и денеска, еден елемент за поголема сувереност на Словенија и Хрватска од Македонија, применувајќи ги оние средства што ги применија Словенија и Хрватска.

И сум сигурен дека таа меѓународна заедница односно тие држави кои денес на овој метод на повисок степен на самостој-ност, да повторам,јас тврдам дека Македонија е суверена држава уште од АСНОМ, станува збор само за повисок степен на самостојност бидејќи определени елементи од нашата сувереност се пренесени на Сојузната држава. Тврдам дека тие Европски земји и светски кои го поддржуваат начинот на разрешувањето на кризата во Словенија и Хрватска, ако ги признаат нема да имаат ниту еден елемент да не ја признаат утре и Македонија. Ако кажува дека треба да се почитува волјата на словенечкиот и хрватскиот народ, не гледам причина да не ја почитуваат волјата и на македонскиот народ. Утре, бидејќи за тоа сите разговараме, ќе се определи на кој начин ќе излезе од оваа криза македонскиот народ. Впрочем тие следните точки се во таа насока. Според тоа ние овде се разли-куваме во два приода. Едниот приод е, дали да тргнеме по патот на оние за кои веќе говореше и д-р Трпеновски, методи и начини во Југославија присутни, со војна да бараме повисок степен на самостојност на Македонија, или да одиме по мирен пат. Ние се определуваме за вториот, а со ништо нема со својата сувереност да заостанеме зад Словенија и Хрватска. Од аргументите што ги реков пред малку, нема Европска заедница ниту држава во светот која ќе има еден третман како Хрватска и Словенија, сосема друг третман кон волјата на македонскиот народ ако пледираат на таа волја.

Второ што сакам да кажам, овде некој конотации има околу улогата на ЈНА и оценката за армијата. Веројатно тоа е едно од клучните прашања по кои исто така сме поделени. Јас нејќам ништо да додадам од она што беше речено од неколку пратеници од Социјал-демократскиот сојуз. Само сакам да го кажам

следново: Ние немаме ниту еден елемент во Македонија, барем до сега, а ни денес, ЈНА да ја карактеризираме и оценуваме како окупаторска. Не сакам да ја гледам ЈНА низ призмата на поедини милитантни генерали или безумни официри кои што настапуваат од националшовинистички аспекти таму. Говорам за функцијата и до-сегашното држење на ЈНА во Македонија. Ако сакате да одиме и дотаму, па можеме да го провериме мислењето на луѓето, располо-женцето , дали ја чувствуваат ЈНА во овој изминат период, што се таа дала како окупаторска армија? Мислам дека, затоа и на почетокот почнав со тоа, треба да разговараме со силата на аргу-ментите, дури тогаш ќе бидеме најдобро сватени. И трето што сакам да кажам, она што бидејќи разговараме за политичко-безбед-носната ситуација во земјата. Мислам дека треба да разговараме за сите проблеми кои можат да ги вознемируваат граѓаните , а кои што не се на соодветен начин објаснети и можат секаква интер-претација да доживеат. Управо она што го рече Црвенковски околу информацијата и повикот на Црномаров во Битола, да не се одази-ваат на мобилизацијата во единиците на ЈНА, туку ако е потребно во единиците на народната милиција, мора да каже Владата бидејќи беше од две партии прозвана Владата да го формира својот став кон ова. Јас го молам и денеска министерот за внатрешни работи да каже. Дали има после тој повик во Битола во милицијата регрутирани поединци, доброволци на повикот од потпретседателот на ВМРО-ДПМНЕ од Битола.

(од место одговара министерот "НЕ")

Ве молам тоа да прозвучи , за да јавноста биде сосема јасно информирана.

МИХАИЛ ПАНОВСКИ:

Очигледно дека другарот Тито е редовен бранител на армијата. Не смее тука да ја нападне кај нас. Јас лично армијата југословенска во Македонија не ја сакам како окупаторска, морам да го признаам тоа. Но, ми сметаат некои работи што таа ги врши кај нас. Како формирањето на партијата СКДЈ, како моби-лизацијата што ја врши, па ги носи нашите деца во Ниш, во Врање, ги испраќа во Хрватска во Словенија, како ги запира нашите новинари кои се враќаат од својата службена задача од Крива Паланка, им ги одзима касетите снимени итн. Но не би сакал да навлегувам во некаква дискусија во врска со армијата.

Ви се осврнал во врска со како што кажа дискутантот за пишувањата на "Вјесник" и ставот на Европа за признавањето на Македонија. Како пишува "Вјесник" претпоставувам дека има влијание и ХДЗ како влијателна партија таму, но , јас би се задржал повеќе на Европа и на признавањето. Ние мораме да се учиме од историјата и односот што го имала Европа во текот на историјата во однос на Македонското прашање. Сите многу добро знаеме, дека со помош на таа иста Европа е распарчена нашата Македонија на три дела. И јас лично сум длабоко уверен дека Европа нас пак ќе ни го заврти грбот, ако дојдеме во ситуација да ја молиме Европа за некое признавање. Секој има право да мисли како што сака. Јас излегов да Ви покажам нешто како Европа гледа на Македонија, а во склоп на излагањето на претходниот дискутант. (покажува весник кон пратениците). Ова е насловната страна на весникот "Република" новиот дневен весник и тука многу добро се дава , објавени се карти кои што ги издал во последниот број Француското весник "Куриер интернационал" кој дава преглед

на светскиот печат што излегува во Париз. Кога ќе ги погледнете овие карти , многу убаво ќе ви стане јасно, што мисли Европа за Македонија и- како убаво си ја парчи Македонија Европа. Толку за Европа.

НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:

Само за две работи во врска со дискусијата на господин Пановски. Прво за односот на Европа према Македонија и второ потпрашањето за рекламирањето на весникот кој го гледаме првпат "Република" што е крстен како независен весник.

Точно е тоа дека Европскиот однос према Македонија во историјата бил длабоко неправеден. И тоа се историски факти што никој не може да ги порекне и тие ќе останат запишани длабоко во историјата. Но, точно е и тоа дека сега зборуваме за една сосема друга Европа и за една сосема друга Македонија во поинакви услови. И ние колку сакаме да негираме и да бараме на други простори првенствени пријатели коресподенти итн., точно историски е дека Македонија е дел од Европската култура и цивилизација и тоа одамна. И колку да се затвораат граници, бариери итн., Македонија мора да кореспондира првенството со Европа и Европа спрема Македонија. Ова сакам да го ставам и од причини што во некои дневни весници, неделни, периодични списанија деновиве од одредени национални лидери беше сугерирано дека единствената врска и разврска Македонија треба Да ја бара под капата на Америка и Канада, како најцивилизирани земји. Таму во кореспо-денцијата во споредбата со Европа и Америка.

И второто прашање , лично да кажам дека сум суетен што само пратениците на ВМРО-ДПМНЕ во овие пратенички клупи пред пола саат 'го имаат еве новиот^ весник "Република" кој е наречен независен, и дека за жал ние другите само можеме од нив да го позајмиме и да го погледнеме.

Благодарам.

МИХАИЛ ПАНОВСКИ:

Јас не знам како личеше моето излагање, ама верувајте ми воопшто немав намера да рекламирам весници, ова најенергично го отфрлувам ова ваше тврдење. А весникот го земав во бифето каде што го делеа. А на кого ги делеа, јас не знам дали ви дале или не ви дале.

СТОИЛЕ СТОЈКОВ:

Кога треба да се постигне некое смирување во Собрани-ето, некој консензус, се јавуваат некои господа како да ги на-речам, што ќе направат една тензија и ние од ВМРО-ДПМНЕ, повре-дени по три-четворица ќе станеме да реплицираме. Тоа е очигледно, дали е со намера или не, заклучете сами. Нафрлањето дека некоја партија заговара војна, дека не е за мирно разрешување на југословенската криза, е чиста илузија. Па ние колку пати од ова Собрание, од оваа говорница кажавме дека сме за мирно разрешување. Но, некој факти мора да ни бидат јасни. Затоа што господинот Петковски се послужи со цитати од билтенов, ќе се послужам и јас, ќе си земам за право тоа. Српските герилци во многу случаи со помош на ЈНА ја натераа на повлекување главно неорганизираната и слабо подучена хрватска национална гарда и освоија одредени села

и градови, навестувајќи движење кон Загреб. Забележува "Ројтер". Агенцијата го наведува мислењето на западните дипломати, дека тие ја составуваат картата на границата на голема Србија, која би настанала од остатокот на Југославија и би вклучила области од Хрватска што се населени со српско население. Мислам дека на една ваква агенција како што е "Ројтер" еден голем известувач мора да си признаеме, кој се занимава со новинарство и кој чита доста весници, дека тие се врвни луѓе од оваа категорија. Благодарам.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Ве молам, добро е да се разбереме јасно. Јас овде употребив пример од денешен напис во еден весник, како илустрација, поткрепа на мојата теза. Како денес во Југославија се разрешуваат прашањата. Со ниеден момент јас не оправдав ниту српска хегемонистичка политика, бидејќи од оваа говорница сум рекол: За Македонија не одговара ниту националшовинистичка позиција, односно погледи и постапки при решавањето на југословенската криза на Словенија и Хрватска, ниту хегемонистичката политика на српското раководство. Според тоа немојте да ми импутирате нешто што никогаш не било својствено на мене.

ЈОРДАН БОШКОВ:

Дами и господа, за актуелната политичко безбедосна состојба говориме по втор или трет пат. Пред неполн месец дра-матичното заострување на состојбите во нашиот крај, во Република Македонија, наликуваше на проколнување изречено од зли усти. Но денес веќе сме соочени со подметнување бомби, некои воено лики формации наводно кружат по селата и планините, земјите од опкружувањето на Македонија не се стегаат да кажат дека не се индиферентни кон развојот на настаните кај нас.

Јас стекнувам или имам увид дека мирот е нарушен, мирот кај нас е веќе нарушен, а воедно македонските државници не улулкуваат со кованиците во стилот дека кај нас оаза на мирот и ќе треба да бориме да ја запазиме. Од друга пак, партиските раководства не најдоа начин да ги надминат предизборните јазови, инаку потреби за обликување политички платформи. Сеуште се оперира во меѓупартиските надитруваша со поими и предожби кои обострано водат кон дисквилификација и елиминација на противниците декларирајќи за другите партии, односно партиите од другиот табор дека нивната политика божем безусловно води кон рушење на македонската државност. Јас сметам дека ваквиот политички маркетинг, кој во поголема мерка личи на агипропот, најблаго речено е несериозен , како партии со удел во македонското зако-нодавство. Имаме убава можност но и обврска да изградиме државно носечки консензус, веќе за следните точки од усвоениот дневен ред да прекратиме со огинот, и со сите вербални орудија. Исто така, се залагам за Балкан без граници. Европа ќе мора да ја пречекаме, или пак таа нас. Но, во обединет Балкан, Македонија ќе ја фаворизира својата централна положба. Воедно секој граѓанин ќе може да се чувствува свој на сета територија на полуостровот, кој сепак треба нам да ни е и драг и мил , онаков комплетен колкав што е на картата. Смирувањето на ситуацијата во Југославија без истовремено рушење на кинеските ѕидини на Балканот. Некои често пати говорат за Берлински ѕид., мое видување е дека овде на Балканот немаме Берлински ѕид, ние имаме некои многу полош ѕид, поточно Балкански ѕидини. Берлинскиот ѕид одвојуваше или претставуваше разграничување на идеологии. А, овде на Балканот се разграничуваат за жал цивилизации ....

ЈОРДАН БОШКОВ: (продолжение)

...... слабо фајде за Македонија на економски, политички и воен план. Граѓаните мислам нејзини, и натаму ќе живуркаат на гранките со најнизок стандард во ЈУ просторите. Но, за да се рушат Балканските ѕидини потребни се и наши усилби. Нив ги разврстувам на внатрешно и надворешно политички план.

Во првиот спаѓаат низа капитални акти, одлуки и закони. Пред се новиот Устав, осамостојувањето вклучително уставен закон и референдум, регулативата за локалната само-управа и управа, заживување на пазарното стопанство со берза и реално слободно претприемништво, поттикнување на инвестици-онен развоен циклус и редица други чекори. Но чекори мора да се чинат и на надворешно политички план во што спаѓаат: интензивни консултации со претставници на Балканските држави кај нас и кај нив, олеснување на меѓучовечките контакти, размената на услуги и стоки па и информативни гласила, отворање претс-тавништва во Скопје на заинтересирани земји на овој свет врз реципрочно начело, жива дипломатска активност ширум Европа и светот па се до Обединетите нации.

Рушењето на Балканските ѕидини претставуваат поширок интерес. Денес се води субранационална политика во многу домени. Тука мислам на екологијата, просторното планирање, тука се пред се комуникациите, но не само оние патишта, тука е и теле-фонијата, тука е и морскиот пат и речната пловидба. Јас ќе си дозволам една мала екстраполација имено, трите големи пристаништа Марсеј, Барцелона и Џенова, увидоа дека се мали или барем се

помали во споредба со Амстердам, Лондон и Хамбруг и имаат проект, според кој, ако успеат да го остварат и тие три луки ќе имаат поголем бруто регистерски тони, поголем износ на бруто регистерски тони, отколку северните три пристаништа. Но за да се конкретизира таа политика, сепак е потребно и законодавството во сите тие три држави кои не се ни така мали, Шпанија, Франција и Италија да. нешто обединат. А ние упорно некако заговараме еднонационална обоеност и велиме дека околното соседство нас не негира или не би сакало со нас да соработува. Јас лично сметам дека ниедна политичка платформа не може да биде градена во нашето соседство без да се обидат тамошните партии да не интегрираат и нас во оваа размена. Така да преголем страв не гледам од нив.

На крај би сакал да запрашам дали вечерва господине претседател ќе носиме заклучоци, или тоа ќе го оставиме за утре? Тоа е првото, а второто, јас лично сметам дека и секој донесен заклучок е надминлив со нов и може да се сторнира. Оти често пати слушаме тука Собранието веќе донело тоа , тоа и тоа. Но на веков се тече, се е менливо, така да мислам и нашите заклучоци не се од фиксен карактер.

СТОЈАН АНДОВ

Господинот Бошков, постави едно прашање многу значајно, прашање кое навлегува во тоа како ќе продолжиме и како ќе завршиме.

Сакам да Ве известам дека има уште четворица пријавени дискутанти, а при тоа ние би сакале да го чуеме и ... Јас би рекол околу заклучувањето, мислев дека ќе го чуеме и претседателот на Републиката во расправата околу заклучувањето.

Мислам оти ќе направиме многу трошок за малку корист, ако одиме на некои нови заклучоци. Мислам од оваа расправа треба -да произлезе договорот за оние две точки кои треба ние на некој начин расчистиме. Затоа предлагам да денес ние ја завршиме расправата и оваа точка со тоа заврши. А да продолжиме во понеделник, во 12,00 часот. Еве зошто, предлагам да пратеничките групи на ниво на координатори уште еднаш се обидат да дојдат до согласност и до консензус, околу тоа како ќе ги превазидиме разликите по втората и третата точка, а да овозможат на Уставната комисија и Законодавно-правната комисија да работи од 9,00 часот едната, а другата од 10,30 часот во понеделник. Да би стигнале во 12,00 да имаме седница. Ве молам, дали се согласувате со таков предлог?

Се согласувате. Уште Ханџиски сака нешто да додаде.

БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:

Во врска со пред малце постигнатиот договор а во функција на успешно завршување на втората и третата точка од продолженијата на Дваесеттата седница на Парламентот, парламентарните партии ВМРО-ДПМНЕ, Социјал-демократскиот сојуз, Рефор-мските сили-Либерална партија, Социјалистичката партија, ВМРО-Демократска партија, Партијата на Југословените, ПЦЕР, ПДП, НДП, и независните пратеници Ефтим Манев , Димитрија Трпеновски и Тодор Петров, постигнаа согласност со оглед на Илинденските празници и чествувашата по повод Иоинденските празници дека единствено е можно договорот што го постигнавме да се одржи средба со вонпарламентарните партии по предложените документи кои што треба да ги донесеме во понеделник да се одржи утри на 1 август, изгледа судбина е на Македонскиот народ, најкрупните

ќ.У|-тИ><ММ1ЈмЃ?Јт1М|Гќ. *.■ и.:^7ПЈа"аѓќ.

одлуки да се носат во првите денови на август, значи утре на 1 август во 14,00 часот во зградата на Социјал-демократскиот сојуз. Уште еднаш ги повикуваме сихе вонпарламентарни партии кои што учествуваа во изборите и зад кои што застанаа сите 83 посто на избирачите кои што излегоа на изборите.

Благодарам.

ВЕЦКО ЛИЧОСКИ:

Се извинувам што вака станувам и треба да кажам неколку збора во однос на договорите што треба да се однесуваат за оние две точки кои што се клучни точки за македонскиот народ и Македонија.

Ова што ќе го предложам сега јас, сметам дека е предлог кој што треба да го имаат во предвид најодговорните фактори кај нас во Републиката. И сметам дека и било што да се предлага, и било каков предлог друг да има меѓу партиите ние не можеме да дојдеме апсолутно до одредено прашаље.

Кога ние во овие четири дена не најдовме засходно да најдиме јазик, да најдеме начин да го решиме тој проблем и да донесеме конструктивни решенија. За да можеме тоа да го сториме јас мислам дека раководителите најодговорните луѓе кој што се тоа би требало да го решат. Затоа што, велам дека тие влегуваат во историјата покрај нас парламентарците и за нив ќе се пишува историјата дали ќе биде позитивна или негативна. Ако сметаме дека овој Парламент треба да го реши тој проблем, меѓутоа, и Черчил бил парламентарец, меѓутоа, Черчил останал Черчил.

Еве каков е предлогот.

Предлагам да се повикаат најодговорните во Републиката господинот претседател на Републиката, господинот претседател на Владата и господинот член на Претседателството на Југославија и ги соберат сите оние кои се стручни за формулација на стварното прашање, кое ќе влезе претходно во Уставниот закон, кој под итно да се донесе од страна на Владата и да се така формулира прашањето кое што нема да биде изманипулирано, и ќе биде прикладно и . прифатливо од страна на целокупниот народ на Македонија и на референдумот ќе биде изгласано од целиот народ.

Благодарам.

СТОЈАН АНДОВ:

Добро, предлози може да се дадат на групите уште кој што треба да дадат.

Да се договориме, дали овие четворица навистина има" да кажат нешто што не е кажано.

Нема.

Сакам во име на Претседателството на Собранието на сите пратеници да им го честитам големиот празник на Македонскиот народ и на нашатз Рспублика и на сите граѓани Илинден.

(голем аплауз во салата).

Нека ни е среќен овој празник и весело да го славиме. (седницата заврши во 20,15 часот).